# ТЕМИТЕ ВО ЕВАНГЕЛИЕТО СПОРЕД ЈОВАН

БИБЛИСКА ДОКТРИНА
октомври, ноември, декември 2024

**ТЕМИТЕ ВО ЕВАНГЕЛИЕТО СПОРЕД ЈОВАН**

Автор: Е. Едвард Зинке и Томас Шепард

Број 4/2024

**Поуки од Библијата - издание за возрасни**

Поуки од Библијата - изданието за возрасни го подготвува Одделението за црковна служба при Генералната конференција на адвентистите на седмиот ден.

Поуките се подготвени под надзор на проширениот одбор за саботношколска поука чиишто членови се консултативни уредници. Печатената библиска поука е придонес на одборот и затоа не мора секогаш да се бара дозвола од писателот.

*Издава:*
**АИК „Знаци на времето“**
Одделение за саботна школа

*Превод и техничка подготовка:*
**Мелита Томовска**

*Одговара:*
**Илија Киров**

*За издавачот:*
**Михајло Гурев**

**За интерна употреба**

СОДРЖИНА:

1. Знаци кои го покажуваат патот ............................................ 7

2. Показатели на Божеството ................................................. 14

3. Сторијата во заднина: Пролог ............................................ 21

4. Сведоци за Христа како Месија .......................................... 28

5. Сведочењето на Самарјаните ............................................. 35

6. Уште сведоштва за Исуса .................................................. 42

7. Блажени се оние кои веруваат ............................................ 49

8. Исполнување на старозаветните сведоштва ........................ 56

9. Извор на животот .............................................................. 63

10. Патот, Вистината и Животот ............................................. 70

11. Отецот, Синот и Духот ...................................................... 77

12. Час на славата – крстот и воскресението ............................ 84

13. Епилог: Да го познаваме Исуса и Неговата Реч .................... 91

**Додаток**

Утрински стихови – октомври ................................................ 98

Утрински стихови – ноември ................................................... 99

Утрински стихови – декември ................................................. 100

Секојдневно читање на Библијата ........................................... 102

Текстови за вечерно богослужение ......................................... 103

Табели за почеток на саботата во Македонија ........................... 104

# ТЕМИТЕ ВО ЕВАНГЕЛИЕТО СПОРЕД ЈОВАН



Персиски килим изложен во една продавница во Техеран, главниот град на Иран, прикажувал стара шума. Одлично изработен, тој всушност реконструирал еден швајцарски пејзаж: планини, водопад, тиркизно езеро, шумовити падини и пространо сино небо прошарано со облаци.

Секој што ќе влезел во таа продавница можел да помине извесно време забележувајќи ги многубројните детали на него, како што се: бројот на јазли по квадратен сантиметар, ткаењето на килимите, видот на употребените бои – сите ситници што довеле до тоа тој да изгледа така.

Или би можел да се сосредоточи на интресните техники и мотиви кои му ја давале на килимот неговата својствена убавина: небо кое се огледува во езерото, снег на планинските врвови, зелена шума надополнета со темнозелена мов. Мотивите (или темите) на килимите меѓусебно се комбинирани во една вешто усогласена целина за да ја доловат убавината на тоа спокојно место на Алпите.

Ова тримесечје ќе проучуваме уште едно фино изработено ремек-дело. Тоа не настанало како резултат на потези со четка на платно, фина обработка на фотографија ниту вешто ткаење ќилими. Тоа е, всушност, Божјата реч, вешто изразена во Евангелието според Јован.

Зборовите имаат значење во самиот нивен контекст. За да може некој да разбере што има намера да каже Светото писмо, тој мора да го проучува во контекст – блиски изрази, поглавја и пасуси, па дури и севкупната порака на самата Библија. На крајот на краиштата, бидејќи целата Библија е вдахновена од Светиот Дух, секој нејзин дел треба да се проучува во контекст на целината.

Нашата намера ова тримесечје е да ја разбереме пораката на Јовановото евангелие. Тоа евангелие е единствено меѓу четирите евангелија и често го насочува вниманието на лични разговори меѓу Исуса и само една или две личности – како што се Натанаил, Никодим, жената кај бунарот,

беспомошниот човек во бањата Витезда, човекот слеп од раѓање, Лазар и неговите сестри Пилат, Петар и Тома. Многу од овие стории се појавуваат само во Евангелието според Јован.

Евангелието според Јован е Божја Реч која ни е пренесена преку апостолите. Како што е случај со целата Библија, ова Евангелие дошло до нас по Божја волја, а не по човечка волја. Јован бил само доброволно орудие, што го употребил Светиот Дух за да ни приближи многу пресудно важни теми, како што се: Словото (логос), светлина, леб, вода, Светиот Дух, единство, знаци, сведоштво и пророштво. Овие теми меѓусебно дополнително се нагласуваат и една со друга се расветлуваат низ целото Евангелие.

Проучувањето на Библијата често е концентрирано на значењето на некој поединечен збор или на мал исечок од Светото писмо. Го проучуваме значењето на зборовите со помош на библиски речник. Ја испитуваме граматиката, непосредниот контекст, историскиот контекст и – да ја искористиме аналогијата со килимот – стануваме преокупирани со бројот на јазли по квадратен сантиметар, ткаењето, боите, подлогата. И сите тие детали се навистина важни.

Но, додека ги испитуваме деталите, да не дозволиме да ја изгубиме од вид целината. Затоа што, навистина, како што персискиот килим може да „пренесе“ некого до едно убаво место на Алпите, така и Евангелието според Јован може да нè врати назад, во времето на животот и службата на Исуса Христа, кого да Го познаваме значи да имаме вечен живот. Деталите имаат своја улога, а тоа е да нè водат кон поширокаата слика, а во Евангелието според Јован таа поширока слика е божествено вдахновеното откровение на Исус, нашиот Господ и Спасител.

*Е. Едвард Зинке, поранешен помошник на директорот на Институтот за библиски истражувања при Генералната конференција на адвентистите на седмиот ден, е вклучен во многу црковни активности и одбори. Меѓу другото, тој е потпретседател на Одборот за наследството на Елена Г. Вајт и виш советник во рамки на Службата на Адвентистички преглед. Има три почесни докторати од адвентистички универзитети. Живее во Мериленд.*

*Д-р Томас Шепард е виш научен соработник и професор по Нов Завет на адвентистичкиот Теолошки факултет при универзитетот Ендрјус, каде што предава од 2008 година. Тој и неговата сопруга, д-р Шери Шеперд, служеле како мисионери во Малави, Африка и Бразил. Имаат две возрасни деца и шест внуци.*

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Лекција 1**
**Од 28 септември до 4 октомври 2024**

# ЗНАЦИ КОИ ГО ПОКАЖУВААТ ПАТОТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Јован 2,1-11; Јован 4,46-54; Јован 5,1-16; Марко 3,22.23; Матеј 12,9-14; Јован 5,16-47.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И многу други чуда направи Исус пред учениците, кои не се запишани во книгава; а овие се запишани, за да верувате дека Исус е Христос, Божји Син, и верувајќи да имате живот во Негово име“ (Јован 20,30.31).**

Зошто Јован го напишал своето Евангелие? Дали сакал да ги истакне Исусовите чуда? Или да нагласи некои Негови посебни учења? Од која причина го напишал тоа што го напишал?

Под силата и влијанието на Светиот Дух, Јован објаснува зошто го направил тоа. Тој вели дека сториите што ги наведува, иако можело да се напише многу повеќе за Христовиот живот (Јован 21,25), биле избрани токму за тоа „да верувате дека Исус е Христос, Божји Син, и верувајќи да имате живот во Негово име” (Јован 20,31).

Оваа седмица ќе разгледаме некои од првите чуда на Исус опишани во Евангелието според Јован – од претворање на водата во вино на една свадба, па обновувањето на здравјето на нечиј многу болен син, до исцелување на човекот во бањата Витезда.

Јован овие чуда ги нарекува „знаци“. Тој не мисли на нешто како сообраќајни знаци, туку на чудесни настани кои укажуваат на една повозвишена реалност – на Исуса како Месија. Во сите овие извештаи гледаме примери на луѓе кои му возвратиле со вера. А нивниот пример нè повикува и ние да го сториме истото.

## СВАДБАТА ВО КАНА

**Прочитајте го текстот Јован 2,1-11. Кој знак го направил Исус во Кана и како тоа им помогнало на Неговите ученици да поверуваат во Него?**

---

---

Тоа што виделе како Исус прави чудо претворајќи ја водата во вино, дало доказ во прилог на одлуката на учениците да го следат Исуса. Зар тој моќен знак не укажувал на Него како на некој кој е испратен од Бога? (Веројатно сè уште не биле подготвени да сфатат дека Тој е Бог.)

Мојсеј, како водач на Израелците, го извел народот од Египет „со знаци и чудеса“ (5. Мојсеева 6,22; 5. Мојсеева 26,8). Тој бил оној кого Бог го употребил за да го ослободи Израел од Египќаните. (Тој бил, во извесна смисла, нивниот „спасител“.)

Бог најавил преку Мојсеја дека ќе дојде пророк кој ќе биде како Мојсеј. И барал од Израелците да Го слушаат (5. Мојсеева 18,15; Матеј 17,5; Дела 7,37). Тој „пророк“ бил Исус, а во текстот Јован 2, Тој го извршил својот прв знак, кој сам по себе укажувал на избавувањето на децата Израелови од Египет.

Реката Нил била клучен извор и божество за Египќаните. А едно од злата што го снашле Египет се однесувале токму на таа река – претворање на нејзината вода во крв. Во Кана Исус направил слично чудо, но наместо да ја претвори во крв, водата ја претворил во вино.

Станува збор за вода од шест врчви кои се користеле за очистување во еврејските обреди, што уште поблиску го поврзува чудото со библиската тема на спасението. Прераскажувајќи го настанот на претворање на водата во вино, со што се повикува на текстот од 2. Мојсеева, Јован упатувал на Исуса како Избавител.

Што мислел домаќинот на гозбата за непревриеното вино што го обезбедил Исус? Навистина бил изненаден од квалитетот на тој пијалак и, не знаејќи за чудото што го направил Исус, помислил дека најдоброто вино го зачувале за крај.

Грчкиот израз *oinos* се користи и за свеж и за ферментиран (превриен) сок од грозје (видете: *The Seventh-day Adventist Bible Dictionary,* p. 1177). Елена Г. Вајт тврди дека пијалакот произведен преку ова чудо бил безалкохолен (видете: „На свадбената свеченост“, *Копнежот на вековите,* стр. 149 оригинал). А оние кои знаеле што се случило, несомнено биле восхитени од резултатот.

**Кои причини ги имате вие за да го следите Исуса? (А дадени ни се многу, зар не?)**

# ДРУГ ЗНАК ВО ГАЛИЛЕЈА

За време на сета негова земна служба, Исус правел чуда што им помагале на луѓето да веруваат во Него. Јован ги запишал овие чуда за да можат и другите да поверуваат во Исуса.

**Прочитајте го текстот Јован 4,46-54. Зошто евангелистот овде воспоставува врска со чудото на свадбената свеченост?**

Во својот извештај за вториот знак што Исус го извршил во Галилеја, Јован се осврнува на првиот знак, извршен на свадбата во Кана. Како да сака да каже: Знаците што ги прави Исус ќе ви помогнат да сфатите кој е Тој. А потоа додава: „Ова, пак, второ чудо го направи Исус, кога дојде од Јудеја во Галилеја“ (Јован 4,54).

На прв поглед, Исусовиот одговор на молбата на овој благородник може да изгледа грубо. Меѓутоа, тој човек го поставил исцелувањето на својот син како критериум за верувањето во Исуса. А бидејќи го читал неговото срце, Исус прецизно укажал на таа духовна болест, пофатална од физичката, која го загрозувала животот на неговиот син. Како гром од ведро небо, човекот одеднаш го погодила мислата дека неговата духовна сиромаштија може да го чини живот неговиот син.

Важно е да увидиме дека чудата сами по себе не докажувале дека Исус е Месија. И други правеле чуда. Некои од нив биле вистински пророци, а некои лажни. Чудата само го откриваат постоењето на натприродното, но тоа не мора нужно да значи дека Бог е тој што ги прави. (И сатаната може да прави „чуда“, ако под зборот „чуда“ подразбираме натприродни дела.)

Овој благородник во својата мака се потпрел на Исусовата милост, преколнувајќи Го да го исцели неговиот син. Одговорот на Исус бил охрабрувачки. Тој му рекол: „Оди си, твојот син е жив!“ (Јован 4,50) Во грчкиот оригинал, глаголот „живее“ е всушност во презент (сегашно време). Овој облик се нарекува „футуристички презент“ и се користи во случаи кога за некој иден настан се зборува со таква сигурност како веќе да се случува. И навистина, овој човек не побрзал да си оди дома, туку, верувајќи му на Исуса, пристигнал дури следниот ден – дознавајќи дека треската го оставила неговиот син токму во моментот кога Исус ги изговорил тие зборови.

Колку силна причина да веруваме во Исуса!

**Дури и ако видиме некое чудо, кои други критериуми мора да ги земеме предвид, пред автоматски да претпоставиме дека тоа е од Бога?**

# ЧУДОТО ВО БАЊАТА ВИТЕЗДА

Следниот знак што го запишал Јован се случил во бањата Витезда (Јован 5,1-9). Се верувало дека ангел доаѓа да ја разбранува водата, и дека првиот болен што потоа ќе влезе во водата ќе биде излечен. Затоа тремовите околу бањата биле преполни со оние кои се надевале дека ќе бидат излечени во следната прилика. Исус отишол во Ерусалим и, кога поминал покрај бањата, ја видел оваа толпа која чека.

А каква ли само глетка било тоа! Сите тие луѓе, некои и доста болни, чекале и чекале да бидат излечени во водата, до кое сигурно нема да дојдат. Каква прилика за Исуса!

**Прочитајте го текстот Јован 5,1-9. Имајќи предвид дека секој што се наоѓал таму очигледно сакал да оздрави, зошто Исус го прашал тој фатен човек дали сака да биде исцелен (Јован 5,6)?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Кога некој е подолго време болен, тоа станува негова нормална состојба и, колку и да изгледа чудно, понекогаш ослободувањето од својата немоќ може да биде малку вознемирувачко. Човекот одговара дека сака исцелување, но проблемот е што го барал на погрешно место – додека Оној што му ги создал нозете на човекот стоел токму пред него. Тој воопшто и не насетувал со кого разговара, иако по неговото исцелување веројатно почнал да увидува дека Исус е навистина Некој многу посебен.

„Исус не барал од овој страдалник да покаже вера во Него. Едноставно му рекол: ‘Стани, земи го својот одар и оди.’ Меѓутоа, верата на овој човек се фатила за тој збор. Секој нерв и мускул затреперил со нов живот, а низ неговите парализирани органи проструило здравје. Без колебање ја покренал својата волја да ја послуша Исусовата наредба и сите негови мускули одговориле на неговата волја. Скокнувајќи на нозе, утврдил дека станал човек полн со сила. Исус не му дал никакво ветување за божествена помош. Човекот можел да се посомнева и да ја загуби единствената прилика за оздравување. Но ѝ верувал на Христовата реч и, постапувајќи според неа, добил сила“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. *202, 203* оригинал).

**Подоцна, Исус го сретнал тој човек во храмот и му рекол: „Ете, оздраве, не греши повеќе, за да не те снајде нешто полошо“ (Јован 5,14). Каков однос постои меѓу болеста и гревот? Зошто сепак мора да разбереме дека не секоја болест е директна последица на некој конкретен грев во нашиот живот?**

## ТВРДИ СРЦА

Сами по себе, знаците и чудата не докажуваат дека нешто е од Бога. Но, од друга страна, ако тие се од Бога, тогаш е опасно да се отфрлат. **Прочитајте Јован 5,10-16. Кои поуки можеме да ги извлечеме од неверојатната закоравеност на срцата на верските водачи во однос на Исуса, со оглед на чудото кое Тој штотуку го направил?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Кога подоцна Господ му се јавил на човекот кој бил исцелен, тој веднаш ги известил верските водачи дека Исус му го направил тоа. Некој би можел да помисли дека тоа е вистинска прилика Бог да се велича и слави, но наместо тоа, верските водачи „Го гонеа Исуса, и сакаа да Го убијат, дека тоа го направи во сабота“ (Јован 5,16).

Лекување во сабота било дозволено само во итни случаи. А овој човек бил парализиран цели 38 години, па неговото лекување тешко можело да се смета за итен случај. Освен тоа, зошто било потребно тој да ја понесе својата постела? Би помислиле дека некој што има сила од Бога да направи едно такво чудо, требало исто така да знае и дали е дозволено да се понесе постелата дома во сабота. Очигледно е дека Исус се обидувал да ги доведе до подлабоки библиски вистини, до нешто што ги надминува човечките правила и прописи што, во некои случаи, само ја задушувале вистинската вера.

**Кои поуки ги наоѓаме и во другите извештаи за тоа колку луѓето можат да бидат закоравени во духовна смисла, без оглед на доказите? (Јован 9,1-16; Марко 3,22.23; Матеј 12,9-14).**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Како можеле овие верски водачи да бидат толку слепи? Можниот одговор гласи дека до тоа ги довела расипаноста на нивните срца и заблудата дека Месија веднаш ќе ги ослободи од Рим, како и нивното сопствено властољубие и недостатокот на посветеност на Бога. Сето тоа придонело да ја отфрлат вистината која им била пред очи.

**Прочитајте го текстот Јован 5,38-42. За што ги предупредил Исус? Што можеме ние да научиме од тие зборови? Односно, што би можело да постои во нас а би нè направило слепи за вистините кои треба да ги знаеме и да ги применуваме во животот?**

# ИСУСОВОТО ПРАВО

Чудото во бањата Витезда му дало на Јован одлична можност да нагласи кој е Исус. Во девет стиха тој го опишува самото чудо, а во околу 40 стихови (видете понатаму) го опишува Оној што го направил тоа чудо.

**Прочитајте го текстот Јован 5,16-18. Зошто Исус бил прогонуван поради делата што ги правел во сабота?**

___

___

Стихот Јован 5,18 може да звучи вознемирувачки, бидејќи навидум зборува за тоа дека Исус ја кршел саботата. Меѓутоа, подеталното разгледување на текстот Јован 5,16-18 нè води до тврдењето на Исус дека Неговата „работа“ во сабота е во согласност со Неговата поврзаност со Отецот. Бог не престанува да ја одржува вселената во сабота. Според тоа, Исусовите активности во сабота биле дел од Неговото полагање право на божеството. А верските водачи Го прогонувале врз основа на наводното кршење на саботата и повикување на еднаквост со Бога.

**Прочитајте Јован 5,19-47. Што кажувал Исус за да им помогне на водачите да Го согледаат како Оној кој навистина е, а што толку моќно било потврдено со чудото кое штотуку го направил?**

___

___

Исус ги брани своите постапки во три чекори. Прво, Тој го објаснува својот близок однос со Отецот (Јован 5,19-30). Тоа укажува на тоа дека Тој и Отецот постапуваат усогласено, до таа мера што Исус има моќ и да суди и да воскреснува мртви (Јован 5,25-30).

Второ, во своја одбрана, Исус повикува четворица „сведоци“ брзо едноподруго: Јован Крстителот (Јован 5,31-35), чудата што ги прави (Јован 5,36), Отецот (Јован 5,37.38) и Светото Писмо (Јован 5,39). Секој од тие „сведоци“ зборува во прилог на Исуса.

И конечно, во текстот Јован 5,40-47, Исус ги соочува своите тужители со нивната *сопствена осуда,* укажувајќи на спротивноста меѓу Неговата служба и нивното користољубие. Нивната осуда, вели тој, доаѓа од Мојсеја (Јован 5,45-47), токму оној на кого тие ги полагале своите надежи.

**Како да не паднеме во истата стапица – да веруваме во Бога, да имаме дури и правилни учења, а сепак да не се предадеме целосно на Христа? Изнесете го својот одговор во вашата саботношколска класа.**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Исус не му дал (на фатениот човек) никакво ветување за божествена помош. Човекот можел да се посомнева и да ја загуби единствената прилика за оздравување. Но ѝ верувал на Христовата реч и, постапувајќи според неа, добил сила.

Со истата вера и ние можеме да примиме духовно исцелување. Поради гревот сме се одвоиле од животот во Бога. Нашите души се болни од парализа. Сами не сме во состојба да живееме свет живот повеќе отколку немоќниот човек што бил во состојба да оди. Мнозина ја сфаќаат својата беспомошност и копнеат за таков духовен живот што ќе ги доведе во хармонија со Бога, но попусто се трудат да го постигнат. Во очај тие викаат: ‘Јас несреќен човек! Кој ќе ме избави од ова смртно тело?’ (Римјаните 7,24). Овие безнадежни луѓе што се борат нека погледнат горе. Спасителот се наведнува над оние што ги откупил со својата крв, зборувајќи им со неискажана нежност и сожалување: ‘Сакаш ли да бидеш здрав?’ Тој ве повикува да станете здрави и спокојни. Не чекајте да почувствувате дека сте оздравиле. Верувајте му на Неговиот збор и тој ќе се исполни. Својата волја ставете ја на Христова страна. Одлучете да му служите и, живеејќи според неговата Реч, ќе примите сила. Колку и да е лоша навиката и голема страста што со долготото попуштање ги врзала и душата и телото, Христос може да ги одврзе. Тој копнее да ги ослободи. Тој ќе ѝ даде живот на душата што е мртва поради ‘своите престапи’ (Ефесците 2,1). Тој ќе го ослободи робот што го држат слабостите, несреќите и синџирите на гревот“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 203 ориг.).

„Христос го одбил обвинувањето за богохулство. Моја власт е, рекол, да го извршувам ова дело за кое ме обвинувате, а тоа доаѓа оттаму што сум јас Божји Син, што имам со Него иста природа, иста волја и цел“ (*Копнежот на вековите,* стр. 208 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Размислувајте за лекцијата од оваа седмица. Верата била клучот што ги направила можни овие исцелувања. Спротивно на тоа, однесувањето на водачите ги обелоденило опасностите од сомневањето и неверувањето. Зошто поставувањето прашања (кои сите ги имаме) не смееме да го мешаме со негувањето сомнежи? Зошто тоа не е исто, и зошто е важно да се знае разликата меѓу тие две работи?**

**2. Осврнете се на последното прашање во делот за четврток. Зошто ние, како адвентисти на седмиот ден, мора посебно да се чуваме од таа опасност? Колку и да е важно, на пример, да се знае и да се држи вистинскиот ден за одмор или да се знае вистината за состојбата на мртвите, зошто овие вистини не нѐ спасуваат? Што нѐ спасува и како?**

**3. Внимателно разгледајте го стихот Јован 5,47. Во која смисла оние кои денес, на пример, го негираат сеопштиот Потоп или буквалното седумдневно Создавање, го прават токму она за што предупредува Исус овде?**

**Лекција 2**
**5 до 11 октомври**

# ПОКАЗАТЕЛИ НА БОЖЕСТВОТО



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Јован 6,1-15; Исаија 53,4-6; 1. Коринќаните 5,7; Јован 6,26-36; Јован 9,1-41; 1. Коринќаните 1,26-29; Јован 11.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Исус и рече: 'Јас Сум Воскресението и Животот; кој верува во Мене – и да умре – ќе живее. И секој, кој живее и верува во Мене, нема да умре довека. Веруваш ли во ова?'" (Јован 11,25.26)**

Библијата е јасна дека Исус Христос е вечниот Син, едно со Отецот, неизведен (изворен) и несоздаден. Исус е тој што создал сè што е создадено (Јован 1,1-3). Според тоа, Исус постоел отсекогаш и никогаш немало време во кое Тој не постоел. Иако дошол на овој свет и ја презел човечката природа, Исус цело време го задржал своето божество и во одредени моменти кажувал и правел нешто врз основа на кое тоа божество се откривало.

Оваа вистина била важна за Јован, па затоа, набројувајќи некои од Исусовите чуда, тој ги употребил тие чуда токму за да укаже на Христовото божество. Исус не не го откривал своето божество само со зборови, туку тие свои зборови ги поткрепувал со дела преку кои се појавувало Неговото божество.

Во лекцијата за оваа седмица, ги разгледуваме трите најголеми знаци на Исусовото божество. Меѓутоа, зачудувачки е што во секој од тие случаи имало и такви кои не поверувале во чудото или не го уочиле неговото значење. За некои тоа бил момент да се одвратат од Исуса, за некои да потонат уште подлабоко во своето слепило, за некои да коваат заговор за Исусовото убиство. А за некои други, пак, тоа било момент да поверуваат во Исуса како Месија.

## ХРАНЕЊЕ НА ПЕТ ИЛЈАДИ ЛУЃЕ

Во текстот Јован 6,4.5, апостолот скршнува од темата за да истакне дека петте илјади луѓе биле нахранети непосредно пред Пасха. А Пасха била спомен на избавувањето на Израелците од Египет. Пасхалното јагне го зазело местото на смртта на првенците. Таа жртва ја симболизирала Исусовата смрт во наша полза. На крстот, казната што ние сме ја заслужиле за нашите гревови паднала на Исуса. Христос, нашата Пасха, навистина бил заклан за нас (1. Коринќаните 5,7).

„Тој ја поднел кривицата на престапот и бил лишен од присуството на лицето на Отецот додека неговото срце не се скршило и неговиот живот не згаснал. Целата оваа жртва е принесена за грешникот да може да биде откупен“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба,* стр. 540 оригинал).

**Прочитајте го текстот Јован 6,1-14. Какви паралели може да се најдат тука меѓу Исус и Мојсеј? Односно, што направил Исус тука, а требало да го потсети народот на избавувањето што го примиле нивните предци преку Мојсеевата служба?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Бројни детали од таа сторија го доведуваат Исуса во паралела со Мојсеја во 2. Книга Мојсеева. Времето на Пасха (Јован 6,4) упатува на големото ослободување од Египет. Исус се искачува на горатa (Јован 6,3) како што Мојсеј се искачил на Синај. Исус го искушува Филипа (Јован 6,5.6) како што Израелците биле искушувани во пустината. Умножувањето на лебовите (Јован 6,11) нѐ потсетува на паѓањето на маната. Собирањето на преостанатите парчиња храна (Јован 6,12) потсетува на израелското собирање мана. Биле собрани 12 кошници од остатоците (Јован 6,13), како што имало и дванаесет племиња на Израел. Народот коментира дека Исус е пророк кој дошол во светот (Јован 6,14), што е паралела со „пророк како Мојсеј“ кој е најавен во стихот 5. Мојсеева 18,15. Сево ова укажува на Исуса како на нов Мојсеј – кој дошол да го избави својот народ.

Според тоа, Јован покажува дека Исус не само што правел знаци и чуда туку правел знаци и чуда кои, во нивниот контекст, имале, или требало да имаат, посебно значење за еврејскиот народ. Исус, во основа, им укажувал на сопственото божество.

**Прочитајте го текстот Исаија 53,4-7 и 1. Петрово 2,24. Која голема вистина ја откриваат овие текстови за Исуса како Божјо Јагне? Како е поврзано Неговото божество со таа вистина, и зошто е тоа најважната вистина што некогаш ќе ја дознаеме?**

## „ОВА Е НАВИСТИНА ПРОРОКОТ...“

**Прочитајте го текстот Јован 6,14.15.26-36. Како реагирал народот на ова чудо, и како Исус го искористил тоа обидувајќи се да им даде до знаење кој е всушност Тој?**

---

Јудејците очекувале овоземен месија кој ќе ги ослободи од угнетувањето на Римската империја. Двете најголеми тешкотии со кои се соочуваат луѓето во војна се како да се нахранат војниците и како да се грижат за ранетите и умрените. Исус со своите чуда покажал дека Тој може да го направи и едното и другото.

Но Исус не дошол заради тоа, ниту тоа била целта на Неговите чуда. Извештајот за хранењето на петте илјади луѓе, всушност било можност да се илустрира тоа дека Исус е Лебот на животот, дека Бог лично слегол од небото. „Јас сум Лебот на животот“, рекол тој. „Кој доаѓа кај мене, нема да огладни“ (Јован 6,35).

Тоа е прва од седумте изјави „Јас сум“ во Евангелието според Јован, каде што „јас сум“ е поврзано со одреден предикат („Лебот на животот“, Јован 6,35; „Светлината на светот“, Јован 8,12; „Вратата“, Јован 10,7.9; „Добриот Пастир“, Јован 10,11.14; „Воскресението и Животот“, Јован 11,25; „Патот, Вистината и Животот“, Јован 14,6; „вистинската лоза“, Јован 15,1.5). Секоја од тие изјави укажува на некоја важна вистина за Исуса. Овие „ЈАС СУМ“ изјави нè враќаат до текстот 2. Мојсеева 3 глава, каде што Бог му се претставува на Мојсеја како големиот ЈАС СУМ (споредете со Јован 8,58). Според тоа, Исус е тоа големо ЈАС СУМ.

Но, луѓето го пропуштиле сето тоа.

„Нивните незадоволни срца се прашувале зар Исус не е во состојба, ако веќе може да стори толку чудесни дела што ги гледале со свои очи, да му даде здравје, сила и богатство на целокупниот свој народ, да го ослободи од неговите угнетувачи и да го издигне со моќ и чест? Фактот што Тој тврдел оти е испратен од Бога, а сепак одбивал да биде Израелов цар, била тајна што не можеле да ја доловат. Неговото одбивање погрешно е протолкувано. Мнозина заклучиле дека Тој не се осмелувал да го бара своето право затоа што и самиот се сомневал во божествената природа на својата мисија. На тој начин своите срца му ги отвориле на неверството и семето што го посеал сатаната донело своевиден род – погрешно сфаќање и отпад“ (*Копнежот на вековите*, стр. 385 оригинал).

Очекувале материјална добивка наместо вистината која води во вечен живот. Тоа е стапицата со која евентуално на крајот ќе се соочиме сите ако не внимаваме.

**Како да избегнеме да бидеме преокупирани со материјалните работи на сметка на духовните вредности?**

## ИСЦЕЛУВАЊЕТО НА СЛЕПИОТ ЧОВЕК – 1 ДЕЛ

**Прочитајте го текстот Јован 9,1-16. Според учениците, која била причината за слепилото на овој човек и како Исус ги исправил нивните погрешни верувања?**

---

Учениците ја поврзувале болеста со гревот. Одреден број старозаветни текстови навистина упатуваат во таа насока (споредете со: 2. Мојсеева 20,5; 2. Царевите 5,15-27; 2. Царевите 15,5; 2. Летописи 26,16-21), но сторијата за Јов требало да ги поттикне на претпазливост и преиспитување дали секогаш постои таквата поврзаност.

Исус ги поставува работите правилно, без да ја негира поврзаноста меѓу гревот и страдањето, но укажувајќи, во овој случај, на повозвишената смисла – Бог да се прослави преку исцелувањето. Овој извештај содржи извесни елементи кои го поврзуваат со наративот за создавањето – за тоа како Бог го создал првиот човек од земниот прав (1. Мојсеева 2,7), исто како што Исус ја замесил глината за да му обезбеди на овој слеп човек нешто што му недостасувало уште од мајчината утроба.

Во евангелијата според Матеј, Марко и Лука, извештаите за чудата следат еден заеднички образец: изнесување на проблемот, доведување на поединецот кај Исуса, исцелување и потврдување на исцелувањето со славење на Бога.

Во оваа сторија од 9-та глава на Евангелието според Јован, таа низа е довршена во стихот Јован 9,7. Но, типично за Јован, значењето на ова чудо станува тема на многу поширока расправа, што доведува до долга размена на аргументи меѓу исцелениот човек и верските водачи. Таа впечатлива расправа се врти околу два испреплетени пара спротивни поими: грев/Божји дела и слепило/вид.

Нараторот, сè до стихот Јован 9,14, не му открива на читателот дека Исус тоа исцелување го извршил во сабота, што, според традицијата, но не и според Библијата, ја прекршил заповедта за саботата. И затоа фарисеите го сметале за прекршител на саботата. Тие заклучиле дека Исус не е од Бога, затоа што инсистирале на тоа дека „не ја празнува саботата“. Меѓутоа, други сметале дека е неприфатливо грешник да може да прави такви чуда (Јован 9,16).

Расправата не била ни приближно завршена, а веќе дошло до поделба. На некогашниот слеп човек му станувало сè појасно кој е Исус, додека верските водачи биле сè позбунети и позаслепени во поглед на Неговиот вистински идентитет.

**Што ни кажува таа сторија за опасноста да бидеме толку заслепени од сопствените верувања и обичаи што ги пропуштаме важните вистини што ни се пред очи?**

## ИСЦЕЛУВАЊЕТО НА СЛЕПИОТ ЧОВЕК – 2 ДЕЛ

**Прочитајте го текстот Јован 9,17-34. Кои прашања ги поставиле водачите и како одговорил слепиот човек?**

---

Тој долг пасус од 9. глава е единствениот текст во Евангелието според Јован во кој Исус не е главниот поборник на сцената, иако тој несомнено е предмет на расправа. Исто како што наративот започнува со прашање за гревот (Јован 9,2), така и во продолжение фарисеите сметаат дека Исус е грешник затоа што исцелувал во сабота (Јован 9,16.24), а тие исцелениот го клеветат како оној кој „сиот си роден во гревови“ (Јован 9,34).

Меѓутоа, доаѓа до чуден пресврт. Некогашниот слепец сега гледа сè повеќе и повеќе, не само во физичка туку и во духовна смисла, во онаа мера колку што расте неговата благодарност кон Исуса и верата во Него. Од друга страна, фарисеите стануваат сè позаслепени во нивното сфаќање, така што најпрво меѓу нив доаѓа до поделеност во врска со Исуса (Јован 9,16), а потоа веќе не знаат ни од каде е Тој (Јован 9,29).

Во меѓувреме, прераскажувањето за тој чудесен настан му дава на Јован можност да ни каже кој е Исус. Темата за знаците во текстот Јован 9 глава се вкрстува со неколку други теми во ова Евангелие. Јован повторно и повторно потврдува дека Исус е Светлината на светот (Јован 9,5; споредете со Јован 8,12). Сторијата се занимава и со Исусовото таинствено потекло. Кој е Тој, од каде доаѓа, која е Неговата мисија? (Јован 9,12.29; споредете со Јован 1,14). Ликот на Мојсеј, кој се споменува во претходните извештаи за чудата, се појавува и во оваа глава (Јован 9,28.29; споредете Јован 5,45.46 и Јован 6,32). Конечно, тука е и темата за реакцијата на толпата. Некои ја избират темнината повеќе од светлината, додека други покажуваат вера (Јован 9,16-18.35-41; споредете со: Јован 1,9-16; Јован 3,16-21; Јован 6,60-71).

Но, она што е толку страшно овде е духовното слепило на верските водачи. Некогаш слепиот просјак можел да изјави: „Откако е веков не се чуло некој да отворил очи на слепороден; ако Тој не беше од Бога, не би можел да направи ништо“ (Јован 9,32.33). А сепак, верските поглавари, духовните водачи на народот, оние од кои можело да се очекува први да го препознаат Исуса и да го прифатат како Месија – тие, и покрај сите овие силни докази – не успеале тоа да го видат. Или, всушност, не сакале да видат. Колку силно предупредување за тоа како нашето сопствено срце може да нè измами!

**Прочитајте го текстот 1. Коринќаните 1,26-29. Како она за што пишува Павле се согласува со она што се случило во оваа сцена, и како може истиот принцип да се примени дури и сега?**

# ВОСКРЕСНУВАЊЕТО НА ЛАЗАР

Единаесеттата глава од Евангелието според Јован е проникната со тага – тажна вест за болеста на драг пријател (Јован 11,1-3); оплакување на неговата смрт (Јован 11,19.31.33); изразување жал на сестрите дека Лазар не би умрел кога Исус би бил присутен (Јован 11,21.32) и солзите на самиот Исус (Јован 11,35).

Меѓутоа, своето заминување кај Лазар Исус го одложил за два дена (Јован 11,6), дури и спомнал дека му било мило што не тргнал порано (Јован 11,14.15). Тоа не било знак на студенило и рамнодушност, туку желба да се открие Божјата слава.

Кога ќе дојдеме до текстот Јован 11,17-27, гледаме дека Лазар е мртов веќе четири дена. По четири дена, неговото тело веќе би почнало да се распаѓа и, како што Марта и забележала: „Господи, веќе смрди, зашто е четири дни во гробот“ (Јован 11,39). Без сомнение, доцнењето на Исус само придонело чудото што следело да биде уште пошокантно. Да се врати во живот труп во распаѓање? Каков поголем доказ би можел да даде Исус дека Тој навистина е Бог лично?

А како Бог, како Оној кој е пред сè и кој го создал животот – Исус има власт над смртта. Така Исус ја искористил таа пригода, смртта на Лазар, за да ја открие клучната вистина за самиот себе: „Јас Сум Воскресението и Животот; кој верува во Мене - и да умре - ќе живее. И секој, кој живее и верува во Мене, нема да умре довека“ (Јован 11,25.26).

**Прочитајте го текстот Јован 11,38-44. Што направил Исус што го поткрепило ова Негово тврдење?**

________________________________________________________

Исто како што покажал дека е Светлината на светот (Јован 8,12, Јован 9,5) дарувајќи му вид на слепиот човек (Јован 9,7), така и овде, воскреснувајќи го Лазара од мртвите (Јован 11,43.44), покажал дека е Воскресение и Живот (Јован 11,25).

Тоа чудо, повеќе од кое било друго, укажува на Исуса како Животодавец, на Бога лично. Тоа дава силна поткрепа за Јовановата тема за Исуса како возвишен Божји Син и за тоа дека ние, преку верата, можеме да имаме живот во Него (Јован 20,30.31).

Меѓутоа, кога ќе дојдеме до крајот на оваа неверојатна сторија (Јован 11,45-54), во која поверувале многумина што ја виделе (Јован 11,45), се открива моќна но тажна иронија. Исус покажува дека Тој може да ги врати мртвите во живот, а сепак овие луѓе мислат дека можат да го спречат со тоа што ќе Го убијат! Каков пример за човечката слабост наспроти Божјата мудрост и сила!

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Копнежот на вековите* од Елена Г. Вајт прочитајте ги следните поглавја: „Пресвртница во Галилеја", стр. 383-394 оригинал; „Лазаре! Излези надвор", стр . 524-536 оригинал, и „Заговорот на свештениците", стр. 537-542 оригинал.

„Христовиот живот што му дава живот на светот се наоѓа во неговата реч. Со својата реч Исус ги лекувал болните и ги истерувал лошите духови; со својата реч го смирил морето и ги подигнувал мртвите; и народот сведочел дека неговата реч имала сила. Тој ја зборувал Божјата реч, како што зборувал преку сите пророци и учители во Стариот завет. Целокупната Библија е објавување на Христа и Спасителот сакал верата на своите следбеници да ја насочи кон оваа реч. Кога ќе се повлече неговото видливо присуство, речта мора да биде нивни извор на сила. Како и нивниот Учител, тие ќе мора да живеат „од секој збор што излегува од Божјата уста" (Матеј 4,4).

Како нашиот телесен живот што се одржува со храната, така и нашиот духовен живот се одржува со Божјата реч. Секоја душа за себе треба да прима живот од Божјата реч. Како што мораме сами за себе да јадеме за да ги примиме хранливите состојки, така мораме да ја примиме речта сами за себе. Ние не би смееле да ја примиме само со посредство на туѓ ум. Мораме внимателно да ја проучуваме Библијата, барајќи од Бога помош на Светиот Дух за да можеме да ја разбереме неговата Реч" (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 390 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Оваа седмица набљудувавме како Исус нахранува пет илјади луѓе, лекува слеп од раѓање, а потоа го воскреснува Лазара од мртвите. Во секој од овие случаи, Исус дал моќен доказ за своето божество. Сепак, овие чуда, колку и да биле величествени, довеле до поделба. Некои одговориле со вера, а други со сомнеж. Што можеме да научиме од ова за тоа дека луѓето, дури и кога се соочени со моќни докази, сепак можат да одлучат да го отфрлат Бога?**
2. **Сите овие стории укажуваат на Христа како возвишен Син Божји. Зошто Неговото божество е толку важно за верата во Исуса како Спасител?**
3. **Погледнете го повторно текстот 1. Коринќаните 1,26-29. На кој начин ние во 21 век ги гледаме истите тие принципи на дело? Кои се тие „безумни работи" во кои веруваат христијаните, а оние што се „многу мудри по човечко сфаќање" ги исмеваат и отфрлаат? Од друга страна, што е тоа во што ние веруваме а може да ги „посрами силните"?**

**Лекција 3**
**12 до 18 октомври**

# СТОРИЈАТА ВО ЗАДНИНА – ПРОЛОГ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Јован 1,1-5; 1. Мојсеева 1,1; Јован 1,9-13; Јован 3,16-21; Јован 9,35-41; Матеј 7,21-23; Јован 17,1-5.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Во почеток беше Словото, и Словото беше во Бога, и Словото беше Бог“ (Јован 1,1).**

Во првата лекција се занимававме со завршетокот на книгата, каде Јован објаснува зошто го напишал своето Евангелие. Во лекцијата за оваа седмица се враќаме на почеток, каде што Јован го одредува правецот во кој, вдахновен од Светиот Дух, има намера да го поведе читателот. Во првите зборови и пасуси од своите списи, новозаветните писатели често ги изнесуваат темите со кои имаат намера да се занимаваат. Тоа го прави и Јован, чии теми се претставени како дел од еден голем космички тек, кој ги прикажува најважните вистини за Исуса Христа – вистини кои се навраќаат дури и до времето што му претходи на Создавањето.

На читателот, кој веќе знае дека Исус е Месија, тоа излагање на почетокот на книгата му дава предност каква што ја немале личностите во самата книга. Читателот може јасно да ги согледа големите теми на кои се навраќа евангелистот додека ја раскажува сторијата за Исуса. Тие големи теми се сместени во историскиот период од Исусовиот земен живот.

Лекцијата за оваа седмица започнува со Пролог (Јован 1,1-18) и ги сумира големите теми со кои се занимава. Овие големи теми подоцна ќе бидат разгледани и на други места во Евангелието според Јован.

## ВО ПОЧЕТОКОТ – БОЖЕСТВЕНИОТ ЛОГОС

**Прочитајте го текстот Јован 1,1-5. Што ни откриваат овие зборови за Словото, Исус Христос?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Евангелието според Јован започнува со таа неверојатна мисла: „Во почеток беше Словото, и Словото беше во Бога, и Словото беше Бог“ (Јован 1,1). Таа една убава реченица содржи длабочина на мислата која едвај успеваме да ја сфатиме.

Прво, евангелистот алудира на извештајот за создавањето, 1. Мојсеева 1,1: „Во почетокот...“ Словото веќе било тука пред создавањето на вселената. Според тоа, Јован го потврдува Исусовото вечно постоење.

Следно, „...и Словото беше во Бога“. Во стихот Јован 1,18 авторот забележува дека Тој – Словото е „во прегратката на Таткото“. Колку и да се обидуваме да си претставиме што точно значи тоа, едно е сигурно – Исус и Отецот се исклучително блиски.

А тогаш, Јован вели: „и Словото беше Бог“. Но како може Словото да биде со Бога и во истото време да *биде Бог*? Одговорот се крие во грчката граматика. Во грчкиот јазик има определен член, но не и неопределен член. Значи, она што е важно за нас е дека грчкиот определен член укажува на посебност, на некој посебен предмет или личност.

Во изразот „Словото беше во Бога“, зборот „Бог“ има член, па затоа се однесува на конкретен поединец – Отецот. *Словото било со Отецот.* Во изразот „и Словото беше Бог“, зборот Бог нема член, што во таа поставка укажува на карактеристиките на божеството. Исус е Бог – не Отецот, но сѐ уште е и возвишениот Син Божји, второто лице на Божеството.

Апостолот го потврдува ова сфаќање, бидејќи во стиховите Јован 1,3.4 вели дека Исус е Творецот на сѐ што е создадено. Сето она што претходно не постоело а потоа настанало, дошло само преку Исуса, Бог Создателот.

„Господ Исус Христос бил едно со Отецот од вечни времиња; Тој бил „Божји лик“, лик на неговата големина и величество, „отсјај на Неговата слава“ (Евреите 1,3)“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 19 оригинал).

**Зошто Христово потполно божество е толку важен дел од нашата теологија? Што би изгубиле кога Исус, во која било смисла, би бил само создадено битие? Изнесете го својот одговор во саботношколската класа и бидете подготвени да разговарате за тоа зошто вечното Христово божество е толку важно за нашата вера.**

# СЛОВОТО СТАНА ТЕЛО

**Прочитајте го текстот Јован 1,1-3,14. Што ни кажуваат овие текстови, што направил Исус, Бог лично – и зошто оваа вистина е најважната вистина што можеме да ја сознаеме?**

---

Јован не го започнува своето Евангелие со името „Исус“, ниту со Неговата улога како Месија/Христос, туку со зборот *логос*. Во времето кога Јован пишувал, различни филозофии го користеле изразот логос, повикувајќи се на рационалната структура на вселената или на самата идеја за логика и разум.

Исто така, учењето на влијателниот антички филозоф Платон ја делело реалноста на две царства. Едното е небесно и непроменливо царство, во кое има апсолутно совршенство. Другото е овдешното царство – пропадлива, променлива, многу несовршена слика на совршеното царство одозгора, каде наводно и да се наоѓа тоа. (Платон никогаш не одговорил на тоа прашање.) Некои филозофии го препознаваат логосот како апстрактен посредник меѓу вечните облици и овдешните, пропадливи земни облици.

Меѓутоа, Јован го користи тој израз во сосема поинаква смисла. Тој тврди дека вистината, *логос*, не е некој етеричен и апстрактен поим што лебди меѓу небото и земјата. *Логос* е личност – Исус Христос, кој станал тело и живеел меѓу нас (Јован 1,14).

За Јован, *логос* е Божјото Слово. Што е уште поважно, Бог проговорил, односно, Тој му се открил на човештвото на најрадикален начин – Бог станал еден од нас.

Во Евангелието според Јован, логос го претставува вечниот Бог, кој влегува во просторот и времето, кој зборува, дејствува и воспоставува односи со луѓето на лично ниво. Вечниот Бог станал човечко битие, еден од нас.

Во стихот Јован 1,14, апостолот навестува дека *логос* „стана тело и се настани меѓу нас“. Оригиналниот грчки збор преведен со „настани“ (или „всели“ заб. на прев.) значи „да се распне шатор“. Јован алудира на стихот 2. Мојсеева 25,8 каде што Бог им кажува на Израелците да му изградат светилиште, градба во вид на шатор, за да може да живее меѓу нив. На ист начин, преку своето отелотворување, Исус, возвишениот Син Божји, влегол во човечко тело, прикривајќи ја својата слава за луѓето да можат да дојдат во допир со него.

**Задржете се на импликациите на она за што пишува Јован тука. Бог лично, Создателот, станал човечко битие, еден од нас и живеел овде меѓу нас. (Уште не сме ни стигнале до тоа дека Тој и умрел за нас!) Што ни кажува ова за реалноста на Божјата љубов спрема човештвото? Зошто треба да црпиме толку многу утеха од таа неверојатна вистина?**

## ДА СЕ СЛУША ИЛИ ДА НЕ СЕ СЛУША СЛОВОТО

**Прочитајте Јован 1,9-13. Каква сурова реалност опишува Јован овде, кога станува збор за тоа како луѓето му возвратиле на Исуса?**

______________________________________________________________

Прологот, Јован 1,1-18, не опишува само кој е Исус Христос, Словото (*logos*), туку и како луѓето во светот се однесувале спрема Него. Во стихот Јован 1,9 Тој е наречен *вистинската Светлина*, која го осветлува секој човек што доаѓа на светот. Таа светлина го осветлува светот, правејќи правејќи луѓето да можат да го разберат. Како што К. С. Луис убаво кажал: „Верувам во христијанството како што верувам дека сонцето изгреа, не само затоа што го гледам, туку затоа што гледам сѐ друго“ (*„Is Theology Poetry?“*; Samizdat University Press, 2014, стр. 15; првпат претставено во 1944 година).

Исто така, да ги разгледаме импликациите од она што е кажано во стихот Јован 1,9. Светлината доаѓа до секого, но не за секого е добредојдена. Како што ќе видиме во утрешното проучување, главната тема на Евангелието според Јован е како луѓето го примаат или отфрлаат Исуса. Таа тема започнува овде. Тажната вистина која постојано се повторува е дека Месија дошол кај својот народ, Израел, а сепак многумина не го прифатиле како свој Избавител.

Во текстот Римјаните 9-11, Павле се занимава со истата трагична тема, за тоа дека многу Евреи го отфрлиле Исуса. Но тој не завршува со негативен тон, туку вели дека исто така многу Евреи, заедно со незнабошците, ќе го прифатат Исуса како Месија. Павле, всушност, ги опоменува некогашните незнабошци да не се фалат над Евреите. „Зашто, ако си ти отсечен од природната дива маслинка и, против природата – си прикалемен на питомата маслинка, колку полесно ќе бидат прикалемени врз сопствената маслинка оние, кои и се природни!“ (Римјаните 11,24)

Со сличен тон, Јован вели дека сите што ќе го примат Исуса како свој Спасител ќе станат Божји деца. До тоа доаѓа врз основа на верувањето во Неговото име (Види: Јован 1,12.13.)

Во ова се огледува врската меѓу прологот и заклучокот на ова Евангелие. Во стихот Јован 20,31, апостолот открива зошто го напишал – за да верувате дека Исус е Христос, Божјиот Син, и дека верувајќи ќе имате живот во Негово име. Така, воведот и заклучокот сочинуваат еден вид единство, поврзани концепти кои заокружуваат сѐ што се случува меѓу нив. Таа поврзаност укажува на сеопфатната цел на Евангелието според Јован – луѓето да се спасат преку верувањето во Исуса Христа како нивен Спасител.

**Како се променил вашиот живот благодарение на тоа што сте станале Божји син или ќерка?**

## ТЕМИ ШТО ОДНОВО СЕ ПОЈАВУВААТ – ВЕРУВАЊЕ/ НЕВЕРУВАЊЕ

**Прочитајте ги следните текстови: Јован 3,16-21; Јован 9,35-41 и Јован 12,36-46. Како во тие текстови се повторува темата за верувањето/неверувањето, која ја наоѓаме во прологот?**

---

Во Евангелието според Јован, човештвото е поделено на две големи групи – оние кои веруваат во Исуса и го прифаќаат како Месија, и оние кои, иако имале можност да поверуваат, одлучуваат да не го направат тоа.

Учениците се во првата група, како и некои други, како Никодим (кој бавно доаѓа до верата), жената кај бунарот и човекот што се родил слеп. Во втората група се фарисеите и првосвештениците, оние кои биле сведоци на хранењето на 5.000 луѓе, па дури и еден од учениците, Јуда.

Интересно е што самиот збор, именка, вера/верување (грчки: pistis), ниту еднаш не се споменува во Евангелието според Јован. Сепак, глаголот верува (pisteuō) се појавува 98 пати, од вкупно 241 пати, во целиот Нов завет! Тој глагол е навистина мошне крупна тема во Евангелието според Јован. А самата употреба на глагол наместо именка укажува на многу активна смисла на пристапување кон христијанството. Да се биде некој што верува во Исуса, е нешто што го правиме. Тоа е нешто што се изразува преку начинот на кој живееме, а не само преку збир на верувања. Како што знаеме, и ѓаволот верува во Исуса (видете Јаков 2,19).

Во Евангелието според Јован, главната разлика меѓу тие две групи се огледува во начинот на кој тие се однесуваат спрема Исуса. Верниците, или оние кои штотуку стануваат верници, покажуваат отвореност спрема Него, дури и кога Тој им се спротивставува или ги прекорува. Тие доаѓаат кај Исуса и не бегаат. Тој е светлината што ги осветлува. И така со вера, верувајќи, тие стануваат Божји чеда.

Неверниците, од друга страна, обично му пристапуваат на Исуса за да се расправаат со Него. Тие се окарактеризирани како оние кои повеќе ја сакаат темнината од светлината. Тешко им е да ги прифатат Неговите зборови или мислат дека Тој ги прекршува старите обичаи и не ги исполнува нивните очекувања. Тие заземаат осудувачки став кон Него, наместо да дозволат Неговата светлина да ги измери и да им суди. Ваквиот став, се разбира, секогаш одново се гледал кај верските поглавари, кои во идеален случај, како духовни водачи на народот, требало први да го прифатат Исуса.

**На кои сè начини ја спроведувате во живот вашата вера во Исуса, наспроти чисто интелектуалното согласување со тоа дека Тој е Месија? Зошто е важно да се спознае таа разлика? (Видете Матеј 7,21-23.)**

## ТЕМИ ШТО ОДНОВО СЕ ПОЈАВУВААТ – СЛАВА

**Прочитајте Јован 17,1-5. Што сакал да каже Исус кога рекол: „Татко, часот дојде! Прослави Го Својот Син, за да Те прослави Синот Тебе“?**

---

Во вчерашното проучување ја разгледавме земната, човечка страна на сторијата во Евангелието според Јован, со нејзиниот судир и заемно дејствување меѓу луѓето – сторија која секогаш се врти околу тоа кој е Исус и што прави Тој. Во денешното проучување ќе се сосредоточиме на божествената, космичка страна на сторијата, која ја наоѓаме и во Евангелието според Јован.

Прологот започнува со таа космичка страна на сторијата. Исус е претставен како возвишен Син Божји, Творец на вселената. И повторно, сето она што некогаш не постоело а потоа дошло во постоење, дошло само преку Исуса. „Сè стана преку Него, и ништо, што стана, не стана без Него“ (Јован 1,3). А понатаму станува збор за славата што се огледува во фактот што Тој станал човечко битие преку воплотување (отелотворување) (Јован 1,14). Јован ги употребува изразите слава (*doxsa*, светлина, сјај, слава, чест) и прославува (*doxsazō*, пофалба, укажување чест, велича, прославува) и во двата случаја – кога зборува за примање почест од луѓето, но и за примање слава и почест од Бога.

Во Евангелието според Јован, идејата за прославување на Исуса е поврзана со поимот „Неговиот час“, односно со моментот на Неговата смрт (споредете со: Јован 2,4; Јован 7,30; Јован 8,20; Јован 12,23-27; Јован 13,1; Јован 16,32; Јован 17,1). Крстот е Неговиот момент на славата.

Оваа идеја е доста парадоксална, имајќи предвид дека распнувањето било најсрамниот и крајно понижувачки начин на извршување на смртна казна во староримскиот свет. Тој неверојатен контраст, Бог на крстот, го илустрира преплетувањето на човечкиот тек на сторијата со божествениот.

На човечко ниво, Исус умрел во агонија, како презрен злосторник кој во момент на слабост извикува: „Боже мој! Боже мој! Зошто ме остави?“ Таа човечка, темна страна на крстот е особено прикажана во Евангелието според Матеј и Марко (Матеј 27,46; Марко 15,34).

А другата, славната страна на крстот е особено прикажана во Евангелието според Лука и во Јовановото Евангелие (Лука 23,32-47; Јован 19,25-30). Тоа е место на спасение и милост, каде што Божјиот Син се предава во рацете на својот Отец.

Каква иронија – најголемата Божја слава се открива во Неговиот најголем срам – додека ги носи на себе сите гревови на светот.

**Размислете што значи тоа што било потребно нешто толку драстично – Сам Бог на крстот – за да бидеме спасени од гревот. Како ова ни покажува какво зло всушност претставува гревот?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Копнежот на вековите* од Елена Г. Вајт прочитајте го поглавјето „Бог со нас“, стр. 19-26 оригинал.

„Господ Исус Христос, возвишениот Син Божји, постоел од вечноста, како посебна личност, но сепак едно со Отецот. Тој бил славата на небото која надминува сè. Тој бил заповедник на небесните битија и го примал обожавањето на ангелите како свое право. Немало никакво несогласување со Бога околу тоа. (Цитиран текст: Мудри изреки 8,22-27).

Има светлина и слава во вистината дека Христос бил едно со Отецот уште пред да се постават темелите на овој свет. Тоа е светлината што свети на темно место, осветлувајќи го со божествената, изворна слава. Таа вистина, бескрајно таинствена сама по себе, која објаснува други таинствени и инаку необјасниви вистини, е скриена во светлина што не може да се досегне ниту да ѝ се пристапи“ (Ellen G. White Comments, *The Seventh-day Adventist Bible Commentary,* vol. 5, p. 1126).

„Исус рекол: ‘А јас, кога ќе бидам подигнат од земјата, сите луѓе ќе ги привлечам кон себе“ (Јован 12,32). Христос мора да му се открие на грешникот како Спасител кој умира за гревовите на светот; и додека го гледаме Божјето Јагне на крстот на Голгота, на нашиот ум почнува да му се открива тајната на откупувањето и Божјата доброта почнува да нè води на покајание. Умирајќи за грешниците, Христос покажал несфатлива љубов; и додека грешникот ја посматра таа љубов, истата го омекнува неговото срце, влијае врз умот и душата ја прави понизна... Но секогаш кога луѓето се обидуваат да се поправат, со искрена желба да прават добро, на тоа ги поттикнува Христовата сила. Врз душата дејствува влијание за кое не се ни свесни, совеста се буди и во животот настанува видлива промена. И кога Христос ќе ги привлече да го гледаат неговиот крст, да го посматраат Оној кого го приковале нивните гревови, тогаш заповедите се врежуваат во нивната совест (Елена Г. Вајт, *Патот кон Христа,* стр. 26, 27 оригинал).

**ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР**

1. **Зошто Јован го започнува своето Евангелие зборувајќи за Исуса во улога на Творец? Што открива ова за важноста на Создавањето за целокупната теологија? Тогаш, зошто е важно да имаме правилно разбирање за Создавањето, во согласност со она што е откриено во Светото Писмо?**
2. **Задржете се повеќе на прашањето поставено во отсекот за недела. Што би се случило со крстот кога, наместо вечниот Бог, на него би умрело некое создадено суштество? Што би изгубиле кога Исус би бил кој било друг освен вечниот Бог?**

**Лекција 4**
**19 до 25 октомври**

# СВЕДОЦИ ЗА ХРИСТА КАКО МЕСИЈА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Јован 1,19-23; Исаија 40,1-5; Јован 1,29-37; Римјаните 5,6; Јован 1,35-39; Јован 1,43-51; Јован 3,1-21.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Исус му одговори и рече: 'Вистина, вистина, ти велам, ако некој не се роди одозгора, тој не може да го види Божјото Царство'" (Јован 3,3).**

Исус, несомнено, на луѓето им дал моќни библиски докази кои ги поддржуваат Неговите тврдења за самиот него, вклучувајќи го следново: „Вистина, вистина ви велам, кој верува во Мене, има вечен живот" (Јован 6,47).

Но има многу повеќе од тоа: претворање на водата во вино; хранење илјадници луѓе со само неколку векни леб; исцелувањето на синот на царевиот човек; исцелување на човекот во бањата Витезда; враќање на видот на човекот слеп од раѓање; воскреснувањето на Лазар од мртвите. Евангелистот се осврнува на различни настани и луѓе – Евреи, незнабошци, богати, сиромашни, мажи, жени, обични луѓе, учени и неуки – како такви кои можат да посведочат за тоа кој е Исус.

Јован укажува дури и на сведоштвото на самиот Отец, и на Светото Писмо, кои го потврдуваат Неговиот идентитет.

Лекцијата за оваа седмица започнува со моќното сведочење на Јован Крстителот. И други сведоци се редат на сцената: Андреј и Симон Петар, Филип и Натанаил и најнеочекуваниот од сите – фарисејот Никодим. Но уште еден сведок стои во сенка (оној друг ученик кој заедно со Андреј се спомнува во Јован 1,35-40) – а тоа е самиот Јован.

## СВЕДОЧЕЊЕТО НА ЈОВАН КРСТИТЕЛОТ

Како што илустрираввме во лекцијата за минатата седмица, Евангелието според Јован започнува со Исуса Христа – Словото, во Неговото вечно постоење пред создавањето. А во истиот пролог се појавува и Јован Крстителот, како оној што сведочи за Исуса. Некои Евреи од времето на Исус очекувале двајца месии – едниот од нив би имал свештеничко, а другиот царско потекло. Меѓутоа, Евангелието според Јован јасно учи дека Крстителот не тврдел за себе дека е еден од нив, туку, напротив, бил сведок на единствениот вистински Месија.

**Прочитајте го текстот Јован 1,19-23. Како Јован Крстителот ја објаснил својата служба и мисија?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Верските водачи испратиле свештеници и Левити да го прашаат Јован кој е тој. Со оглед на високите месијански очекувања во Јудеја, било важно Крстителот да го разјасни својот став по ова прашање. Тој не бил Светлината, туку бил испратен од Бога да сведочи за Светлината и да го подготви патот за доаѓањето на Месија (Јован 1,6-8). Затоа, им одговорил најјасно што можел: „Јас не сум Христос“ (Јован 1,20).

Освен тоа, Јован крштавал со вода, а Христос требало да крштава со Дух (Јован 1,26.33). Јован не бил достоен да ги одврзе ремените од Исусовите сандали (Јован 1,27). Христос имал приоритет над Јован, бидејќи постоел пред него (Јован 1,30). Исус бил Божји Син, а Јован само упатувал на Него (Јован 1,34).

**Прочитајте го текстот Исаија 40,1-5 и Јован 1,23. Како Јован ги користи тие стихови?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Во време кога патиштата биле раскопани и камени, понекогаш пред царот биле испраќани слуги за да ги израмнат патиштата и да ги отстранат острите кривини, за патувањето на царот да се одвива непречено. Така, Јован, исполнувајќи го пророштвото, дошол да ги подготви срцата на луѓето за Исуса.

**Во која смисла ние, како адвентисти на седмиот ден, треба да ја извршуваме истата служба како Јован Крстителот? Кои паралели постојат тука?**

# ЈАГНЕТО БОЖЈО

Еврејскиот народ очекувал Месија кој ќе го ослободи од Рим. Целта на Евангелието според Јован била да се промени нивното сфаќање за Месија, за да можат во Исуса да го препознаат исполнувањето на пророштвата за претстојниот Цар. Месија не требало да биде земски владетел. Тој дошол да ги исполни сите старозаветни пророштва што се однесувале на Него, кои ја вклучувале и Неговата жртва за доброто на овој свет и обновување на односот меѓу Бога и Неговиот народ.

**Прочитајте го текстот Јован 1,29-37. Каква објава дава Јован Крстителот во врска со Исуса? Каква слика користи за да Го опише и зошто е таа толку важна за разбирањето на тоа кој бил Исус и која била Неговата мисија?**

___

___

Изјавата на Јован Крстител во врска со Исуса како Божјо Јагне ја поддржува целта на пишувањето на Јовановото евангелие, а тоа е обновено разбирање на делото на Месија и Неговата природа. Исус, всушност, требало да биде исполнување на ветувањето на жртвениот систем, кое може да се следи station наназад до ветувањето за Искупителот, за првпат дадено во 1. Мојсеева 3,15.

„При Исусовото крштавање, кога Јован укажувал на него како на Божје Јагне, делото на Месија го осветлила нова светлина. Умот на пророкот бил насочен кон зборовите на пророкот Исаија: ‘Го одведоа како јагне на колење’ (Исаија 53,7)“ (*Копнежот на вековите,* стр. 136 ориг.).

**Прочитајте ги следните текстови: Марко 10,45; Римјаните 5,6 и 1. Петрово 2,24. Како овие стихови ни помагаат да ја разбереме Исусовата улога како „Јагне Божје“?**

___

___

Колку и да му недостигало знаење за Исусовата служба, Јован Крстителот бил сигурен во едно – дека Исус е ветениот Месија, Оној што дошол како исполнување на пророштвото.

**Размислете подлабоко за таа Исусова титула – „Јагне Божје“. Какви слики ви создава во умот и како нејзината поврзаност со старозаветниот жртвен систем ви помага да ја цените повеќе таа висока цена на нашето спасение?**

## ДВАЈЦА ОД ЈОВАНОВИТЕ УЧЕНИЦИ

Двајца од учениците на Јован Крстител стоеле со него кога наишол Исус. Јован тогаш објавил: „Еве Го Јагнето Божјо“ (Јован 1,36). Така тие двајца ја слушнале Јовановата порака за Христа кој ќе ги исполни старозаветните пророштва за претстојниот Месија. Потоа го оставиле Јован за да го следат Исуса, сфаќајќи дека Исус е поголем од Јован Крстителот и дека Тој е исполнување на Јовановата порака.

**Прочитајте го текстот Јован 1,35-39. Што направиле двајцата ученици откако го слушнале Јовановото сведочење за Исус?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Сакајќи да бидат со Исуса, тие го поминале целиот ден со Него. Кој знае какви неверојатни работи научиле и доживеале тогаш?!

Тоа сигурно било нешто величествено, бидејќи набрзо добиле желба да го споделат своето искуство со другите. Андреј, еден од тие двајца ученици, веднаш го нашол својот брат Симон, и му рекол: „Го најдовме Месија (што значи Христос)“ (Јован 1,41). А кога Андреј го донел својот брат кај Него, Исус веднаш покажал дека го познава, велејќи: „Ти си Симон, синот Јонин; ти ќе се наречеш Кифа“ (Јован 1,42). Исус го познавал и го разбирал Петар. Тоа дека Исус ја познава секоја личност, претставува еден од мотивите во Евангелието според Јован (Видете, на пример, стиховите Јован 2,24.25).

„Кога Јован и Андреј би поседувале дух на неверство како свештениците и поглаварите, не би се нашле како ученици крај Исусовите нозе. Тие би дошле кај него како критичари за да ги осудат неговите зборови... Овие први ученици не сториле така. Тие се одзвиле на повикот на Светиот Дух преку проповедањето на Јована Крстителот. Сега го препознале гласот на небесниот Учител... Учењето на Писмото на Стариот завет било осветлено со божествена светлина. Повеќекратните теми на вистината се појавиле во нова светлина“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 139 оригинал).

Сиот нагласок на Евангелието според Јован е на тоа да се изнесе на виделина кој е Исус, за да може оваа добра вест да се сподели со светот.

**Во која смисла Христос и вашата вера во Него го промениле вашиот живот? Кои промени уште би сакале да се случат?**

## ФИЛИП И НАТАНАИЛ

**Прочитајте го текстот Јован 1,43-46. Што открива порака та на Филип за верата што тој веќе ја имал во Исуса?**

---

Филип бил од Витсаида, како и Петар и Андреј. Тој го нашол својот пријател Натанаил и му кажал за Исуса. Јован Крстителот го нарекол Исуса „Божјо Јагне“. Андреј му рекол на Петар дека го нашол „Месија“. Но Филип го прогласил Исуса за Оној за кого пишувале Мојсеј и пророците, а потоа го додал името: „Исус од Назарет“. Меѓутоа, споменувањето на Назарет предизвикало остра реакција кај неговиот пријател.

Натанаил најверојатно негувал одредени предрасуди за малиот град Назарет. Зар царот би дошол од едно толку зафрлено место?! Предрасудите често нѐ заслепуваат, така што не гледаме колку луѓето навистина вредат. Но се чини дека Филип сфатил, веројатно врз основа на претходните разговори со Натанаил, дека вистинскиот начин за рушење на предрасудите не е некоја високопарна филозофска или теолошка аргументација, туку повикот сам човек лично да се увери во вистината. Затоа едноставно рекол: „Дојди и види“. А Натанаил го направи токму тоа. Отишол и видел.

**Прочитајте го текстот Јован 1,47-51. Како Исус го уверил Натанаил во тоа кој е Тој, и каков бил одговорот на Натанаил?**

---

---

Меѓу стиховите 46 и 47 недостасува клучен детал за тоа како точно одговорил Натанаил на повикот на Филип. Она што го гледаме е дека тој сепак станал и отишол. Пријателството со Филип било посилно од неговите предрасуди, и неговиот живот од тој момент се променил.

Исус изговара некои убави зборови за Натанаила, нарекувајќи го Израелец во кого нема лукавство (Јован 1,47), што е во целосна спротивност со она што тој го рекол за Исуса (Јован 1,46). Натанаил реагира изненадено, бидејќи никогаш порано не се сретнал со Исуса.

**А тогаш Исус спомнува дека го видел под смокватa, и таа ситна забелешка конечно го уверува Натанаила. Исус, со божествен увид, го видел Натанаила како се моли под дрвото, копнеејќи по вистината (видете: Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 140, 141 оригинал). Потоа, Натанаил восхитено ја изразува својата вера во Исуса, нарекувајќи го Рави, Божји Син и Цар на Израел. Забележете како навидум најситното откровение води до најкрупно признавање на верата.**

## СВЕДОЧЕЊЕТО НА НИКОДИМ

**Прочитајте го текстот Јован 3,1-21. Како сведочењето на Никодим ја поткрепува основната тема на Евангелието според Јован?**

Никодим бил почитуван учител во Израел и богат член на Синедрионот. Неговото сведочење игра важна улога во Евангелието според Јован од неколку причини. Тој му се обратил на Исуса со „Рави“ и укажал на знаците што Исус ги правел како доказ за Неговата божествена мисија. Со тоа, дури и пред да стане свесен за она што го прави, тој изнел докази во прилог на Исусовото месијанство.

Никодим гледал на овие знаци како доказ за Исусовиот божествен повик, но не разбрал дека тие укажуваат на Него како исполнување на старозаветните пророштва за Месија. Според тоа, Никодим дошол со извесен сомнеж. Тој во дадениот момент не го препознал Исуса како Христос.

**Прочитајте го текстот Јован 3,3-21. Што му рекол Исус на Никодим за да му покаже дека точно гледа што се случува во него?**

Исус го познава срцето на секој поединец. Одговорот што му го дал на Никодим може да изгледа премногу отсечен, но Тој се насочува директно на проблемот. Иако верувале дека на незнабошците им треба преобратување, многу Евреи не сфаќале дека и ним, како припадници на избраниот народ, им е потребно истото искуство на преобратување. Никој не се раѓа спасен, без оглед на својата националност или црквата во која е израснат.

Прекрасното еврејско наследство кое допира назад до Аврам, несомнено им овозможувало многу впечатливи предности (видете Римјаните 3,1.2). Сепак, тоа само по себе не било доволно. Исус му рекол на Никодим нешто незамисливо – дека тој, учител и поглавар во Израел, мора повторно да се роди – одозгора!

А потоа го соочил со неговото духовно незнаење: „Ти си учител во Израел, па тоа ли не го знаеш“ (Јован 3,10). Како е можно ти, возвишен учител, да не го знаеш ова? Тој укор сигурно звучел запрепастувачки.

Но, и покрај сите сомнежи што тогаш сè уште ги имал во врска со Исуса, Никодим подоцна застанал на Негова страна, заедно со останатите Исусови следбеници (видете Јован 19,39).

**Што значи да се биде „наново роден“, и зошто Исус става толку голем нагласок на тоа?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Копнежот на вековите* од Елена Г. Вајт прочитајте го поглавјето со наслов „Никодим“, стр. 167-177 оригинал.

Никодим „...го истражувал Светото писмо на нов начин, не заради теоретски расправи, туку да прими живот за својата душа. Кога го прифатил водството на Светиот Дух, почнал да го гледа небесното царство...

Божјата милост ја примаме со вера, но верата не е наш Спасител. Со неа не се стекнува ништо. Таа е рака со која се фаќаме за Христа и ги присвојуваме неговите заслуги – лекот за гревот... Покајанието доаѓа од Христа исто толку сигурно колку и проштавањето.

Тогаш како ќе се спасиме? ‘Како Мојсеј што подигна змија во пустината’, така е подигнат Синот човечки за секој што е измамен или каснат од змијата да може да погледне и да живее. ‘Еве го Јагнето Божје кое ги зема на себе гревовите на светот’ (Јован 1, 29). Светлината што свети од крстот ја открива Божјата љубов. Неговата љубов нѐ привлекува кон него. Ако не му се спротивставиме на ова привлекување, ќе бидеме доведени во подножјето на крстот со покајание за гревовите што го распнале Спасителот. Тогаш Божјиот Дух преку верата создава нов живот во душата. Мислите и желбите ја исполнуваат Христовата волја. Срцето и умот се обновуваат според ликот на Оној што дејствува во нас да си покори сѐ себеси. Тогаш Божјиот закон е напишан во умот и во срцето и со Христа можеме да кажеме: ‘Мило ми е да ја творам волјата твоја, Боже мој’ (Псалм 40,8)“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 175, 176 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Јован Крстителот дошол да го подготви патот за Исуса. Според ваше мислење, колку била успешна неговата служба, барем од човечка перспектива? И додека размислувате како да одговорите, поставете си го следното важно прашање: Како го дефинирате „успехот“ на духовен план?**

**2. Малку подоцна, Јован Крстител изразил некои искрени сомнежи (Матеј 11,2.3; Лука 7,19). Што ги предизвикало овие сомнежи кај него, и што можеме да научиме кога станува збор за тоа како да останеме цврсти во нашата вера?**

**3. Разговарајте во класата како некој како Никодим, кој бил водач во вистинската црква, кој секако имал многу знаење, сѐ уште можел да биде во такво духовно непознавање на она што навистина е важно. Какви поуки можеме да извлечеме од ситуацијата во којашто тој се нашол?**

**Лекција 5**
**Од 26 октомври до 1 ноември**

# СВЕДОЧЕЊЕТО НА САМАРЈАНИТЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Јован 4,1-42; Јован 3,26-30; Еремија 2,13; Захарија 14,8; Езекиел 36,25-27.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А на жената ѝ велеа: 'Сега не веруваме заради твоето кажување; зашто самите чувме и знаеме дека Тој е навистина Христос, Спасителот на светот'" (Јован 4,42).**

Кои биле Самарјаните? Северното царство Израел било освоено од страна на Асирците во 722 пр. н. е. За да воспостават политичка стабилност, Асирците го расеале поробеното население насекаде низ своето царство. Слично на тоа, заробениците од други народи биле донесени за да го населат Северното царство, и од нив настанале Самарјаните, кои практикувале некој свој облик на јудаизам.

Меѓутоа, односите меѓу нив и Евреите не биле добри. На пример, Самарјаните се противеле на обновата на храмот по враќањето на Евреите од Вавилон. Во меѓувреме, тие изградиле сопствен храм на гората Геризим, која бил разурнат од еврејскиот владетел Јован Хиркан во 128 година пр. н. е.

И во Христово време тоа непријателство сѐ уште траело. Евреите ја избегнувале Самарија колку што можеле. Иако трговијата продолжила, сите други меѓусебни односи претставувале табу. Евреите не позајмувале ништо од Самарјаните, ниту, пак, примале од нив некаква услуга. Во таков контекст, Јован ја раскажува средбата меѓу Исуса, жената кај бунарот и народот од самарјанскиот град Сихар.

# ОКОЛНОСТИТЕ НА СРЕДБАТА

**Прочитајте го текстот Јован 4,1-4. Кое спорно прашање го навело Исуса да помине низ Самарија?**

---

Фарисеите дознале дека Исусовите ученици крштавале повеќе луѓе отколку учениците на Јован Крстителот. Таквата ситуација можела да предизвика тензии меѓу Јовановите и Исусовите следбеници. Јовановите учениците биле, сосема природно, љубоморни и загрижени за угледот и статусот на нивниот учител (споредете со: Јован 3,26-30). Меѓутоа, впечатливиот одговор на Јован гласел дека тој мора да се смалува, а Исус да расте (Јован 3,30). Сепак, Исус, веројатно за да избегне конфликт, ја напуштил Јудеја и се упатил кон Галилеја. Самарија обезбедувала најдиректен пат меѓу двете локации, но тоа не бил единствениот можен пат. Побожните Евреи претпочитале да одат по подолгиот заобиколен пат, одејќи кон исток преку Переја. Но, Исус имал мисија во Самарија.

**Прочитајте го текстот Јован 4,5-9. Како Исус ја искористил таа прилика за да започне разговор со жената крај бунарот?**

---

Јакововиот извор се наоѓал во непосредна близина на Сихем, додека Сихар, од каде што доаѓала жената, бил оддалечен околу 1,5 км. Исус седел покрај бунарот, додека Неговите ученици отишле во градот да купат храна. Немајќи со што да дофати од свежата вода, кога жената дошла на бунарот, Исус ја замолил да му даде да пие.

Во третата глава од Евангелието според Јован, изненадува тоа што Никодим, еврејски водач и рабин, се понизил толку многу што дошол кај Исуса. Дошол ноќе за да не биде забележан. Меѓутоа, во 4. глава, жената се крие среде бел ден, веројатно за да избегне средба со другите жени, кои доаѓале или на почетокот или на крајот на денот, кога било поладно. Зошто инаку би минувала толкав пат за да нацрпи вода, и тоа среде бел ден по најголемата горештина? Меѓутоа, од која било причина да се нашла таму, средбата со Исуса го променила нејзиниот живот.

Која сцена потоа се одвива? Еден еврејски учител стои наспроти жена Самарјанка со лоша репутација. Каков контраст! А сепак, токму во тој контекст се одвива извонредна средба.

**Кои табуа постојат во вашата култура а можат да ве спречат да им сведочите на другите? Како можеме да научиме да ги надминеме? Изнесете ги своите одговори во вашата класа во сабота.**

## ЖЕНАТА КАЈ БУНАРОТ

**Прочитајте го текстот Јован 4,7-15. Како Исус ја користи оваа средба за да почне да ѝ сведочи на таа жена?**

___________________________________________

___________________________________________

„Омразата меѓу Евреите и Самарјаните ја спречувала жената да му понуди таква услуга на Исуса. Но Спасителот го барал клучот за ова срце и со истенчено разбирање, произлезено од божествената љубов, Тој не понудил, туку побарал услуга. Понудената услуга би можела да биде отфрлена, но довербата раѓа доверба“ (Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 184 оригинал).

Како што се покажало при Неговата средба со Никодим, Исус знае што се наоѓа во срцето на другите. Како одговор на нејзиното изненадување, зошто еден Евреин би побарал таква услуга од Самарјанка, Исус оди директно на суштината. „Исус и одговори и рече: ‘Кога би знаела за Божјиот дар и Кој е Оној што ти вели: ‘Дај ми да пијам,’ ти би побарала од Него и Тој би ти дал жива вода’“ (Јован 4,10).

Жената реагирала слично на Никодим, кој го поставил прашањето: „Како може да биде тоа“ (Јован 3,9) – во контекст на новото раѓање? Нејзиното прашање гласело: „Нема со што да нацрпиш, господине, а кладенецот е длабок! Тогаш, од каде имаш жива вода?“ (Јован 4,11) И во двата случаја, Исус ги упатил (во првиот случај, истакнат еврејски учител, а во вториот, жена Самарјанка со сомнителен карактер) на трансцендентни (вонземски) духовни вистини што секој треба да ги слушне и разбере. Во основа, Исус им го кажал истото и на двајцата – им треба искуството на преобратување.

**Која е старозаветната заднина на Исусовата изјава за живата вода? (Еремија 2,13; Захарија 14,8).**

___________________________________________

___________________________________________

Водата е неопходна за животот. Луѓето не можат да опстанат без вода, па така таа може да послужи како моќна и соодветна слика за вечниот живот. Затоа Исус вели: „А кој пие од водата што Јас ќе му ја дадам нема да ожедни довека, туку водата што ќе му ја дадам, ќе стане во него извор на вода, извирајќи во вечен живот“ (Јован 4,14).

**Прочитајте го текстот Јован 7,37-38. Што ни кажува Исус во овие стихови, и како ние го доживуваме тоа што Исус ни го ветува овде?**

## „ГОСПОДИ, ДАЈ МИ ТАКВА ВОДА!“

„Ќе ве поросам со чиста вода и вие ќе се очистите од сите ваши осквернувања, и од сите ваши идоли ќе ве очистам. Ќе ви дадам ново срце, и нов дух ќе ви дадам; ќе го земам од вашето тело каменото срце и ќе ви дадам срце од месо. Ќе го внесам во вас Мојот дух и ќе направам да одите по заповедите Мои и да ги пазите и да ги исполнувате наредбите Мои“ (Езекиел 36,25-27).

**На кој начин текстот Езекиел 36,25-27 ги одразува вистините што Исус настојувал да им ги пренесе на Никодим и на жената кај бунарот?**

___

___

И во двата случаја, Исус настојувал да допре до овие луѓе со духовните вистини, иако користел и слики од светот на природата.

Никој од нив, секако не на почетокот, не разбрал што сакал да каже Исус со тоа. Како може човек, прашал Никодим, да се роди повторно? Односно, како може да се врати во утробата на мајка си? Никодим очигледно реагирал на световно и овоземно ниво, иако Исус несомнено го упатувал на духовната вистина. И жената Самарјанка, исто така, Исусовите зборови за водата ги разбрала во буквална смисла, иако Исус јасно зборувал за нешто духовно.

Кога Исус ѝ понудил жива вода, одговорот на жената гласел: „Господи, дај ми таква вода за да не ожеднувам, ниту да идам овде за полнење!“ (Јован 4,15) Таа заклучила дека водата што ѝ ја нуди Исус би ја поштедила од одење до бунарот, а со тоа би го намалила ризикот од соочување со другите. Неверојатно е колку брзо разговорот, од барањето на Исус да пие, се префрлил на жената која побарала да пие.

**Прочитајте Јован 4,16. Како одговорил Исус на барањето на жената?**

___

___

Тогаш Исус нагло ја менува темата на разговор, барајќи од жената да го повика нејзиниот сопруг и да се врати со него. Зошто оваа ненадејна промена на темата? Постапките на жената биле пресметани за да се избегнат. Но, Исус го читал нејзиното срце. Таа морала да се соочи со својата ситуација за да најде исцеление. „Пред оваа душа да може да го прими дарот што сакал да ѝ го даде, таа мора да биде наведена да ги признае своите гревови и својот Спасител“ (Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 187 оригинал).

## ИСУСОВОТО ОТКРОВЕНИЕ

**Прочитајте го текстот Јован 4,16-24. Што направил Исус за да ѝ покаже на оваа жена дека ги знае нејзините најдлабоки тајни и како таа реагирала на тоа?**

___

___

___

Светлината била премногу заслепувачка за директно да се погледне во неа. Затоа оваа жена, иако го препознала Исуса како пророк, повторно прибегнува кон избегнување. Таа Му поставува прашање во врска со верското несогласување меѓу Евреите и Самарјаните за вистинското место за богослужение.

Во својот одговор Исус истакнува дека Самарјаните не знаат кому се молат и му се поклонуваат. Нивното богослужение било спој од јудаизам и паганизам. Евреите му се поклонувале на Бога кој се открива – уште едно важно признание за некој кој припаѓа на самарјанскиот народ.

Служењето на вистинскиот Бог не е врзано за место. Затоа расправата за местото на богослужение е сосема неважна. Затоа што Бог е дух, и оние што Му се поклонуваат треба да го прават тоа во дух и вистина. Жената ја прифатила таа едноставна вистина што ѝ ја кажал Исус и била желна да научи уште повеќе.

**Прочитајте го текстот Јован 4,25-26. Како Исус ѝ го открил својот идентитет на оваа жена?**

___

___

Во сите четири евангелија, ова е единствениот текст во кој Исус, пред неговото судење, отворено пред некој изјавува дека тој е Месија. И тоа не пред некое големо мноштво почитувани личности, туку пред неименувана Самарјанка, сама, крај Јакововиот извор. Тој е заинтересиран за секоја напатена душа која се чувствува одвоено и осамено.

И така на оваа жена, која не само што била од туѓа култура, туку не била ни со највисок морален карактер, Исус отворено ѝ го открива својот идентитет. А бидејќи ѝ покажал дека ги знае нејзините најмрачни тајни, ѝ дал и силна причина да верува во Него.

**Што ни кажува овој настан за потребата евангелието да ги сруши бариерите што ние луѓето ги поставуваме меѓу нас?**

## СВЕДОЧЕЊЕТО НА САМАРЈАНИТЕ

**Прочитајте го текстот Јован 4,27-29. Кој изненадувачки чин го презела оваа жена?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Исусовиот разговор со Самарјанката бил прекинат со доаѓањето на учениците. Иако биле изненадени што Тој разговара со жена, тие не Му поставувале никакви прашања. Наместо тоа, Го наговарале да јаде.

Во меѓувреме, жената ја оставила својата стомна со вода и побрзала во градот да го сподели со другите она што го доживеала при средбата со Исуса.

**Прочитајте го текстот Јован 4,30-42. Што се случило по таа средба и што нè учи тоа за ширењето на евангелието?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Малку е необично што Исусовата сторија за жетвата го прекинува извештајот за преобратувањето на многуте луѓе во градот. Но Јован сака да видиме како Исус го разбирал она што се случувало. За Него изнесувањето на планот на спасение на Самарјанката било многу поважно од јадењето. Неговата цел била да ги води душите кон спасение и Тој оваа ситуација ја искористил за да ги поучи Своите ученици за итноста на објавувањето на евангелието на сите луѓе, дури и на оние кои не се како нив.

Во Евангелието според Јован има многу значајни моменти. Текстот Јован 4,39-42 е секако еден од нив. Многу Самарјани поверувале благодарение на сведочењето на жената која признала: „Тој ми кажа сè што сум направила“ (Јован 4,39).

Самарјаните го повикале Исуса да остане со нив. По ова, многу повеќе луѓе поверувале благодарение на Исусовите зборови. „А на жената ѝ велеа: ‘Сега не веруваме заради твоето кажување; зашто самите чувме и знаеме дека Тој е навистина Христос, Спасителот на светот’“ (Јован 4,42).

**Како овој настан ни покажува колку моќно може да биде сведочењето дури и само на една личност? Колку силен сведок сте вие за она што Исус го направил во вашиот живот?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Копнежот на вековите* од Елена Г. Вајт, прочитајте го поглавјето со наслов „На Јакововиот извор“, стр. 183-195 оригинал.

„Штом го нашла Спасителот, Самарјанката довела други кај него. Докажала дека е многу поуспешен мисионер од неговите ученици. Учениците не виделе во Самарија ништо што би им покажало дека тоа е поле што ветува. Нивните мисли биле насочени кон големото дело што треба да се изврши во иднина. Не виделе дека токму околу нив се наоѓа жетва што треба да се собере. Меѓутоа, преку жената што ја презирале, цел еден град е доведен да го слуша Спасителот. Таа веднаш светлината им ја однела на своите сонародници.

Оваа жена го претставува делувањето на вистинската вера во Христа. Секој вистински ученик се раѓа за Божјето царство како мисионер. Оној што пие од водата станува извор на животот. Примателот станува давател. Христовата милост во душата е како извор в пустина што извира да ги освежи сите, и кај оние што се близу до смртта да создаде желба да пијат од водата на животот“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 195 оригинал).

**ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР**

1. **Прегледајте ги во класата своите одговори на последното прашање во делот за недела. Бидете целосно искрени во врска со тоа. Кои табуа и предрасуди постојат во вашата култура, а кои навистина би можеле да го попречат вашето лично сведочење на другите?**
2. **Што мислите, зошто Исус наишол на толку срдечен прием меѓу Самарјаните, за разлика од оној што го доживеал од некои од сопствениот народ?**
3. **Ставете се на местото на жената Самарјанка. Доаѓа целосен странец и ѝ дава до знаење дека е свесен за нејзините најдлабоки тајни. Како може некој, особено странец, да знае такво нешто? Не е ни чудо што таа била импресионирана од Исуса. Како оваа случка ни открива дека Господ знае сè за нас, дури и оние најдлабоки, најмрачни тајни, кои не би сакале никој да ги дознае? А сепак, што ни кажува начинот на кој Тој постапувал со неа за тоа како сака да постапува со нас, и покрај тоа што ги знае нашите тајни? Каква утеха можеме да ја црпиме од оваа вистина?**
4. **Кои теми од Евангелието според Јован, што ги проучувавме досега, ги наоѓаме во Исусовата служба на жената Самарјанка кај бунарот?**

Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица

**Лекција 6**
**2 до 8 ноември**

# УШТЕ СВЕДОЧЕЊА ЗА ИСУСА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Јован 3,25-36; Јован 1,32-36; Даниел 7,18; Јован 6,51-71; Јован 5,36-38; Јован 7,37-53.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А Јас - кога ќе бидам издигнат од земјата - ќе ги привлечам сите кон Себе“ (Јован 12,32).**

Исус не кажувал само неверојатни работи за Самиот себе, за тоа кој е Тој, кој Го испратил или од каде дошол. Тој тоа го покажал преку чудата и знаците што ги правел. Како што некој отворено посведочил за Него: „Кога ќе дојде Христос, дали ќе направи повеќе чуда, отколку што направи Овој?“ (Јован 7,31)

Своите зборови Тој ги поткрепувал со постапки кои ја потврдувале нивната вистинитост.

Но, како што продолжувала драмата, почнало да доаѓа до поделеност меѓу луѓето. Исцелувањето на човекот во бањата Витезда го поттикнал гневот кај некои водачи. Како последица на разговорот во Капернаум по хранењето на 5.000 луѓе, Исус бил отфрлен од мноштвото. Воскреснувањето на Лазар кај некои создало вера, додека кај други предизвикало непријателство, што ќе доведе до Исусовото судење и погубување.

Оваа седмица ќе зборуваме за некои од оние кои сведочеле за Исуса. Во секој од овие случаи, се откриваат некои нови аспекти за тоа кој навистина е Исус, а сите тие заедно образуваат подлабока визија за Исуса, Месија.

# ПОНИЗНОСТ НА ДУШАТА – ЈОВАН КРСТИТЕЛОТ ПОВТОРНО СВЕДОЧИ

Во втората лекција опишавме како сведочењето на Јован Крстителот ги довело првите ученици – Андреј и Јован, Петар, Филип и Натанаил – кај Исуса. Може да се очекува дека Јован Крстителот, откако го изнел своето сведоштво, едноставно ќе се повлече од сцената. Но тој повеќе пати повторно се појавува во Евангелието според Јован.

**Прочитајте го текстот Јован 3,25-36. Како Јован Крстителот се споредува себеси со Исуса?**

---

Меѓу учениците на Јован Крстителот и некој неименуван Евреин дошло до расправа за очистувањето, веројатно во врска со делотворноста на крштевањето (споредете со Марко 1,4.5). Интересно е тоа што, кога учениците дошле кај Јована, несомнено за да го решат тоа прашање, го спомнале Исуса, велејќи: „Ене... Тој крштава, и сите одат при Него“ (Јован 3,26). Не е тешко да се прочита што се криело меѓу редови – тие му биле љубоморни на Исуса – љубоморни поради својот учител, но и поради самите себе.

И Јован многу лесно можел да се препушти на љубомората, но не го сторил тоа, бидејќи знаел која е неговата мисија. Наместо тоа, тој ги потсетува своите ученици дека никогаш за себе не тврдел дека е Христос. Напротив – дошол за да упатува на Него, да го подготви патот за Него, да сведочи за Него (Јован 1,6-8).

Користејќи ја сликата на венчавка, тој себеси се нарекува пријател на младоженецот, при што тој младоженец е Исус. А невестата би била Божјиот народ (споредете со: Осија 2,16-23; Исаија 62,1-5). А потоа кажува нешто што ја открива неговата вистинска големина: „Тој треба да расте, а јас да се смалувам!“ (Јован 3,30)

Потоа, во текстот Јован 3,31-36, продолжува со споредување меѓу Исуса и Јован, што ја покажува супериорноста на Месија во однос на Неговиот преттеча. Со Јовановото сведочење кое упатува на Исуса, повторно се нагласува идејата за сведоштво. Оние кои го примаат тоа сведоштво и веруваат во Исуса имаат вечен живот. Оние кои не Го примаат, остануваат изложени на Божјиот гнев. За тоа зборува тој текст. Бог го сака овој свет и го испратил својот Син да го откупи (Јован 3,16.17). Но, оние кои ќе го одбијат дарот што им е понуден, ќе мора да ја платат казната за своите гревови – а тоа е вечна смрт.

**Како да ја научиме лекцијата за понизност и пред Бога и пред луѓето? Што можеме да научиме за понизноста на душата врз основа на Јовановиот пример кој ни е предочен овде?**

## НОВО СФАЌАЊЕ ЗА МЕСИЈА

**Прочитајте Јован 1,32-36. Што кажува Јован Крстителот за Исуса, а народот не очекувал, кога станува збор за долгоочекуваниот Месија?**

___

___

Евреите очекувале да дојде Месија кој ќе ги ослободи од римското владеење. Бидејќи долго време трпеле угнетување, Евреите поверувале дека Месија не само што ќе ги собори Римјаните, туку и ќе ги утврди како голем и моќен народ. Меѓутоа, Јовановите зборови, кои го претставиле Исуса како „Божјо Јагне“, иако директно упатувале на Неговата жртва на помирување, веројатно биле погрешно сфатени од поголемиот дел од народот. Тие можеби воопшто и не знаеле за што зборува тој.

Затоа Јован со своето Евангелие имал намера да го промени нивното сфаќање за Месија, за во Исуса да го препознаат исполнувањето на пророштвата за идниот Цар и за она што Тој ќе го направи. Тој не дошол да биде политички или воен водач, туку да се принесе себеси како жртва за гревовите на светот. Тоа била Неговата цел. Дури потоа, откако сè ќе заврши, ќе дојде конечното царство (видете Даниел 7,18).

„При Исусовото крштавање, кога Јован укажувал на него како на Божје Јагне, делото на Месија го осветлила нова светлина. Умот на пророкот бил насочен кон зборовите на пророкот Исаија: ‘Го одведоа како јагне на колење’ (Исаија 53,7)“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 136 оригинал).

Во стихот Јован 1,31, Јован вели: „Јас не Го познавав, но Оној Кој ме испрати да крштавам во вода ми рече: ‘Врз Кого ќе видиш да слегува Духот и да останува над Него, Тој е Оној, Кој ќе крштава во Светиот Дух.’ И јас видов и сведочам дека Тој е Божји Син“ (Јован 1,33.34). Со други зборови, Бог му открил на Јован дека Исус е Месија.

„Ние Го проповедаме... Христос, Божја сила и Божја мудрост“ (1. Коринќаните 1,24). Сознанието дека Исус е Христос потекнува од самиот Бог, преку убедливата сила на Неговиот Дух. Таа тема често се појавува во Евангелието според Јован. Спасението не доаѓа преку световната филозофија, науката или високото образование. Тоа доаѓа само од Бога до срцето кое му се предава на Исуса со вера и послушност.

**Како би ја знаеле вистината за Исуса како наша жртва на помирување, кога не би ни била откриена? Според тоа, зошто е од толку пресудна важност познавањето на Библијата и она што таа го учи за Исуса?**

## ПРИФАЌАЊЕ И ОТФРЛАЊЕ

Во втората лекција го опишавме хранењето на 5.000 луѓе, за што известува 6. глава од Евангелието според Јован, но не го проучивме завршниот дел од таа сторија, и тоа ќе го направиме овде.

**Прочитајте го текстот Јован 6.51-71. Што е тоа што го кажал Исус, а на луѓето им било тешко да го прифатат?**

---

Откако Тој штотуку ги нахранил на чудесен начин, народот бил подготвен да го крунисa Исуса за цар (Јован 6,1-15). Но подоцна, во разговор со нив во синагогата во Капернаум, Тој го објаснува духовното значење на тоа чудо и вели: „Јас сум Лебот на животот“ (Јован 6,35). Потоа подетално објаснува како тој леб е Неговото тело, кое Тој го дава за животот на светот (Јован 6,51).

Таа изјава на многумина им ги отворила очите за фактот дека Исус нема да биде нивен овоземен цар. Тој не се вклопувал во калапот настанат како производ на овоземното размислување. А тие го одбиле преобратувањето, кое би го преобразило нивниот начин на размислување за да можат да го препознаат и да го прифатат Исуса како Месија. Многу од Неговите ученици го напуштиле во тој момент (Јован 6,66).

Човечки гледано, тоа на Исуса сигурно му било тешко. Одобрувањето на масите му годи на човекот. Кој не сака да биде прифатен од другите? Но, да се види како мноштвото се повлекува и се преиспитуваат нечии принципи, се разбира, тоа е обесхрабрувачки. Гледајќи го мноштвото како заминува, Исус ги прашал оние во неговиот поблизок круг, Дванаесеттемина, дали и тие сакаат да заминат.

Тоа е оној момент кога Петар го изнесува своето неверојатно признавање, уште едно сведоштво за тоа кој е Исус и што поседува Тој. „Ти имаш зборови на вечен живот.  Ние поверувавме и познавме дека си Ти Христос, Син на живиот Бог“ (Јован 6,68.69).

Учениците поминале неколку години со Исуса, патувајќи со Него, гледајќи ги Неговите чуда, слушајќи ги Неговите проповеди. Од лично искуство знаеле дека нема никој што може да се спореди со Него. Им се наметнувало силното уверување дека, колку и да се необични некои ситуации – тој човек е Месија – и покрај тоа што тие во голема мера погрешно ја разбирале целта на Неговото доаѓање. Дури по Неговата смрт и воскресение, тие почнале да увидуваат зошто дошол Исус.

**Што можеме да научиме од оваа приказна за фактот дека мнозинството обично греши? Зошто мора да го имаме ова на ум, особено кога ќе ги земеме предвид оние аспекти од нашата вера кои се непопуларни во очите на повеќето – дури и на повеќето христијани?**

## СВЕДОЧЕЊЕТО НА ОТЕЦОТ

Евангелието според Јован започнува со излагање за Словото (логос) кое со Бога, односно со Бог Отецот (Јован 1,1). Кога Словото станало тело, Духот посведочил за Исуса на тој начин што слегол над Него при Неговото крштевање (Јован 1,32-34). Но и Отецот сведочел за Исуса за време на Неговата земна служба.

**Прочитајте Јован 5,36-38. Што кажува овде Исус за Отецот?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Исус го поврзува Отецот со делата и чудата што самиот ги правел. Тој многу јасно зборува за тоа дека Отецот Го испратил, но и дека сведочи за Него.

**Прочитајте ги следните стихови: Матеј 3,17; Матеј 17,5; Марко 1,11 и Лука 3,22 (видете и 2. Петрово 1,17.18). Што кажува Отецот за Исуса?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

При Исусовото крштевање, Отецот и Духот му се придружиле на Синот во одбележувањето на тој важен настан – почетокот на Исусовата служба. Отецот изјавува дека Исус е Неговиот возљубен Син кој е според Неговата волја. А во клучниот момент во Христовата служба, Отецот повторно ќе проговори, овојпат онака како што е запишано во Евангелието според Јован.

Настаните достигнувале кулминација во последните денови на таа служба. Верските водачи, не можејќи да го спречат (видете Јован 12,19), сакале да биде мртов, сега повеќе од кога било. Мноштвото било воодушевено од Него, особено што сѐ повеќе луѓе, откако го слушнале сведочењето на оние што Го виделе како го воскреснува Лазара од мртвите (Јован 12,17,18), почнале да го следат Исуса. Дури и Грците, кои дошле таму за време на празниците, сакале да Го видат.

Во тој момент, како одговор на Исусовите зборови забележани во Јован 12,28: „Оче, прослави го името Свое!“ – Отецот повторно прогова-ра од небото: „И Го прославив, и пак ќе Го прославам“ (Јован 12,28).

Како што веќе видовме, Исусовиот час на славата е крстот. Според тоа, сведочењето на Отецот за Исуса укажува на големата жртва на Божјото Јагне за гревовите на овој свет. Тоа е врв на Неговата овоземна служба. Со Неговата смрт во наша полза била платена целосната казна за сите наши гревови, и во Него, врз основна на верата, ние самите никогаш не мора да се соочиме со таа казна.

## СВЕДОЧЕЊЕТО НА МНОШТВОТО

„А во последниот голем ден од празникот застана Исус и извика со висок глас, велејќи: 'Кој е жеден нека дојде кај Мене да пие! Кој верува во Мене од неговата утроба, како што е речено во Писмото, ќе потечат реки од жива вода" (Јован 7,37.38).

Јован повеќе пати ги забележал храбрите изјави на Исус за самиот Себе, за тоа кој е Тој и што дошол да направи.

Стиховите што ги цитиравме на почетокот, Јован 7,37.38, претставуваат уште еден пример за тоа што Исус тврдел за Себе и за тоа што ќе направи за сите што доаѓаат кај Него. Ова биле зачудувачки тврдења.

**Кога Исус им се обратил на Евреите кои присуствувале на празникот Сеница, каков бил одговорот на многумина во таа толпа? Јован 7,37-53**

__________________________________________________________

__________________________________________________________

Некои велеле дека Тој е пророк како Мојсеј, чие доаѓање одамна било проречено (видете 5. Мојсеева 18,15-19). Други сметале дека Исус е Христос (Месија). Но, тоа довело до расправа околу тоа дека Месија нема да дојде од Галилеја, дека Тој мора да биде од Давидовата лоза и да се роди во Витлеем – а сето тоа било вистина во Исусовиот случај (споредете со Матеј 1-2), иако многумина веројатно тоа не го знаеле!

Дури и луѓето кои биле испратени да Го уапсат се повлекле пред Него и Неговите зборови. На приговорот на тие луѓе фарисеите одговориле со друго прашање. „Поверувал ли некој од властите и фарисеите во Него?" (Јован 7,48). Ова прашање на фарисеите му дало на Јован можност повторно да го воведе Никодим во сторијата, кој по средбата со Исуса се обидел да Го заштити од нивните зли намери. „Осудува ли нашиот Закон човек додека најнапред не го сослушаат и не дознаат што прави?" (Јован 7,51)

Дали Никодим го прифатил Исуса како Месија? Иако оваа сцена не го докажува тоа, помеѓу овој чин и она што го направил откако умрел Исус (видете Јован 19,39.40), Библијата ни дава доста цврсти докази дека Никодим навистина поверувал во Него.

И така, одговорот на нивното прашање е: Да, всушност, еден од фарисеите навистина верувал во Него.

**Прочитајте го текстот Јован 7,49. Што говореле водачите што го покажувало нивниот презир кон масите што го следеле Исуса? Која поука за нас се наоѓа овде?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Копнежот на вековите* од Елена Г. Вајт прочитајте ги следните поглавја: „Пресвртница во Галилеја“, стр. 383-394 оригинал; и „Во предворјето“, стр. 621-626 оригинал.

„’Кај кого да одиме?’ Учителите во Израел биле робови на формализмот. Фарисеите и садукеите постојано се расправале. Да се напушти Исус би значело да се упадне меѓу поборниците на обредите и церемониите и меѓу славољубивите луѓе што се стремеле кон сопствена слава. Учениците нашле повеќе мир и радост откако го прифатиле Христа отколку што имале во целиот поранешен живот. Како можат да се вратат кај оние што го презирале и прогонувале Пријателот на грешниците? Долго го очекувале Месија; сега дошол и тие не можат да се откажат од неговото присуство и да преминат кај оние што сакале да го убијат, а нив ги прогонувале затоа што станале негови следбеници.

‘Кај кого да одиме?’ Не од Христовото учење, од неговите поуки за љубовта и милоста, во темнината на неверството, во пороците на светот. Додека Спасителот го напуштале мнозина што биле сведоци на неговите чудесни дела, Петар ја изразил верата на учениците: ’Ти си Христос’. Самата помисла да ја загубат оваа котва на своите души ги исполнувала со страв и со болка. Да се остане без Спасителот значи да се биде однесен со струјата на мрачното и бурно море“ (*Копнежот на вековите*, стр. 393 ориг.).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Обидете се во вашата класа да одговорите на тешкото прашање за тоа зошто некои луѓе, кога им се даваат докази за Исуса како Месија и за вистините на христијанството, со задоволство ги прифаќаат тие вистини, додека други, соочени со истите докази, избираат да ги отфрлат?**

2. **Која вистина може да биде поважна од тоа дека Исус Христос умрел за нашите гревови? Сепак, како ние воопшто сме дознале за оваа толку многу важна вистина? Благодарение на науката, природните закони, физикотеологијата, логиката, разумот? Иако и тоа може да нè наведе да поверуваме во Бог Творецот, во Првата Причина, Непридвижниот Двигател или што и да е – ниту една од тие дисциплини, без разлика дали се земени поединечно или сите заедно – не можела да ни ја открие најважната вистина што мора да ја знаеме – Христос умрел за нашите гревови. Што ни кажува овој факт – дека ни сите овие дисциплини, дури ни во принцип, не можеле да нè доведат до таа единствена вистина којашто навистина треба да ја знаеме – за тоа колку е суштински важно на Библијата да гледаме како конечен и највисок авторитет, кога станува збор за верата?**

3. **Зошто е толку важно за верата на секој поединец, тој или таа да се потсетува на она што Бог го направил во нивниот живот?**

Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица

**Лекција 7**
**9 до 15 ноември**

# БЛАЖЕНИ СЕ ОНИЕ КОИ ВЕРУВААТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Јован 8,54-58; 1.Мојсеева 12,3; Римјаните 4,1-5; Јован 12,1-8, Јован 19,4-22, Јован 20,19-31; Даниел 2; Даниел 7.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Исус му рече: ‘Тома, ти поверува затоа што Ме виде; блажени се оние кои не виделе, а поверувале’“ (Јован 20,29).**

Во своето Евангелие, Јован споменува различни луѓе – луѓе со различно потекло, верувања и искуства – и сите тие сведочат за тоа кој е Исус.

„Еве го Јагнето Божјо!“ (Јован 1,36). „Го најдовме Месија“ (Јован 1,41). „Го најдовме Оној за Кого пишува Мојсеј во Законот и Пророците“ (Јован 1,45). „Рави!... Ти си Божји Син! Ти си Израелев Цар!“ (Јован 1,49). „Да не е Тој Христос?“ (Јован 4,29). „Самите чувме и знаеме дека Тој е навистина Христос, Спасителот на светот“ (Јован 4,42). „Господи, при кого да отидеме? Ти имаш зборови на вечен живот“ (Јован 6,68). „Верувам дека Ти си Христос, Божјиот Син, Кој треба да дојде во светов“ (Јован 11,27). „Бев слеп, а сега гледам“ (Јован 9,25). „Еве го вашиот Цар“ (Јован 19,14). „Не наоѓам вина во него“ (Јован 19,6). „Господ мој и Бог мој!“ (Јован 20,28)

Кои биле овие луѓе и зошто сведочеле како што сведочеле за Исусовиот идентитет?

# ОСВРТ НА АВРАМ

Исус не се притеснувал ни кога требало да се изјасни за себе, ни кога требало да повика сведоци кои би можеле да потврдат кој е Тој, дури и ако се работело за сведоци кои одамна не се меѓу живите, како Аврам. „Авраам, вашиот татко, се радуваше да го види Мојот ден, и го виде и се зарадува“ (Јован 8,56).

**Зошто сведочењето на Аврам е толку важно што дури е вклучено во Евангелието според Јован? 1. Мојсеева 12,3; 1. Мојсеева 18,16-18; 1. Мојсеева 26,4; Матеј 1,1; Дела 3,25.**

---

„Со помош на симболи и со ветувања Бог на Аврама ‘однапред му го објави’ евангелието (Галатите 3,8). И верата на патријархот била сосредоточена на искупителот кој требало да дојде. Христос им рекол на Евреите: ‘Вашиот татко, Аврам, имаше силна желба да го види мојот ден. Го виде и се израдува’ (Јован 8,56). Овенот, принесен на олтарот наместо Исака, го претставувал Божјиот Син кој требало да биде жртвуван наместо нас. Кога човекот бил осуден на смрт поради престапот на Божјиот закон, Отецот – погледнувајќи го својот Син - му рекол на грешникот: ‘Живеј, најдов откуп!’“ (Елена Г. Вајт, Патријарси и пророци, стр. 154 оригинал).

Аврам бил татко на еврејскиот народ. Тој го примил ветувањето дека преку него ќе бидат благословени сите народи. Тој благослов дошол преку Месија, роден во самата негова лоза.

Аврам бил татко и на оние кои одговориле на Бога со вера (Евреите 11,8.17-19). Неговата готовност да го жртвува својот син Исак (1. Мојсеева 22), синот на ветувањето, не бил само доказ за верата, туку и прозорец во планот на спасението.

Кога Исус рекол: „Авраам, вашиот татко, се радуваше да го види Мојот ден, и го виде и се зарадува“ (Јован 8,56), водачите му возвратиле: „Уште немаш педесет години, и Авраама си го видел?“ (Јован 8,57)

Исусовиот одговор на тоа бил зачудувачки: „Вистина, вистина ви велам: Јас постојам уште пред да се роди Авраам“ (Јован 8,58).

Исус користи речник кој потсетува на она што му рекол Бог на Мојсеј кај грмушката што горела. Тоа било тврдење дека Тој е Бог, Самопостоечки. Без сомнение, водачите ги разбрале импликациите на Неговите зборови, бидејќи „тогаш кренаа камења, за да ги фрлат на Него“ (Јован 8,59).

**Прочитајте Римјаните 4,1-5. Како Павле овде ја користи сторијата за Аврам за да ја открие големата вистина за спасението само преку вера, без делата на законот? Како овие стихови ни помагаат да ја разбереме идејата за Аврам како татко на оние кои живеат со вера?**

# СВЕДОЧЕЊЕТО НА МАРИЈА

Шест дена пред Пасха, Исус дошол да ги посети Марија, Марта и нивниот брат Лазар, кого го воскреснал од мртвите. Симон, кој бил исцелен од лепра, приредил гозба во знак на благодарност за она што Исус го направил за него. Марта служела, а Лазар седел на масата со гостите (Јован 12,1-8).

**Какво е значењето на постапките на Марија во таа пригода? Во која смисла тоа било сведочење за тоа кој бил навистина Исус? Јован 12,1-3.**

________________________________________________

________________________________________________

Мирисното масло било многу скапо, вредело околу една годишна плата на обичен работник. Марија веројатно го донела тој дар како израз на благодарност кон Спасителот за простувањето на нејзините гревови и воскресението на нејзиниот брат. Таа имала намера еден ден да го употреби за Исусовиот погреб. Но тогаш слушнала дека Тој наскоро треба да биде помазан за Цар. Во тој случај, таа сакала да биде првата што ќе Му оддаде почит.

Марија веројатно немала намера нејзиниот чин да биде забележан, но Јован вели: „и куќата се наполни со мирис од мирото“ (Јован 12,3). Јуда брзо реагирал и упатил прекор забележувајќи дека тој парфем можел да се продаде, а приходот да им се подели на сиромашните. Но Исус веднаш ја смирил Марија, велејќи: „Оставете ја!... Зашто сиромасите ги имате секогаш покрај себе, а Мене Ме немате секогаш“ (Јован 12,7.8).

Една тема која одново се провлекува низ целото Евангелие – Исус знае што е во луѓето (Јован 2,24-25; Јован 6,70-71; Јован 13,11; Јован 16,19). Во овој случај, на Симоновата гозба, Исус знаел што има во Јуда. А и Јован, исто така, се потрудил да укаже кој е Јуда – користољубив крадец (Јован 12,6).

„Миризливиот дар што намислила Марија дарежливо да го потроши врз мртвото тело на Спасителот, го излеала врз неговото живо тело. При закопот неговиот мирис би го исполнил гробот, а сега го развеселувал неговото срце со гаранцијата на нејзината вера и љубов... А кога се упатил во темнината на своето големо искушение, го понел со себе и сеќавањето на тоа дело, на залогот на љубовта што вечно ќе му припаѓа од оние што ги откупил“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 560 оригинал).

**Исус знаел што има во срцето на Марија, а што во срцето на Јуда. Тој, исто така, знае што има и во вашето срце. Што треба да ни каже таа вистина за нашата потреба за Христа како наша праведност, која и нè преобразува и нè покрива?**

# НЕСВЕСНОТО СВЕДОЧЕЊЕ НА ПИЛАТ

Јован во повеќе наврати ги забележува обидите на верските водачи да го фатат Исуса, да го изведат на суд и да го осудат на смрт. Една тема во Евангелието според Јован, која често ја започнувал самиот Исус, се однесува на тоа дека Неговиот час сè уште не дошол, а притоа Тој мислел на времето на Неговото распнување (Јован 2,4; Јован 7,6.8.30; Јован 12,7.23.27; Јован 13:1; Јован 17,1).

Но, сега дошол тој час. Исус бил уапсен во Гетсиманската градина, изведен пред Ана, потоа пред првосвештеникот Кајафа, а потоа двапати пред Пилат.

Јован се повикува на многу сведоци од сите општествени слоеви за да потврди дека Исус е Христос. Сега тој се повикува на Пилат, римскиот обвинител кој го судел Исуса. Тоа е важно сведочење, бидејќи Пилат бил Римјанин, царски управител и судија, додека повеќето други сведоци биле Евреи и припадници на обичниот народ.

**На кој начин пресудата на Пилат е поврзана со темата на Јовановото евангелие? Јован 18,38; Јован 19,4-22.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Исус бил изведен пред Пилат рано наутро во петок (Јован 18,28). Неговиот план бил брзо да го препушти тој затвореник на Неговата судбина. Меѓутоа, однесувањето на Исус го привлекло вниманието на Пилат. Управителот детално го испрашал Исус и од Неговите усни ги слушнал зборовите: „Јас се родив за тоа и за тоа дојдов на светот, за да сведочам за вистината. Секој – кој е од вистината – го слуша Мојот глас“ (Јован 18,37).

Иако на крајот сепак го осудил на смрт, Пилат трипати го прогласил Исуса за невин (Јован 18,38; Јован 19,4.6). А на крстот го ставил натписот: „Исус од Назарет, цар Јудејски“ (Јован 19,19), со што го довршил своето сведочење за тоа кој е Исус. Меѓутоа, и покрај сопственото сведочење за невиноста на Исус, тој Го осудил на смрт.

Пилат ја имал пред себе Вистината лично, а сепак – дозволувајќи ѝ на толпата да изврши притисок врз него – го осудил Исус на смрт! Каков трагичен пример кој покажува што се случува кога не го следиме она за што нашата совест и нашето срце ни велат дека е правилно!

**Што можеме да научиме од примерот на Пилат за тоа колку е опасно да дозволиме некое популарно мислење, па дури и притисок, да нè спречат да го направиме она за кое веруваме дека е исправно?**

# СВЕДОЧЕЊЕТО НА ТОМА

**Прочитајте го текстот Јован 20,19-31. Што можеме да научиме за верата и сомневањето од сторијата за Тома? Која крупна грешка ја направил Тома?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Христос се појавил пред учениците по своето воскресение, додека во својот страв биле заедно заклучени во соба. Тома тогаш не бил со нив. Подоцна слушнал извештаи за воскресението од другите ученици, но и понатаму бил очаен. Тоа не се вклопувало во неговата слика за царството. Освен тоа, сигурно се прашувал зошто Исус би им се открил на другите кога тој не бил таму.

И затоа изјавил: „Додека не ги видам раните од клинците на рацете Негови, и не го ставам прстот свој во раните од клинците, и не ја ставам раката своја во ребрата Негови, нема да поверувам“ (Јован 20,25).

Тома ги диктирал условите за сопственото верување. Таквиот пристап кон верата во Исуса се јавува секогаш одново во Евангелието според Јован. Никодим му одговорил на Исуса со зборовите: „Како може да се роди човек кога е стар“ (Јован 3,4). Жената кај бунарот Му поставила прашање: „Нема со што да нацрпиш, господине, а кладенецот е длабок! Тогаш, од каде имаш жива вода?“ (Јован 4,11) Мноштвото кое штотуку било нахрането со леб и риба, побарало одговор: „Каков знак правиш, да видиме и да Ти поверуваме?“ (Јован 6,30)

Токму на тој агол на набљудување – „види, па тогаш верувај“ – Јован се спротивставува во своето Евангелие. Кога го сретнал Тома по неговото воскресение, Исус го повикал да дојде, да го види и допре неговото воскреснато тело. Но, тогаш му рекол: „Блажени се кои не виделе, а поверувале“ (Јован 20,29).

„Бог никогаш не бара да веруваме ако не ни даде доволно докази врз кои можеме да ја темелиме нашата вера. Неговото постоење, неговиот карактер, вистинитоста на неговата Реч, сето тоа е потврдено со докази што му се обраќаат на нашиот разум, а такви докази има многу. Сепак, Бог никогаш не ја отстранил можноста за сомневање. Нашата вера мора да почива на нашето лично осведочување, а не на некакво набројување на докази“ (Е. Г. Вајт, *Патот кон Христа*, стр. 105 ориг.).

Преку Божјата реч, преку делата на создавањето и личното искуство, нам ни е дадена неверојатна количина на докази за вера во Исуса.

**Ако некој ве праша зошто верувате во Исуса, што би му рекле?**

# НАШЕТО СВЕДОЧЕЊЕ ЗА ИСУСА

Секогаш одново, додека ги претставува Исусовите сведоци, целта на Јован е да нè доведе до конечниот заклучок: „И многу други чуда направи Исус пред учениците, кои не се запишани во книгава; а овие се запишани, за да верувате дека Исус е Христос, Божји Син, и верувајќи да имате живот во Негово име“ (Јован 20,30.31).

Замислете да сте биле таму, лично, во тело и да сте виделе како Исус ги прави тие многубројни чуда. Сигурно би поверувале, зар не? Сакаме да мислиме така, но во извесна смисла, ние имаме уште повеќе причини да веруваме во Исуса отколку оние што навистина ги виделе тие чуда.

Зошто?

**Што имаме ние денес, што го немале оние што живееле во времето на Исус, а треба да ни помогне да веруваме? Видете ги, на пример, следниве текстови: Матеј 24,2; Матеј 24,14; Матеј 24,6-8.**

---

Ние ги имаме не само моќните извештаи во Евангелието според Јован, туку и големата предност да го видиме исполнувањето на многу работи што ги предвиделе Исус и другите библиски писатели, како што е разурнувањето на храмот (Матеј 24,2), проповедањето на евангелието низ целиот свет (Матеј 24,14), големото отпадништво (2. Солуњаните 2,3) и фактот дека светот продолжува да биде грешно и зло место (Матеј 24,6-8). Во текот на целиот живот и служба на Исуса Христа, Неговите следбеници останале мала и малтретирана група мажи и жени, кои, според сите човечки очекувања, одамна требало да исчезнат од историската сцена. Како можеле тие да знаат, како што знаеме ние, дека сето ова ќе се случи? А знаеле. Дури и самата наша вера е всушност исполнување на Исусовото пророштво дека Евангелието ќе се проповеда низ целиот свет.

Денес, околу две илјади години подоцна, како Исусови следбеници, и ние ја имаме таа предност да сведочиме за Исуса и за она што Тој го направил за нас. Тоа што ние денес, самите за себе, можеме да го запознаеме Исуса како Месија, не е резултат на резонирањето на Натанаил, Никодим и жената Самарјанка или на учењата на фарисеите. Тоа што го прифаќаме Исуса како Спасител на светот е резултат на читањето на Светото писмо преку дејството на силата на Светиот Дух кој нè осведочува.

И тогаш, секој од нас, на свој начин, и врз основа на нашиот личен однос со Бога, може да ја раскаже својата сопствена приказна. Нашата приказна можеби не е многу драматична, во смисла дека сме виделе како стануваат мртви или како некој слеп од раѓање бил исцелен, но тоа не е важно. Она што е важно е дека ние го познаваме Исуса лично и дека сведочиме за Него на свој начин, исто како што тоа го правеле и личностите во Евангелието според Јован.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгите на Елена Г. Вајт прочитајте ги следните поглавја: „Проверка на верата“, *Патријарси и пророци*, стр. 145-155 оригинал; „Во судницата на Пилата“, *Копнежот на вековите,* стр. 723-740 оригинал.

Тома „се фрлил пред Исусовите нозе со извикот: ‘Господ мој и Бог мој!’

Исус го прифатил неговото признавање, но нежно го укорил неговото неверување: ‘Веруваш затоа што ме виде. Блазе на оние што не виделе – а веруваат.’ Верата на Тома на Христа би му била многу помила кога тој би бил готов да поверува во сведоштвото на своите браќа. Кога светот сега би го следел примерот на Тома, никој не би верувал во спасението, зашто сите што ќе го примат Христа мора да го сторат тоа врз основа на сведоштвата на други.

Мнозина што се сомневаат се правдаат тврдејќи дека би верувале кога би имале таков доказ каков што имал Тома од своите другари. Тие не сфаќаат дека имаат многу повеќе од еден таков доказ. Мнозина кои како Тома чекаат да се отстранат сите причини за сомневањето, нема никогаш да ја остварат својата желба. Постепено се зацврстуваат во неверувањето. Оние што се воспитуваат да ја посматраат мрачната страна, да мрморат и да се жалат, не знаат што прават. Тие сеат семе на сомневање и ќе мораат да ја жнеат жетвата на сомневањето. Во времето кога верата и довербата се најнеопходни, мнозина ќе се најдат немоќни да се надеваат и да веруваат“ (Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 807, 808 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Која е клучната разлика во исповедањето на верата меѓу Аврама и Тома? Што можеме да научиме од нивните стории?**

**2. Некој, кој е расположен во вашата класа, нека го сподели своето сведоштво за Исуса, како што видовме дека се правело во Евангелието според Јован. Иако извештаите се различни, што велат луѓето и како сите тие сведочат за истиот Господ?**

**3. Пилат поставил многу филозофско прашање: „Што е вистина?“ Изнесете го вашиот одговор на ова прашање во светлината на сето она што го проучувавме во Евангелието според Јован.**

**4. Размислете за пророштвата од 2. и 7. глава од Книгата на пророк Даниел. Иако на луѓето од времето на Исус исто така им биле познати тие две глави, која голема предност ја имаме ние денес во однос на нив, во смисла на тоа дека гледаме како се исполниле тие пророштва, па имаме уште повеќе причини за да веруваме?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Лекција 8**
**16 до 22 ноември**

# ИСПОЛНУВАЊЕ НА СТАРОЗАВЕТНИТЕ ПРОРОШТВА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Јован 5,17.20.36-40.46.47; Јован 13,18; Јован 17,12; Еремија 2,13; Захарија 9,9; Јован 8,12-30.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Јас пак имам сведоштво поголемо од Јовановото: делата што Таткото Ми ги даде да ги завршам, токму тие дела, што ги правам, сведочат за Мене – дека Таткото Ме пратил“ (Јован 5,36).**

Во Евангелието според Јован секогаш одново гледаме сè што Исус зборувал и направил, а откривало дека Месија (hammashiach), Христос, дошол во Израел. А Тој всушност дошол како еден од нив, како Евреин роден во Витлеем, токму како што предвидело Светото писмо.

А сепак, како што пишува Јован: „Беше во светот, и светот стана преку Него, но светот не Го позна“ (Јован 1,10).

Тој бил на светот, светот настанал преку Него, а сепак светот не Го препознал? Тоа е неверојатна изјава. И, како што можеме да видиме во Евангелието според Јован и другите евангелија, многумина не го препознале Исуса, а требало да го препознаат, особено поради сè што рекол и правел. Особено што и старозаветните списи упатувале на Него.

Оваа седмица ќе согледаме повеќе начини на кои Јован го откривал Исуса како Месија, а ќе разгледаме и зошто некои луѓе сепак продолжиле да Го отфрлаат – и покрај сите силни причини што зборувале во прилог на тоа дека Тој е Христос.

Што можеме да научиме од нивните грешки?

## ЗНАЦИ, ДЕЛА И ЧУДА

Освен некои конкретни чуда што Јован ги искористил за да укаже на Исуса како Месија, тој запишал и поширока дискусија за знаците, делата и чудата што ги правел Исус.

Самите знаци и чуда не биле доказ за Неговото месијанство, бидејќи многу пророци, понекогаш и оние што биле лажни, исто така правеле чуда. Јован не ги запишал овие знаци само затоа што укажувале на некој голем чудотворец. Знаците за кои пишувал Јован имале единствен карактер, во смисла дека упатувале на Исуса како Месија и покажувале дека Тој навистина дошол лично од Бог Отецот.

**Прочитајте Јован 5,17.20.36-38. Како овие стихови го опишуваат односот меѓу Исуса и Отецот, особено во контекст на знаците?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Исус се служел со знаци за да ја покаже својата блиска поврзаност во дејствувањето со Таткото. Двајцата биле едно. Делата покажувале дека „Таткото е во Мене и Јас во Него!“ (Јован 10,38; видете исто така: Јован 14,10.11.)

Целта на Исусовото доаѓање била да ги врши делата на Оној што Го испратил, за да може тие дела видливо да се покажат во светот. Односно, Тој дошол да ги врши делата за кои Отецот Го испратил, а оние дела што ги правел, јасно сведочеле дека Тој потекнува од Отецот.

А сепак, како што веќе видовме, и покрај силните знаци и сведочењата на многу луѓе, некои сепак одлучиле да не веруваат.

Верските водачи го прашале Исуса: „’До кога ќе ни ја измачуваш душата? Ако си Ти Христос, кажи ни слободно!’ Исус им одговори: ‘Ви реков, и не верувате. Делата што Јас ги правам – во името на Мојот Татко – сведочат за Мене’“ (Јован 10,24.25).

Ако Исус истапил отворено и рекол дека е Месија, верските водачи – кои барале што било само за да можат да го употребат против Него – веднаш би Го нападнале. Знаејќи го ова, Исус повеќе сакал да ги упати кон делата што ги правел. Кога Тој отворено би изјавил дека е Христос, тие можеби ќе се обиделе да го оспорат тоа. А дали можеле да ги оспорат знаците, делата и чудата? Тоа биле моќни сведоштва за тоа кој е Исус и од каде дошол.

**Како можеме да се заштитиме од таквата тврдост на срцето каква што ја гледаме меѓу овие верски водачи? На кои сè начини можеби се бориме против Божјото дејствување во нашиот живот?**

# АВТОРИТАТИВНАТА УЛОГА НА СВЕТОТО ПИСМО

Освен специфичните знаци и сведоштва што ги користел за да укаже на Исуса како Месија, Јован исто така се повикувал на авторитетот на Стариот Завет и неговите пророштва, кои ги претскажувале Христовите дела. Стариот завет е од суштинско значење, не само за Евангелието според Јован, туку и за целиот Нов завет. Одбраната на Исуса, на она што бил Тој, од каде дошол, што правел и што ќе прави – се засновала на Светото писмо, во овој случај, на Стариот завет.

**Прочитајте ги следните текстови: Јован 5,39.40.46.47. Што нè учат тие за Исусовиот став кон авторитетот на Светото писмо?**

---

---

---

Низ сите евангелија, Исус постојано укажувал на авторитетот на Светото писмо како клучно сведоштво за Него. На пример, Тој често ги користи старозаветните настани за да укаже на себе и на она што го прави. Еден таков случај е кога Тој се повикува на настан од текстот 4. Мојсеева 21,5-9: „И како што Мојсеј ја издигна змијата во пустината, така треба да биде издигнат Човечкиот Син“ (Јован 3,14). Овде Исус не само што се навраќа на тој настан, туку користејќи го за да укаже на себе, во основа ни дава авторитативно толкување на пораката што таа сторија требало да ја пренесе.

И не само Исус – и други го користеле Стариот завет за да укажат на Него. На пример, на почетокот на Евангелието според Јован ги читаме следните зборови на Филип: „Го најдовме Оној за Кого пишува Мојсеј во Законот и Пророците“ (Јован 1,45).

**Прочитајте ги следните текстови: Јован 13,18; Јован 17,12; Јован 19,24.28.36. Што нè учат тие за тоа како Исус и Јован го разбирале авторитетот на Светото писмо? Што ни кажува ова за клучната улога што треба да ја има целото Свето писмо кога станува збор за нашата вера?**

---

---

---

**Кои сили работат прикриено или отворено денес на тоа да ја поткопаат нашата вера во авторитетот на Библијата? Изнесете го својот одговор во вашата класа во сабота.**

# СТАРОЗАВЕТНИТЕ ПРОРОШТВА ЗА ИСУС – 1 ДЕЛ

Во расправата со верските водачи за својот идентитет, Исус го потврдил авторитетот на Светото писмо. На прв поглед, тоа не било неопходно, бидејќи верските водачи верувале во Библијата. Сепак, дури и пред нив, Исус го нагласувал авторитетот на Светото писмо, а го правел тоа за да им се открие себеси – колку и да биле тврди нивните срца, и колку и да се обидувале да се спротивстават на сведочењето.

Во меѓувреме, Јован бележи многу директни цитати и алузии на Стариот завет, кои укажуваат на Исуса како исполнување на старозаветните ветувања за Месија.

**Во која смисла се поврзани следните новозаветни и старозаветни стихови? Односно, како тие текстови се користат во Новиот завет како сведоштво за Исуса?**

**Јован 1,23; Исаија 40,3** ________________________________

________________________________________________

________________________________________________

**Јован 2,16.17; Псалм 69,9**________________________________

________________________________________________

________________________________________________

**Јован 7,38; Еремија 2,13**________________________________

________________________________________________

________________________________________________

**Јован 19,36; 4. Мојсеј 9,12**________________________________

________________________________________________

________________________________________________

Не само Јован, туку и Петар, Павле, Матеј, Марко, Лука и сите новозаветни писатели, под влијание на Светиот Дух, постојано нагласуваат дека животот, смртта и воскресението на Исуса од Назарет, како и Неговото вознесение на Божјиот престол, претставуваат исполнување на старозаветните пророштва.

И иако Исус постојано ги упатувал своите ученици на Светото писмо, кое ја најавувало Неговата служба – кога конечно учениците сфатиле дека Светото писмо зборува за Него? Дури откако тој умрел и воскреснал и се појавил пред нив, тие конечно го разбрале тоа. „Кога воскресна, пак, од мртвите, Неговите ученици се сетија дека го рече тоа; па им поверуваа на Писмото и на зборот, што Исус им го рече“ (Јован 2,22; видете и: Јован 20,9).

## СТАРОЗАВЕТНИТЕ ПРОРОШТВА ЗА ИСУС – 2 ДЕЛ

Исус им рекол на верските водачи: „Вие ги проучувате Писмата, зашто мислите дека имате вечен живот во нив; и тие сведочат за Мене“ (Јован 5,39). Какво неверојатно тврдење за самиот себе!

Проценките се разликуваат, но некои научници сметаат дека Исус од Назарет исполнил стотици старозаветни пророштва. Колкав и да е нивниот број, веројатноста еден човек да исполни макар и некои, а камоли сите, е неверојатно мала. Одвреме-навреме некој ја употребува следнава слика: замислете површина со големина на Тексас да ја покриете со слој од метални монети дебел половина метар, обојувајќи една од нив во розова боја и сите да ги измешате. Тогаш дајте му на лице со врзани очи една и единствена шанса да ја најде таа розова паричка. Какви се шансите тоа лице да ја одбере токму таа паричка при првиот обид?

Несомнено – Христовото раѓање, живот и смрт биле претскажани во Стариот завет, што е восхитувачки доказ за Неговиот идентитет како очекуван Месија. Јован секогаш одново укажува на тие старозаветни текстови за да ја нагласи таа вистина – кој е Исус и зошто треба да веруваме во Него и да го прифатиме спасението што Тој го нуди.

**Што ни открива секој од следните текстови од Евангелието според Јован за Исуса како исполнување на месијанските пророштва?**

**Јован 12,13; Псалм 118,26** ________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

**Јован 12,14.15; Захарија 9,9** ______________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

**Јован 13,18; Псалм 41,9** _________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

**Јован 19,37; Захарија 12,10; Захарија 13,6** __________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

**Колку сте цврсто утврдени во она што го верувате? Ако некој ве праша зошто верувате во Исуса како Месија, каков одговор би можеле да дадете, кои текстови би ги побарале и зошто, за да ја одбраните својата вера?**

## „ОД ДОЛУ“

Во нашето досегашно проучување на Евангелието според Јован, видовме дека Јован покажува дека Исус е навистина ветениот Месија, големата надеж по која копнеел еврејскиот народ.

Сепак, многу од верските предводници, духовните водачи на народот, всушност биле Негови најголеми непријатели.

Зошто?

**Прочитајте го текстот Јован 8,12-30. Каква динамика постои меѓу Исуса и тие верски водачи? Кои стихови најдобро помагаат да се објасни зошто многумина го отфрлиле?**

________________________________________________

________________________________________________

Исус вели дека тие не го познаваат ниту Него ниту Отецот (Јован 8,19). Требало да ги познаат и двајцата, но овие луѓе себеси се залажувале. Тие биле толку обземени со своите обичаи и филозофии што, иако Исус стоел пред нив, правејќи ги сите работи што ги правел и кажувајќи го сето она што ги кажал – а сите тие биле моќни откровенија на Отецот – сепак Го отфрлиле.

Второ, Исус им вели: „Вие сте од долу“ (Јован 8,23). Со други зборови, колку и да биле религиозни, тие не биле духовни, побожни луѓе. Тие имале „изглед на побожност“ (2. Тимотеј 3,5), но тоа било сè. Имале надворешна побожност, но внатрешно неверување.

Тоа не беше ништо ново: „Бидејќи овој народ Ми пристапува само со устата, и Ме почитува само со усните, а срцето му е далеку од Мене, и неговото почитување научено од човечки одредби...“ (Исаија 29,13). Истиот концепт Исус го повторил со векови подоцна, кога рекол: „Напразно Ме почитуваат, учејќи науки, што се човечки повелби“ (Марко 7,7). Нивните човечки учења, нивните човечки заповеди биле „од овој свет“ (Јован 8,23), а, како што тогаш им рекол Исус: „Јас не сум од овој свет“ (Јован 8,23). Веќе било доволно лошо што се залажувале самите себе, но уште потрагично е што ги заведувале и другите. Сепак, интересно е што Јован пишува дека, како резултат на расправата запишана во тие стихови, „мнозина поверуваа во Него“ (Јован 8,30).

Така, и покрај неверството на водачите, многу Евреи успеале да ги надминат заблудите и самите за себе да сфатат кој е Исус.

**Кои поуки ги извлекувате од Исусовата расправа со верските водачи? Како можеме и ние да бидеме „од горе“, а не „од долу“ – и како да ја препознаеме разликата?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Копнежот на вековите* од Елена Г. Вајт, прочитајте го поглавјето „Да не се плаши срцето ваше“, стр. 662-680 оригинал.

„Како златна ризница, вистината му била доверена на еврејскиот народ. Еврејскиот верски систем го воспоставил лично Христос. Со слики и симболи биле претставени големите вистини на откупувањето. А сепак, кога Христос дошол, Евреите не го препознале Оној на кого упатувале сите симболи. Имале Божја реч во свои раце, но традициите, пренесувани од поколение на поколение, и човечките толкувања на Писмото, ја скриле од нивните очи изворната вистина, вистината онаква каква што потекнува од Исуса. Духовното значење на светите списи било заборавено. Ризницата на севкупното знаење лежела отворена пред нив, а тие тоа не го виделе.

Бог не ја крие својата вистина од луѓето. Со своето однесување тие сами ја кријат од себе. Христос на еврејскиот народ му дал изобилство докази дека е Месија, но неговото учење барало решителна промена во нивниот живот. Виделе дека, ако го прифатат Христа, ќе мора да ги отфрлат сите свои омилени правила и традиции, своите себични, безбожни обичаи. Од нив се барала жртва за да можат да ја прифатат непроменливата, вечна вистина. Токму затоа не сакале да ги прифатат дури ни најцврстите докази што им ги давало Небото за да ја утврди нивната вера во Христа. Тврделе дека веруваат во старозаветните списи, но одбивале да го прифатат сведочењето на тие списи за Христовиот живот и карактер. Се плашеле дека ќе бидат осведочени, дека ќе мораат да се преобратат и ќе бидат присилени да ги отфрлат своите однапред создадени мислења, што било незамисливо за нив. Ризницата на вистината, Патот, Вистината и Животот, била меѓу нив, но тие го отфрлиле најголемиот дар што можело да им го понуди Небото“ (Е.Вајт, *Христовите параболи,* стр. 105 ориг.).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. На кој начин пророштвата што се исполниле во Исусовиот живот ја изградуваат верата?**

**2. Кои три или четири главни пречки им стоеле на патот на верските водачи и ги спречиле да поверуваат во Исуса? Како овие исти принципи се манифестираат и денес?**

**3. Направете личен попис за тоа на што се заснова вашата доверба денес. Кои чекори би можеле да ги преземете за да ја зајакнете својата вера?**

**4. Што би требало да ви каже вашиот одговор на прашањето поставено при крајот на проучувањето од понеделникот за авторитетот на Светото писмо и зошто мораме да отфрлиме сè што го доведува во прашање неговиот конечен и врвен авторитет?**

**Лекција 9**
**23 до 29 ноември**

# ИЗВОР НА ЖИВОТОТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Јован 1,4; Јован 10,10; Јован 1,12.13; Јован 6,61-68; 4. Мојсеева 13,23-33; Матеј 4,1-4.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Јас сум Патот, Вистината и Животот; никој не доаѓа кај Отецот, освен преку Мене“ (Јован 14,6).**

Во Евангелието според Јован, кога Го прашале кој е Тој, Исус одговорил со еден израз што означува божество. Зборовите „ЈАС СУМ“ непогрешливо се однесувале на самиот Господ, кој се појавил пред Мојсеја во грмушката што горела. „Јас сум, кој сум“, му рекол Господ на Мојсеја (2. Мојсеева 3,14). И истиот тој Бог, „ЈАС СУМ“, потоа „Словото стана тело и се настани меѓу нас и ја видовме Неговата слава, славата што ја има како Единороден од Таткото - полн со благодат и вистина“ (Јован 1,14).

Темата „ЈАС СУМ“ се провлекува низ целото евангелие според Јован. Стихот што треба да го запомниме оваа седмица ја одразува таа тема: „Јас сум Патот, Вистината и Животот“ (Јован 14,6). „ЈАС СУМ“ е Светлината на светот, Лебот на животот, Портата или Вратата на овците, Добриот Пастир и Вистинската лоза.

Оваа седмица ќе продолжиме да го проучуваме Божјото откровение што ни е дадено во Евангелието според Јован. Освен тоа, поцелосно ќе ја истражиме онаа друга страна на сторијата, а тоа е дека, и покрај силните докази за Него како Месија, некои сепак го отфрлиле Исуса. Ќе ја проучуваме таа мисла од две причини: да избегнеме да ја направиме истата грешка, но и за да разгледаме како да допреме до оние кои исто така се во опасност да погрешат.

## ВО НЕГО БЕШЕ ЖИВОТОТ

Во Јован 1,1 апостолот јасно тврди дека Исус е Бог, божествениот Син. Соодветно на тоа, во стихот Јован 1,4 читаме: „Во него (Словото) беше живот и животот им беше светлина на луѓето“. Животот што се спомнува овде, мора да биде божествен живот – неизведено, вечно самопостоење. Токму затоа што има живот во себе, Тој може да го даде својот живот и повторно да го земе (Јован 10,17). И бидејќи има живот во себе, Тој може да му го даде на кого сака (Јован 5,21; споредете со: Јован 14,19).

Изразот за живот употребен овде (zoē) се појавува 36 пати во Евангелието според Јован, што е приближно 25 проценти од неговата употреба во Новиот завет. Во стиховите Јован 1,4.5, освен што се однесува на изворот на живот на нашата планета, истиот збор е поврзан и со спасението. Во останатиот дел од Евангелието според Јован, оваа идеја за живот (zoē) најчесто се изразува како „вечен живот“, ветување за спасение (видете: Јован 3,15.16.36; Јован 4,14.36; Јован 6,27.40.47.54.68; Јован 10,27.28). Според тоа, Оној што го дал животот при создавањето, е истиот Оној кој му носи спасение и вечен живот на изгубениот свет.

**Зошто Исус дошол на земјата? Јован 1,29; Јован 3,16; Јован 6,40; Јован 10,10; Јован 12,27.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

„И како што Мојсеј ја издигна змијата во пустината, така треба да биде издигнат Човечкиот Син, та секој, кој верува во Него да не загине, но да има вечен живот“ (Јован 3,14.15).

Исто како што бронзената змија го зазела местото на Израелците кои биле каснати од змии, така Исус го зазел местото на нас, соборени од гревот. Тој ја презел казната што нам ни следувала, за ние да можеме да го имаме животот што Му припаѓал Нему.

Христос сака да имаме живот и да го имаме во изобилство (Јован 10,10). И затоа, „на сите кои Го примија, им даде власт да станат Божји деца, на оние кои веруваат во Неговото име: кои не се родија ниту од крв, ниту од телесна похот, ни од волја на маж, туку од Бога“ (Јован 1,12.13).

Христос дошол да ни го открие Отецот. Зашто: „Бога никој никогаш не Го видел; Единородниот Син, Кој е во крилото на Отецот - Тој Го објави“ (Јован 1,18). Набљудувајќи го Исусовиот карактер, можеме да го видиме карактерот на Отецот.

**Што можеме да научиме за карактерот на Отецот од Исусовиот живот? Зошто ова откровение е толку добра вест?**

## ЗБОРОВИ НА ВЕЧЕН ЖИВОТ

**Прочитајте го текстот Јован 6,61-68. Кога Исус ги прашал учениците дали ќе го напуштат, која била смислата на одговорот на Петар?**

---

---

Зборовите на Петар за „вечен живот“ допираат тема што се провлекува низ целото Евангелие според Јован. Голема концентрација на изрази за вечниот живот се јавува во 6. глава од Евангелието според Јован, во контекст на хранењето на 5.000 луѓе (Јован 6,27.40.47.54.68). Исус вели дека Тој е Лебот живот (Јован 6,35), што значи дека Неговиот живот, Неговата смрт и Неговото воскресение се извор на вечното спасение.

Изразот вечен живот или некој негов еквивалент (израз со исто значење) се појавува најмалку 17 пати во Евангелието според Јован. Тој израз не се однесува на некакво духовно постоење, ниту на тоа дека стануваме дел од некое вечно битие, ниту на некој друг етеричен (неопиплив) концепт. Напротив, тој се однесува на таа животворна сила која носи спасение и смисла на нашето постоење сега, и живот без крај кога ќе се врати нашиот Господ. Токму како што Исус станал тело, така и воскресението за кое зборува Исус се случува во просторот и времето и во физичкото тело. Овде станува збор за воскресение од мртвите, обновување на животот каков што некогаш сме го имале во Едем.

**Како го примаме вечниот живот? Јован 3,15.16; Јован 5,24; Јован 6,40.47; Јован 8,31; Јован 12,46; Јован 20,31.**

---

---

Само врз основа на верата ние прифаќаме дека Исус Христос дошол да живее и да умре во наша полза. Таа вера ја примаме како дар, но мораме свесно да одлучиме да му се предадеме на Исуса, да се покаеме и да се повикаме на Неговата крв за проштавање и очистување од гревот.

Одговорот што Петар го дал на прашањето што го поставил Исус, дали и тој има намера да си оди: „Господи, при кого да отидеме? Ти имаш зборови на вечен живот“ (Јован 6,68) – ја сумира суштината на спасението и начинот на кој тоа се постигнува. Тоа не доаѓа од филозофијата, историјата, природните науки – кои се само човечки дисциплини. Тоа доаѓа од Исуса, кој – бидејќи го поседува во себе – бесплатно им дава вечен живот на сите кои, одговарајќи на поттиците на Светиот Дух, сакаат да го примат.

**Како ветувањето за вечен живот влијае на тоа како гледаме на нашиот привремен живот овде? Како ова би требало да влијае на тоа како ги согледуваме работите воопшто?**

# ВЕРУВАЊЕТО И НОВОТО РАЃАЊЕ

**Прочитајте го текстот Јован 1,12.13. Кои чекори се опишани тука, кога станува збор за тоа како да се стане христијанин?**

---

Јован го напишал своето Евангелие за да можеме да веруваме и верувајќи да имаме вечен живот во името на Исус (Јован 20,31). Во стиховите Јован 1,12-13, тој процес е опишан во два чекора. Прво, ние Го примаме, односно веруваме во Него. Второ, Тој ни дава власт или моќ да станеме Божји деца, што е опишано во 13. стих како да сме родени од Бога. Значи, постои човечки и божествен аспект во тоа како се станува христијанин. Ние мора да постапуваме во согласност со верата, да Го примиме, да бидеме отворени за светлината, но Тој е оној кој го обновува срцето.

Всушност, и самата вера е дар од Бога, кој доаѓа врз основа на слушање на Неговата Реч (Римјаните 10,17). „За да имаме вистинска, постојана вера во Христа, мора да Го познаваме онака како што е претставен во Речта" (Ellen G. White, Fundamentals of Christian Education, p. 433). „Духот кој дејствува на човечкиот ум и го просветлува, создава вера во Бога" (Ellen G. White Comments, *The Seventh-day Adventist Bible Commentary,* vol. 7, p. 940).

Оние кои веруваат во Синот и Го прифаќаат како Месија, примаат вечен живот. Јован исто така го нагласува и прифаќањето и верувањето во Словото што го кажал Исус (Јован 5,24.38.47). Улогата на Светиот Дух е да донесе осведочување (Јован 16,7.8; споредете со: Римјаните 8,16).

**Прочитајте го текстот Римјаните 8,16. Кој принцип го наоѓаме тука, кога станува збор за спасението во Исуса?**

---

Верата, библиската вера, заснована на дејствувањето на Светиот Дух во нашето срце, претставува темел на нашето верување. „Верата е... голем благослов – око што гледа и уво што слуша" (Ellen G. White, In Heavenly Places, p. 104). Хуманистичкиот пристап кон верата подразбира дека прво треба да најдеме темел, критериум за верата, па дури тогаш да веруваме. Наспроти ова, библискиот пристап подразбира дека верата е темелот, дар од Бога (Ефесјаните 2,8; 1. Коринќаните 1,17-24; 1. Коринќаните 2,1-6). Почнуваме од темелот, од верата и оттаму растеме во разбирањето и благодатта.

**Ако некој ве праша на што се заснова вашата вера, како би одговориле?**

## ОТФРЛАЊЕ НА ИЗВОРОТ НА ЖИВОТОТ

Некои од најтажните извештаи во Светото писмо се наоѓаат во Евангелието според Јован. „И светлината свети во темнина, и темнината не ја опфати... Беше во светот, и светот стана преку Него, но светот не Го позна. Дојде при Своите, но Неговите не Го примија“ (Јован 1,5.10.11). „ЈАС СУМ“ е отфрлен од многумина од неговиот сопствен народ.

Не е ни чудо што Павле подоцна предупредува: „И така, не отфрлајте ја вашата доверба“ (Евреите 10,35). Како што видовме многупати, Христос бил отфрлен затоа што луѓето не го прифатиле Неговото Слово.

„Современиот хуманистички начин на размислување започнува со сомнеж. Луѓето доведуваат во прашање сè, за да одредат што е вистина. Она што го преживува огнот на вкрстеното испитување е прифатено како веродостојно знаење, нешто на кое може да му се верува. Некои го применуваат истиот метод на Библијата, ставајќи под прашање сè, од научна, историска, психолошка, филозофска, археолошка и геолошка гледна точка за да одредат што е вистина во Библијата. Меѓутоа, самиот тој метод тргнува од сомневањето во вистинитоста на Светото писмо и се надоградува на него. А Христос го поставил прашањето: ‚Но, кога ќе дојде Човечкиот Син, ќе најде ли вера на земјата?’ (Лука 18,8)“ (E. Edward Zinke and Roland Hegstad, *The Certainty of the Second Coming;* Hagerstown, MD: Review and Herald Publishing Association, 2000; p. 96).

**Прочитајте 4. Мојсеева 13,23-33. Што ја предизвикало разликата меѓу овие два извештаја што согледувачите ги донеле за Ханан?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Гревот на Евреите кога биле во Кадис-Варни се состоел во тоа што се сомневале во Божјата Реч. Бог барал од нив да одат и да ја освојат таа земја. Дванаесеттемина согледувачи биле испратени да ја разгледаат земјата. Се вратиле со два извештаја. Повеќето дале негативен извештај. Има џинови во земјата, градовите се опкружени со ѕидови, имаат оружје што досега не сме го виделе и добро обучена војска. За разлика од нив, ние сме некогашни египетски робови со мало воено искуство. Десетмина согледувачи гласале негативно, врз основа на надмоќните докази од човечка гледна точка. Двајца гласале позитивно, врз основа на нивната вера во надмоќната сила на Божјата Реч.

**Како да ја избегнеме истата грешка што е направена тука? А од друга страна, како да ја избегнеме дрската самоувереност, и да не сториме нешто неразумно, верувајќи дека тоа е по Божја волја и дека затоа не можеме да пропаднеме?**

## ОСУДА

„Кој верува во Него, нему не му се суди; а кој не верува веќе е осуден, зашто не поверувал во името на Единородниот Божји Син... секој кој прави зло ја мрази светлината и не оди кон светлината, за да не бидат откриени неговите дела; а кој ја извршува вистината оди кон светлината“ (Јован 3,18-21; споредете со: Јован 1,10).

**Зошто луѓето доаѓаат на суд? Јован 3,18.36; Јован 5,24.38; Јован 8,24; Јован 12,47.**

________________________________________

________________________________________

________________________________________

Отфрлањето на Исуса Христа, Светлината на светот, нè остава отворени за сомневањето и ѓаволските искушенија. Тоа значи вртење од светлината кон темнината.

На Ева ѝ била дадена светлина за тоа како треба да се однесува спрема дрвото среде градината. Сатаната ја искушувал да ја доведе во прашање таа светлина. Таа ја ставила на тест Божјата реч, резонирајќи дека Бог, кој е Бог на љубовта, нема да ги уништи суштествата што ги создал. Таа се потпрела и на своите сетила. Змијата јадела од тој плод и сега има способност да зборува. Можеби змијата е во право. Ако го јадам тој плод, можеби ќе бидам како Бог! И така измамена, таа се свртела од светлината. А и нејзиниот сопруг го избрал истиот пат.

**Прочитајте Матеј 4,1-4. Кои принципи ги употребил Христос во пустината на искушението за да се бори против измамите на сатаната?**

________________________________________

________________________________________

________________________________________

Христос го имал на располагање истото хуманистичко мисловно орудие што го користеле Адам и Ева, претпотопните луѓе и Израелците во Кадис-Варни. И Тој можел да се запраша зошто Бог на љубовта би го оставил Својот Син во пустината без храна и заштита. И Тој можел да одлучи да го докаже своето синство, изјавувајќи: Јас ќе ги претворам овие камења во леб! Но, наместо тоа, Тој одговорил цитирајќи ја Божјата реч. Дејствувал на ниво на небесната реалност наместо на земните обрасци на размислување. А колку лесно можел да го рационализира својот пат до погрешна одлука, како што често прават многу луѓе, дури и луѓето кои веруваат!

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Копнежот на вековите* од Елена Г. Вајт, прочитајте ги поглавјата со наслов: „Бог со нас“, стр. 19-26 оригинал, и „Судир“, стр. 601-609 оригинал.

„Кога се понизил да земе на себе човечка природа, Христос открил карактер спротивен на карактерот на сатаната. Меѓутоа, Тој слегол уште пониско на патеката на понижувањето. ‘Се понизи самиот себе, станувајќи послушен до смрт, и тоа до смрт на крст’ (Филипјаните 2,8). Како првосвештеникот што ја соблекувал прекрасната првосвештеничка облека и ја вршел службата во бела ленена облека на обичен свештеник, така и Христос зел лик на слуга и принел жртва – самиот свештеник, самиот жртва. ‘Тој беше ранет за нашите престапи, избиен за нашите беззаконија; беше казнет заради нашиот мир’ (Исаија 53,5).

Со Христа се постапувало онака како што заслужуваме ние, за со нас да се постапува онака како што заслужува Тој. Тој бил осуден поради нашите гревови во кои немал удел, за ние да можеме да бидеме оправдани со неговата правда во која немаме удел. Претрпел смрт што била наша, за ние да можеме да примиме живот што бил негов. „Со неговата рана ние се исцеливме“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 25 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Исус дал толку многу за да го спаси светот. Што мислите, кој е најдобриот начин да им помогнете на другите да ја согледаат оваа восхитувачка вистина и да дојдат кај Него со вера?**

**2. Кои се клучните разлики меѓу донесувањето одлуки на човечко, световно ниво и донесувањето одлуки засновани на божественото откровение?**

**3. Како логиката и разумот се усогласуваат со разбирањето на Божјата реч? Кои логични и рационални причини ги имаме за прифаќање на верата? На кој начин таквите појави, како што се исполнување на пророштвата и зачудувачката целисходност и сложеност на создадениот свет, логично и рационално нѐ упатуваат на Божјото постоење и на вистината за планот на спасението?**

**4. Разговарајте за вашиот одговор на прашањето поставено на крајот од проучувањето предвидено за вторник. На што се заснова вашата вера? Ако некој ве праша зошто верувате во Исуса и во тврдењата на Евангелието, како би одговориле?**

**Лекција 10**
**Од 30 ноември до 6 декември**

# ПАТОТ, ВИСТИНАТА И ЖИВОТОТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Јован 13,1-20; Јован 14,1-3; Даниел 7,27; Јован 14,5-11; Јован 1,14; Колошаните 1,16.17; Јован 5,38-40.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Бога никој никогаш не Го видел; Единородниот Син, Кој е во крилото на Отецот – Тој Го објави" (Јован 1,18).**

Евангелието според Јован е поделено на четири главни дела: Пролог (Јован 1,1-18), Книга на знаците (Јован 1,19-12,50), Книга на славата (Јован 13,1-20,31), и Епилог (Јован 21,1-25). Во досегашното проучување главно се сосредоточивме на Прологот и Книгата на знаците, објавувајќи кој е Исус преку Неговите чуда (знаци), дијалози и учења. Во лекциите што следат, се осврнуваме посебно на третиот дел од Евангелието според Јован, на Книгата на славата.

Интересно е што познатите седум изјави „ЈАС СУМ" го формираат мостот меѓу Книгата на знаците и Книгата на славата. А тие ги опфаќаат следните изрази: „Лебот на животот" (Јован 6,35.41.48.51), „Светлината на светот" (Јован 8,12; Јован 9,5), „Вратата" (Јован 10,7.9), „Добриот пастир" (Јован 10,11.14), „Воскресението и Животот" (Јован 11,25), „Патот и Вистината и животот" (Јован 14,6) и „Вистинската лоза" (Јован 15,1.5).

Лекцијата за оваа седмица ќе ја започнеме со разгледување на целта на прошталниот Исусов говор, кој претставува и вовед во значајната епизода од Неговото миење нозе на учениците. А потоа ќе продолжиме до изјавата „ЈАС СУМ" од 14. глава („Јас сум Патот и Вистината и Животот").

## ВИ ДАДОВ ПРИМЕР

Во својот прошталeн говор (Јован 13-17) Исус им дава упатства на своите ученици за иднината. Неговиот книжевен образец е сличен на Мојсеевиот прошталeн говор од 5. Мојсеева, или на Јаковвиото благословување на своите деца (1. Мојсеева 47-49), или на Давидовите упатства до неговиот син Соломон (1. Летописи 28-29). Исус ги теши своите ученици во врска со своето заминување. Тој им ветува заменик кој ќе Го претставува (Светиот Дух; Јован 14-16). Тој ја предвидува жалоста што ќе дојде (Јован 15-16) и ги поттикнува учениците да останат верни (Јован 15).

**Прочитајте Јован 13,1-20. Што се случило тука, и зошто оваа приказна е толку важна? На што се обидувал да ги поучи Исус?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Во времето на Исус, во тој дел од светот луѓето носеле сандали на боса нога, па нивните стапала станувале правливи и валкани. Затоа постоел обичај слугата или робот да им ги мие нозете на оние што доаѓаат на трпеза. Меѓутоа, ноќта кога Исус ја јадел својата последна вечера со учениците пред да биде уапсен, немало слуга кој би ја извршил таа работа.

На општо изненадување, сам Исус станал од вечерата и на сите им ги измил нозете. Во стиховите Јован 13,4.5 Исусовите постапки се опишани чекор по чекор. Сè е кажано со толку детали за да се нагласи тој неверојатен чин на понизност што го презел Учителот.

Зборувајќи за реакцијата на Петар, текстот Јован 13,8-11 го продлабочува чувството на запрепастеност и неверување кај учениците поради Исусовите постапки. Како можел Исус, Учителот, Месија, да изврши таква понижувачка задача? Петар одбил да му дозволи на Исуса да му ги измие нозете, но Исус му рекол дека ако не соработува, нема да има дел со Него. Тогаш Петар побарал и повеќе, изразувајќи ја својата желба да остане во врска со Исуса до крајот.

Значењето на Исусовата постапка е поврзано со тоа кој е Тој. Во стихот Јован 13,13 Тој изјавува дека Тој е Учител и Господ. Така го нарекувале учениците, а Тој потврдува дека е навистина така. Тие титули укажуваат на авторитет и моќ.

Меѓутоа, Исус поучува дека моќта и авторитетот треба да се користат за служба, а не за возвеличување на самиот себе. Адвентистичката црква го прифатила Исусовиот пример во оваа смисла, практикувајќи го она што со право се нарекува „обред на понизност“ како подготвителна служба за Вечера Господова.

**Што ве учи обредот на понизност за тоа како да го следите Исусовиот пример и понизно да им служите на другите?**

## СИГУРНО ПАК ЌЕ ДОЈДАМ

**Прочитајте го текстот Јован 14,1-3. Во кој контекст Исус ги изговорил тие зборови?**

Пред крајот на 13. глава, Исус вели дека заминува (Јован 13,33). Ова го натерало Петар да Го праша каде оди (Јован 13,36). Учениците не разбираат дека Исус зборува за својата смрт, воскресение и вознесение. Петар исто така вели дека е готов да го даде својот живот за Исуса (Јован 13,37). И тогаш Исус го прорекол откажувањето на Петар (Јован 13,38).

Токму во тој контекст Исус им кажува на своите ученици да не дозволаат да се плаши нивното срце (Јован 14,1). Глаголот „плаши“ на грчки е преведен како tarassō, што значи се буни, вознемирува, обеспокојува, збунува. Не е ни чудо што учениците биле збунети од Исусовите зборови.

А за да ги смири нивните стравови, Исус кажува за домот на својот Отец, во која има многу соби (не станови, туку соби како во гостилница). Тој оди таму за да им подготви место. Неговите зборови укажуваат на времето по претстојната бура околу крстот, кога Тој ќе се врати да го избави својот народ. Неговиот поглед е насочен кон времето кога целата таа трагедија со гревот ќе биде завршена еднаш и засекогаш (видете Даниел 7,27).

Исус вели: „И кога ќе отидам... пак ќе дојдам и ќе ве земам при Себе, за да бидете и вие каде што Сум и Јас“ (Јован 14,3). Тоа е очигледно ветување за Неговото второ доаѓање.

Што претставува темел на довербата во тоа ветување? Многумина би рекле дека тоа е исполнувањето на библиските ветувања воопшто, и тоа секако е точно. Меѓутоа, во Јован 14,3, нешто друго е наведено како темел. Во овој стих, изразот „(Јас) ќе дојдам“ на грчки јазик е всушност во презент, сегашно време (Јас доаѓам). Ваквата употреба на сегашното време во грчкиот јазик се нарекува футуристички презент. Тоа е иден настан за кој се зборува со таква сигурност што се опишува како веќе да се случува. Затоа тој израз со право може да се преведе како: Сигурно пак ќе дојдам.

Според тоа, основата на нашата надеж во враќањето на нашиот Господ не е само исполнувањето на библиските пророштва. Таа исто така, и тоа со уште поголема сигурност, се темели на доверба во Човекот кој го дал тоа ветување. Тој рекол дека сигурно ќе се врати по својот народ. Ние можеме да имаме доверба во тоа ветување врз основа на тоа кој го дал.

**Што нѐ учи крстот за сигурноста на второто Христово доаѓање? Ако не е Второто доаѓање, од каква полза би била за нас Исусовата смрт при Неговото прво доаѓање?**

# ЈАС СУМ ПАТОТ И ВИСТИНАТА И ЖИВОТОТ

**Прочитајте го текстот Јован 14,5.6. Кое прашање го поставил Тома во врска со тоа каде оди Исус? Како одговорил Исус?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Прашањето на Тома звучи сосема логично. Ако не знаете каде оди некој, како ќе знаете по кој пат да го следите? Исус го пресвртува тоа прашање укажувајќи дека Самиот Тој е патот. Патот до што? Патот до Отецот. Во Прологот (Јован 1,1-18), нагласена е тесната поврзаност меѓу Словото (логос), Исуса Христа и Отецот.

Во стихот Јован 1,18 се вели дека единородниот (што подобро би било преведено како единствениот од тој вид) Бог е тој кој го објавува Отецот. Објави (јави) во овој текст е превод на грчкиот глагол *egzēgeomai*, што значи објаснува, протолкува, изложува. Од него доаѓа зборот егзегеза. Тоа е објаснување на значењето. Според тоа, Исус Христос е врската со Отецот, Оној кој го објаснува и толкува Отецот пред паднатиот свет. Според тоа, Тој е патот или патеката до Отецот. Без Него, ние сме ограничени во нашето разбирање.

**Прочитајте Јован 14,7-11. Како Исус го разјаснил она што Филип не го разбрал добро?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Филип побарал да го види Отецот, нешто што грешниот човек не може да го направи а да остане жив (споредете со: 1. Мојсеева 33,17-34:9; Јован 1,18). Исус го прекорува поради тоа што му недостигало разбирање и истакнува дека кој го видел Него, го видел и Отецот (Јован 14.9). Значи, јасно е дека Исус е тој патеката што води до Отецот. Без Него, таа патека станува мрачна и неизвесна. Тој е светлината што го осветлува патот кон Бога.

Исус поврзува три поими: патот, вистината и животот. Изразот пат се спомнува само во Јован 1,23 во врска со тоа дека Јован Крстителот го подготвувал патот за Исуса, и повторно овде, во стихот Јован 14,6. Но вистината и животот се главните теми во ова Евангелие. Во нашето проучување во среда и четврток оваа седмица ќе го нагласиме поимот вистина, која е тема од суштинско значење, особено во овој свет во кој самата идеја за „вистината“ се доведува во прашање.

**Зошто е толку утешно сознанието дека Исус е најдоброто откровение за тоа каков е Бог Отецот, кое некогаш ќе го добиеме на овој свет?**

# ЈАС СУМ ВИСТИНАТА

**Прочитајте Јован 1,14.17; Јован 8,32; Јован 14,6 и Јован 15,26. Како Јован го поврзува поимот на вистината директно со Исуса?**

---

Во Јовановото евангелие вистината секогаш одново и одново се поврзува со Исуса, со Неговиот Отец и Светиот Дух. Вистината се поврзува со Исуса, Словото (логос) и со светлината – наспроти темнината (Јован 1,1-14; Јован 3,19-21). Исто така, лагата се поврзува со ѓаволот и гревот (Јован 8,44-46). Затоа, вистината во Евангелието според Јован не е само прашање на факти и бројки. Таа го опфаќа и тоа, но и повеќе од тоа. Идејата за вистината го содржи и моралниот аспект на посветеноста на Бога и Неговата волја.

„Има многу луѓе кои го бараат живиот Бог, кои копнеат за неговото божествено присуство. Филозофските теории и книжевните дела колку и да се блескотни, не можат да го задоволат срцето. Тврдењата и пронајдоците на луѓето немаат никаква трајна вредност. На народот нека му проговори Божјата реч! Оние што слушале само преданија, човечки теории и мудроштини, нека го чујат гласот на Оној чијашто Реч може да ја обнови душата за вечен живот!“ (Елена Г. Вајт, *Христовите параболи,* стр. 40 оригинал).

Размислете што значи тоа што Исус е Вистината. Исус е логосот, Словото што било со Бога од почетокот и кое е Творец на сѐ што е создадено (Јован 1,1-4). Бидејќи е едно со Отецот од вечни времиња, Исус ги има карактеристиките на Отецот, па исто така е и „ЈАС СУМ“. Неговото битие не е подредено на никого и на ништо друго. Ништо што постои, вклучувајќи го и знаењето, не постои независно од Него. А сѐ што постои, што е создадено, е создадено само од Исуса и постои само во Него. „Зашто во Него е создадено сѐ што е во небесата и на земјата; видливо и невидливо, било престоли, или господства, или началства, или власти; сѐ е создадено преку Него и за Него. И Тој е пред сѐ и сѐ во Него има свое сплотување“ (Колошаните 1,16.17).

Исус не е само отелотворување на вистината. Тој е Вистината. Вистината не е некој концепт или конструкт. Таа е Личност!

Вистината, Исус Христос, може да се спореди со сонцето што го осветлува светот (Јован 8,12). Тоа е паралелно со она што К. С. Луис го изјавил за христијанството: „Верувам во христијанството како што верувам дека сонцето изгреа, не само затоа што го гледам, туку затоа што гледам сѐ друго“ (*„Is Theology Poetry?“* Samizdat University Press, 2014; стр. 15, прв пат претставено во 1944).

**Токму благодарение на Исуса, Вистината, ние сме во состојба правилно да го толкуваме светот околу нас.**

## СВЕТОТО ПИСМО И ВИСТИНАТА

Во целото ова Евангелие Светото писмо игра важна улога, која се огледува во тоа што ни го открива Оној кој е патот, вистината и животот. Во Евангелијата, во целата Библија, во Стариот и во Новиот завет, на Светото писмо му се припишува клучна улога во откривањето на вистината. Тоа особено се однесува на учењето за тоа кој е Исус и што дошол да направи.

**Прочитајте го текстот Јован 5,38-40. Што кажува овде Исус за Светото писмо?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Исус и Неговите ученици постојано укажувале на Светото писмо за да потврдат дека Тој е Месија. Христос рекол: „Зашто, ако му верувавте на Мојсеја, ќе Ми верувавте и Мене; зашто тој пишуваше за Мене. Но ако не им верувате на неговите Писма, како ќе им верувате на Моите зборови?" (Јован 5,46.47).

**Прочитајте го текстот Лука 24,27. Зошто е важно тоа што Исус тука најпрво упатувал на Светото писмо за да го открие значењето на неговата служба?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

На друго место, цитирајќи го текстот од 2. Мојсеева, Христос рекол: „Не сте ли читале што ви рекол Бог...?" (Матеј 22,31). Захарија се осврнал на Божјите ветувања дека „говореше одамна преку устата на Своите свети пророци" (Лука 1,70). Во својата проповед на денот Педесетница, Петар рекол: „Требаше да се исполни Писмото, што Светиот Дух го прорече преку Давидовата уста" (Дела 1,16).

Библијата не е учебник по природни науки. Таа не објаснува како да се подели атомот или да се изврши операција на мозокот. Но таа прави нешто многу позначајно. Таа го обезбедува контекстот во кој нашата вселена има смисла. Таа е клучот што ја отвора вратата, светлина што овозможува да гледаме. Без неа, би биле во темнина во поглед на Божјото постоење, Неговата улога во вселената, нашето потекло, смислата на животот и иднината.

**Кои се некои од вистините што ги учи Библијата за кои науката, дури ни теоретски, не може да ни даде никакво сознание?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Копнежот на вековите* од Елена Г. Вајт, прочитајте го поглавјето со наслов „Светлина на животот“, стр. 463-475 оригинал. Ако сте во можност, прочитајте и: E. Edward Zinke, „The Authority of the Bible and the Certainty of the Second Coming“, The Certainty of the Second Coming, pp. 23-36.

Кога Исус рекол: „Јас сум Светлината на светот“, Тој „во предворјето на Храмот бил посебно поврзан со службите за празникот Сеница. Во средината на ова предворје се издигнувале два високи столба со големи стативи за светилки. По вечерната жртва се палеле сите светилки што ја ширеле својата светлина над Ерусалим. Овој обред бил спомнување на столбот од оган што го водел Израел низ пустината, а покрај тоа се сметало дека укажувал и на доаѓањето на Месија. Навечер, кога светилките се запалувале, предворјето било сцена на голема радост...

Со расветлувањето на Ерусалим народот ја изразувал својата надеж дека доаѓањето на Месија ќе го осветли Израел. Меѓутоа, за Исуса оваа сцена имала пошироко значење. Како сјајните светилки во Храмот што осветлувале сè околу себе, така и Христос, изворот на духовната светлина, ја расветлува темнината на светот. Сепак, овој симбол бил несовршен. Големото видело што го поставил Тој со своја рака на небото било повистинита претстава за славата на неговата мисија.

Било утро; Сонцето се раѓало над Маслинската гора и неговите зраци со заслепувачки сјај се разлевале по мермерните палати, осветлувајќи го златото на ѕидовите на Храмот, па Исус, покажувајќи кон него, рекол: ‘Јас сум светлина на светот’“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 463, 464 оригинал).

**ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР**

1. **Разговарајте за класата за својот одговор на последното прашање од проучувањето за вторник. Кои клучни вистини ги учи Библијата, а кои никогаш, дури ни во принцип, не би можеле да ги дознаеме по научен пат? На пример, крстот? Или воскресението? Или Второто доаѓање? Кои други важни библиски вистини мора да ни бидат откриени, бидејќи во спротивно никогаш не би ги спознале?**
2. **Размислете за падот на Луцифер, совршено битие со толку многу фактичко знаење за Бога и за тоа каков е Бог. А сепак, и покрај сето тоа, тој се побунил против Него. Што ни кажува ова за реалноста на слободната волја, истата слободна волја што ја имаме и ние – и зошто мораме од миг во миг одново да донесуваме одлука да му ја предадеме таа волја на Бога?**

**Лекција 11**
**7 до 13 декември**

# ОТЕЦОТ, СИНОТ И ДУХОТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Јован 14,10.24; 1. Мојсеева 3,7-9; Јован 16,27.28; Јован 16,7-11; Јован 17,1-26.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А Утешителот, Светиот Дух, Кого Татко Ми ќе Го испрати во Мое име, ќе ве научи сѐ и ќе ве потсети на сѐ што ви реков“ (Јован 14,26).**

Евангелието според Јован е мозаик од различни теми. Јован се повикува на знаците (чудата) за да покаже дека Исус е Месија, ветен од пророците. Тој користи цела низа сведоци за да го прогласи Исуса за Христос – Спасител. Освен тоа, Тој ги користи „ЈАС СУМ“ изјавите за да укаже на Неговото божество.

Во првата глава се спомнуваат сите три лица на Божеството (Јован 1,1-4.14.18.32-34). Со векови луѓето се обидувале целосно да ја разберат природата на Божеството, но бидејќи не успеале, многумина ја отфрлиле самата таа идеја. И повторно, толку е неразумно да отфрлиме нешто само затоа што не го разбираме или затоа што не се вклопува во тесните граници на човечкото размислување.

Јован вели дека ако сакаме да го разбереме Бога, мора да гледаме постојано во Исуса и она што е откриено во Словото. Овој пристап нѐ прави отворени за цел еден сосема нов свет на заемни односи – меѓу трите лица на Божеството, меѓу лицата на Божеството и луѓето, и меѓу самите луѓе. Во лекцијата за оваа седмица, ќе разгледаме како Евангелието според Јован ги прикажува Отецот, Синот и Светиот Дух, но сега во контекст на Исусовиот прошталaен говор (Јован 13-17).

# НЕБЕСНИОТ ОТЕЦ

Евангелието според Јован е напишано од гледна точка на целокупниот библиски наратив, почнувајќи од создавањето. „Во почетокот Бог ги создаде небото и земјата“ (1. Мојсеева 1,1). Или: Во почетокот Отецот, Синот и Светиот Дух ги создадоа небото и земјата. Тие се Изворот на сè што постои. Тие ја создале вселената, вклучувајќи ги и суштествата што ја населуваат. На нашата планета дошло до посебно создавање на животот, а најпосебно од сите создадени суштества е човекот. Целта со која Бог ги создал луѓето била да живеат во љубов и хармонија со Него и едни со други.

За жал, Луцифер донел грев на овој свет. А гревот, меѓу другото, создал раздор во нашиот однос со Бога. Тој погрешно го претставува Бог. Затоа Исус зел на себе човечка природа, за да го обнови знаењето за Бога и да им донесе спасение на луѓето.

Додека бил на овој свет, Исус му го потчинил Својот живот на Отецот, живеејќи во согласност со Неговото водство. Тој рекол: „Јас и Отецот сме едно“ (Јован 10,30). „Отецот е во Мене и Јас сум во Него“ (Јован 10,38). „Ако не ги вршам делата на Мојот Отец, не верувајте Ми“ (Јован 10,37).

**Врз основа на она што е опишано во следните стихови, кои улоги ги има Отецот?**

Јован 3,16.17; Јован 6,57 ________________________________________

________________________________________

________________________________________

Јован 5,22.30 ________________________________________

________________________________________

________________________________________

Јован 6,32; Јован 14,10.24 ________________________________________

________________________________________

________________________________________

Јован 6,45 ________________________________________

________________________________________

________________________________________

Јован 15,16; Јован 16,23 ________________________________________

________________________________________

________________________________________

**Овие стихови го прикажуваат Отецот во блиска заедница со Исуса Христа, Неговиот Син. Отецот е во близок допир со нашиот свет и вложил сè за нашето спасение. Што нè учи оваа вистина за Божјата љубов кон нас?**

# ИСУС И ОТЕЦОТ

Ние сме создадени од страна на Божеството за личен однос со Него (1. Мојсеева 1,26.27). Меѓутоа, поради гревот, тој однос е од корен нарушен. Непосредните последици од тоа нарушување може да се видат во Едемската градина.

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 3,7-9. Како ни е откриен тука раздорот што го предизвикал гревот, и што значи тоа што, по ова, Бог ги побарал луѓето, а не обратно?**

___

___

Намера на Божеството била да понуди исцелување на целиот човечки род поради раздорот предизвикан од гревот, иако нема сите луѓе да го прифатат тоа што им е понудено.

За да се оствари обновувањето на таа врска, едно Лице на Божеството станало човечко битие. Така Словото станало тело и се вселило меѓу нас, правејќи ја Божјата слава видлива (Јован 1,14-18). Како резултат на тоа, човештвото ја примило Неговата полнота и благодат. Токму за тоа дошол Исус – да ја објави Божјата слава, за да може тој однос, прекинат од гревот, да се обнови за сите оние кои се подготвени да го прифатат со вера она што им е понудено во Христа Исуса.

**Каква прекрасна надеж наѕираме во следниве стихови: Јован 1,1.2; Јован 5,16-18; Јован 6,69; Јован 10,10.30; Јован 20,28?**

___

___

„Во Христа е исконскиот, непозајмен, нестекнат живот“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 530 оригинал). А сепак, како отелотворен Син, кој „Сам Себе се понизи“ (Филипјаните 2,7) откажувајќи се од своите прерогативи, Христос, зборувајќи за својот живот на земјата како човек меѓу луѓето, можел да гледа на своето поседување живот како дар од Бога. „ Христовото божество е цврсто ветување за верникот за вечен живот“ (*Копнежот на вековите,* стр. 530 оригинал).

Човечкиот род не го познавал Бога (Јован 17,25). Затоа Тој им го испратил Својот Единороден Син (Јован 9,4; Јован 16,5), за да можат да Го запознаат Него, Отецот.

**Во контекст на целокупната вселена, еден атеист напишал: „Во нашата темнина, во сето тоа пространство, нема никакво навестување дека од некаде ќе дојде помош за да нè спаси од нас самите“ (Карл Сеган, Космос) Што нè учи Библијата а покажува колку греши овој човек?**

# ДА СЕ ПОЗНАВА СИНОТ ЗНАЧИ ДА СЕ ПОЗНАВА ОТЕЦОТ

Низ целото Евангелие според Јован, апостолот опишува како Исус, Синот, прави дела кои укажуваат на Отецот. Исус објаснува кој е Отецот и покажува каков е Неговиот однос спрема нашиот свет. Сето ова е во согласност со стихот Јован 1,18, каде што се вели дека Тој го открива Отецот (грчки: egzēgeomai, што значи објаснува, протолкува, изложува). Исус го прави ова одново и одново. Зборот Отец (patēr) се појавува 136 пати во Евангелието според Јован (од тоа 18 пати во првите три глави), што е повеќе од една третина од вкупната употреба на тој збор во целиот Нов завет. Исусовиот проштален говор е едно од главните места во ова Евангелие, каде што Исус го објавува Отецот.

Исус бил претставник на Отецот на земјата и дошол во човечко тело за да ја спроведе во живот волјата на Отецот. Всушност, Исус рекол дека Тој настојува да ја врши волјата на Отецот во сè, а не својата сопствена (Јован 5,30). Оваа изјава можеби на прв поглед изгледа запрепастувачка, но таа само покажува дека Исус, како човечко суштество, бил целосно предан на Отецот.

Исус исто така рекол дека Отецот Го испратил да го доврши Неговото дело – спасение на човештвото – и дека самиот Отец посведочил за тоа Негово дело (Јован 5,36-38).

Исус изјавил дека Отецот Го испратил да послужи како единствен преку кого луѓето можат да дојдат кај Бога (Јован 6,40.44). Отецот сака луѓето да имаат вечен живот кој може да се најде во Исуса, кој ветува дека ќе ги подигне од мртвите при воскресението.

**Што можеме да научиме од следниве стихови за односот меѓу Исуса и Отецот: Јован 7,16; Јован 8,38; Јован 14,10.23; Јован 15,1.9.10; Јован 16,27.28; Јован 17,3.**

---

---

Исусовите тврдења за Неговиот однос со Отецот се зачудувачки. Тој изјавува дека сите Негови учења се всушност учења на Отецот, дека сè што кажува Тој лично чул од Отецот, дека верувањето во Него е исто што и верувањето во Отецот, дека самите Негови зборови, како и сите Негови дела, потекнуваат од Отецот и дека Тој и Отецот се обединети во љубовта и работата за спасение на човештвото. Какво силно сведоштво за блискоста што постои меѓу Исуса и Неговиот Отец на небото!

**Како би се променил вашиот живот кога вашите мисли и дела во целост би биле израз на Божјата волја за вашиот живот? Односно, како можеме подобро да го спроведеме во живот она што го дознаваме од Исуса дека е Божја волја за нашиот живот?**

## СВЕТИОТ ДУХ

Во Евангелието според Јован Светиот Дух не се истакнува толку како Отецот и Синот. Сепак, Неговата улога е од пресудна важност за успехот на Исусовата мисија.

**Прочитајте го текстот Јован 1,10-13. Што нѐ учи тој текст во врска со важноста на Светиот Дух за преобратувањето?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Веќе во првата глава можеме да видиме колку е важна улогата на Светиот Дух. Јован ни кажува дека оние кои го примиле Словото, односно, оние кои поверувале во Него, станале Божји деца, „кои не по крв, ни по желба на телото, ни од похот машка, туку од Бога се родија“ (Јован 1,13). А тоа се случува само преку дејствувањето на Светиот Дух.

**Што ни кажуваат следните текстови за активностите на Светиот Дух: Јован 3,5-8; Јован 6,63; Јован 14,26; Јован 15,26; Јован 16,7-11.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

„Опишувајќи им ја на своите ученици службата на Светиот Дух, Исус сакал да ги вдахне со радоста и со надежта што го вдахнувале и неговото срце. Се радувал за таа обилна помош што ѝ ја осигурил на својата Црква. Светиот Дух бил најголем од сите дарови што можел да го измоли од својот Отец за издигнување на својот народ. Светиот Дух треба да им биде подарен како сила што преродува, зашто без неа Христовата жртва би била безвредна. Силата на злото со векови се зајакнувала и луѓето со вчудовидена покорност го прифаќале сатанското ропство. Човекот може да му се спротивстави и да го победи гревот само со моќното дејствување на третото лице на Божеството што ќе дојде со неизменета сила во полнина на божествената моќ“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 671 оригинал).

Тогаш, каков благослов е да се прими Светиот Дух, кој потврдува дека Бог е вистинит (Јован 3,33)! Духот е тој што ни носи осведочување за гревот, за праведноста и судот (Јован 16,8-11). Според тоа, за да знаеме што е исправно, вистинито и добро, од клучна важност е нашиот разум и животните искуства да ги потчиниме на Божјата реч, преку силата на Светиот Дух, која ни дава осведочување и уверување.

# ИСУСОВАТА МОЛИТВА

Седумнаесеттата глава од Евангелието според Јован понекогаш се нарекува Исусова првосвештеничка молитва. Со неа се завршува Исусовиот прошталец говор. Тој дошол на земјата за да може човечкиот род конечно да се врати во својот првобитен, личен однос со Бога. Тој верно ги извршил знаците што Бог Му дал да ги прави. Со своите зборови и дела Тој им го откривал Бога на луѓето.

Исус наскоро требало да ја напушти Земјата. Затоа сакал уште еднаш да ја изрази љубовта кон своите ученици. Сакал тие да го разберат блискиот однос меѓу Него, Отецот и Светиот Дух. А сакал да ги вклучи и нив во тој ист, личен однос со Бог Отецот и Светиот Дух каков што и самиот го имал.

**Прочитајте го текстот Јован 17,1-26. Кои зборови и изјави во оваа глава го изразуваат Исусовиот копнеж за близок однос полн со љубов меѓу Него, Отецот и Неговите ученици?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Многумина сметаат дека Јован 17 порачува дека единството и љубовта се единствените работи кои се важни. Несомнено, Божјата цел е да го обнови во нас личниот однос со Него и со сите луѓе. Но повнимателното читање укажува на многу поживотворна поврзност меѓу љубовта и вистината.

„А животот вечен е тоа, да Те познаат Тебе Единиот вистински Бог“ (Јован 17,3), а не некој Бог според наше мислење. „Го објавив името Твое на луѓето, што си Ми ги дал од светот; тие беа Твои, и Ти Ми ги даде, и го запазија Твоето слово... и разбраа навистина дека од Тебе сум излегол, и поверуваа дека Ти си Ме пратил“ (Јован 17,6,8). „Посвети ги со Својата вистина. Твоето слово е вистина“ (Јован 17,17).

Христос дошол да го открие Отецот. Тоа откровение било важно поради многуте погрешни сфаќања за Бога. Евангелието според Јован покажува колку сериозно Исус ја сфаќал својата мисија. Тој на исправен начин ја претставувал Божјата реч и Неговите дела. Ако вистината не е важна, зошто Исус би одел толку далеку?

Неговиот живот бил исполнет со големи тешкотии, така што верските власти на крајот го отфрлиле. Трпел рамнодушност од луѓето, а понекогаш и од своите ученици. Еден од неговите ученици Го предал, а друг трипати се откажал од Него. Тој поминал низ безмилосно судење и умрел на крстот од рацете на оние што дошол да ги спаси.

**Како можете во вашиот сопствен живот на подобар начин да ја одразите Божјата љубов каква што постои меѓу Исуса и Отецот?**

# ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Копнежот на вековите* од Елена Г. Вајт прочитајте го поглавјето со наслов „Да не се плаши срцето ваше“ стр. 662-680 оригинал. Ако сте во можност, ве молиме прочитајте го и следново: „Additional Note on [John] Chapter 1“, *The SDA Bible Commentary,* vol. 5, pp. 911-919.

Во настојувањето да проценат кој е Исус, Неговите противници суделе според човечките мерила, „по телото“ (Јован 8,15). Ова е веројатно и уште полошо отколку да се суди врз основа на „надворешниот изглед“ (Јован 7,24). Тие прибегнале кон критериумите на телото, на паднатото човештво во паднатиот свет, без просветлувачкиот надзор на Духот (видете Јован 3,3-7). Тие го виделе, така да се каже, Неговото „тело“, но не размислувале за можноста Тој да биде Словото кое станало тело (Јован 1,14). Да се проценува Христос врз основа на таков ограничен збир од критериуми, би значело да се одмерува од световна гледна точка (2. Коринќаните 5,16).

„Утешителот е наречен ‘Дух на вистината’. Негова задача е да ја дефинира и да ја одржи вистината. Тој прво се настанува во срцето како Дух на вистината и така станува Утешител. Утеха и мир се наоѓаат во вистината, зашто вистинскиот мир и утеха не можат да се најдат во заблудата. Сатаната го заробува умот со лажни теории и преданија. Насочувајќи ги луѓето кон лажни мерила, тој го расипува карактерот. Светиот Дух му зборува на умот преку Светото писмо и ја врежува вистината во срцето. Така Тој ја открива заблудата и ја истерува од душата. Со Духот на вистината кој делува преку Божјата реч, Христос го задобива својот избран народ“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 671 оригинал).

## ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Вечниот живот е познавање на Бога (Јован 17,3). Што значи да се познава Бог, наместо да се има само знаење за одредени факти во врска со Него, односно дека Тој е моќен, полн со љубов и Бог на правдата? Ако некој ве праша: „Дали го познавате Бога – што би му одговориле? Како Исус се вклопува во вашиот одговор?**

**2. Во практичниот секојдневен говор, што се подразбира под Исусовите зборови: „Твоето Слово е вистината“ (Јован 17,17).**

**3. Исус се молел: „Не се молам да ги земеш од светот, туку да ги запазиш од злото“ (Јован 17,15). Како вашите лични одлуки влијаат на тоа во колкава мера ќе биде позитивно одговорено на таа молитва во вашиот живот?**

Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица

**Лекција 12**
**14 до 20 декември**

# ЧАСОТ НА СЛАВАТА – КРСТОТ И ВОСКРЕСЕНИЕТО



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Јован 18,33-19,5; Јован 19,17-22; Јован 19,25-27; Лука 2,34.35; Јован 20,1-18; 1. Коринќаните 15,12-20.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А Пилат Му рече: ‘Ти, пак, Цар ли си?’ Исус одговори: ‘Ти велиш дека сум Цар. Јас за тоа се родив и за тоа дојдов на светот, за да сведочам за вистината; секој, кој е од вистината, го слуша гласот Мој’“ (Јован 18,37).**

Исусовото распнување и воскресение претставуваат кулминација на Евангелието според Јован. Првите десет глави опфаќаат приближно три и пол години, додека 11-20 глава, наспроти тоа, опфаќаат приближно една или две седмици.

Четирите Евангелија ја прикажуваат Исусовата смрт на различни начини. Иако нивните извештаи се усогласени, секој автор нагласува некои клучни моменти кои посебно резонираат со темите на неговото Евангелие. Матеј го нагласува исполнувањето на Светото писмо, Марко ја истакнува паралелата меѓу Исусовото крштевање и крстот, а Лука се сосредоточува на крстот како место на исцелување и спасение (сторијата за разбојникот на крстот).

Но, Јован го прикажува крстот како Исусово устоличување, особено поврзано со идејата за часот, која се спомнува повеќе пати во книгата (Јован 7,30; Јован 8,20; Јован 12,27). Идејата за устоличување создава иронична слика, имајќи предвид дека распнувањето било најсрамниот облик на погубување што Римјаните го спроведувале. Овој контраст укажува на длабоката иронија на сцената што ни ја предочува Јован: Исус умира во срам, но во исто време тоа е и Негово славно устоличување како Спасител.

## ШТО Е ВИСТИНА?

Во текстот Јован 18,28-32, судењето на Исуса не е детално опишано. Фокусот е на Исуса кој е изведен пред Понтиј Пилат.

**Прочитајте Јован 18,33-38. Што разговарале Пилат и Исус?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Управителот го прашува Исуса дали е Тој цар на Евреите (Јован 18,33). Тоа е првото спомнување на таа титула, но нема да биде и последно. Исус го прашува Пилат дали самиот тој мисли така или другите му го кажале тоа. Неговото прашање го врти сечилото кон управителот, со намера да провери дали е свесен кому му се обраќа. Читателот веќе знае дека Исус е Цар. Дали и управителот ќе го спознае тоа?

Пилат возвраќа со сопственото прашање: „Пилат одговори: 'Јудеец ли сум јас? Твојот народ и првосвештениците Те предадоа на мене. Што си сторил?'" (Јован 18,35) Тоа било избегнување на одговорот, вкоренето во иритацијата поради она на што директно укажувало Исусовото прашање. Тоа било и првото оддалечување на управителот од вистината, бидејќи дозволил предрасудите да го блокираат неговото сфаќање.

Исус одговара дека Неговото царство не е од овој свет (Јован 18,36). Тогаш Пилат остро заклучува дека Исус навистина тврди дека е цар (Јован 18,37). Ова води до важното Исусово објаснување дека Тој е роден за да сведочи за вистината и дека секој што е „од вистината" го слуша Неговиот глас (Јован 18,37).

Потоа Пилат го поставува прашањето: „Што е вистина" (Јован 18,38). Но тој не го чека одговорот, туку излегува надвор да се обиде да го спаси Исуса од толпата.

Вистината е една од темите во Евангелието според Јован. Како вечно Слово (логос, Јован 1,1-5), Исус е Светлината и Вистината, што е спротивно на темнината и заблудата. Тој е полн со благодат и вистина (Јован 1,14). Благодатта и вистината доаѓаат преку Него (Јован 1,17). И Јован Крстител сведочел за вистината (Јован 5,33). Исус потврдил дека Неговиот Татко е „Вистинитот" (Јован 7,28). Исус лично ја слушнал вистината од својот Отец (Јован 8,40). Исус е „Патот и Вистината и Животот" (Јован 14,6). Божјата реч е „вистина" (Јован 17,17). И покрај прашањата што ги поставил, Пилат ја пропуштил својата прилика да ја дознае вистината поради неговите предрасуди, одлуките од минатото и притисокот што бил вршен врз него.

**Како ја разбирате оваа идеја за Исуса како Вистина?**

## ЕВЕ ГО ЧОВЕКОТ!

**Прочитајте го текстот Јован 18,38-19,5. Како Пилат се обидел да го убеди народот да побара Исус да биде ослободен?**

Пилат не го чекал Исусовиот одговор во врска со вистината. Наместо тоа, тој излегол да се обиде да го убеди народот. Со тоа што стапил во дијалог со нив, наместо едноставно да го ослободи Исуса, Пилат се ставил во неповолна положба. Верските водачи увиделе дека можат да манипулираат со управителот со помош на толпата.

Пилат се повикува на обичајот да биде ослободен еден затвореник за време на Пасха и го прашува народот дали сакаат да им го ослободи „царот јудејски“. Чудно, народот бара ослободување на разбојникот по име Варава наместо невиниот Исус, што претставува своевидна иронија.

Тогаш започнува исмејувањето и срамотењето на Исуса. Римските војници плетат круна од трње, му облекуваат пурпурна наметка и го поздравуваат со потсмев како цар јудејски. Ваквиот вид војнички поздрав е сличен на тоа како го поздравувале императорот, но овде тоа било кажано со потсмешлив тон.

Сметајќи на сожалувањето на народот, Пилат изгледа бара начин да Го ослободи. Тој го изведува Исуса, кој на себе носи круна од трње и пурпурна наметка. Сцената што Јован не ја коментира го прикажува Исуса во пародична царска облека, при што управникот им се обраќа на луѓето со зборовите: „Еве го човекот“ (Јован 19,5). Ова го потсетува читателот на зборовите на Јован Крстител во стихот Јован 1,29: „Еве Го Божјото Јагне, Кое ги зема гревовите на светот!“ Иронично е што паганскиот управител го изведува Месија во таа царска облека пред Израел.

Меѓутоа, како што покажува текстот Јован 19,6-16, толпата барала Исус да биде распнат врз основа на Неговото тврдење дека е Божји Син. Тоа го исплашило Пилата, кој сега уште повеќе се труди да го издејствува Неговото ослободување. Но водачите ја запечатуваат Исусовата судбина со изјавата дека Неговото ослободување значи спротивставување на Цезарот. Тие знаат дека, поради неговата лојалност кон Цезар, Пилат не може да ослободи некој што се повикува на истата титула. Водачите изјавуваат дека немаат друг цар освен Цезарот. Значи, нивната омраза кон Исуса била поголема од нивните национални стремежи. За да се ослободат од Исуса, тие биле готови да го жртвуваат дури и правото на национална автономија.

**Колку е страшно тоа – еден пагански водач сака да го ослободи Исуса, додека духовните водачи на народот, кои први би требало да Го признаат, напротив, сакаат да Го распнат! Кои поуки за нас можеме да ги извлечеме од тоа?**

# „СЕ СВРШИ!“

Како што покажува текстот Јован 19,17-22, Пилат поставил натпис на латински, грчки и еврејски јазик, на кој пишувало: „Исус од Назарет, цар Јудејски“ (Јован 19,19). Верските водачи сакале тоа да се промени. Меѓутоа, Пилат не се согласил и така останал натписот, како нем сведок на вистината за Исуса и еден од показателите дека Исус на крстот бил устоличен како Цар. Еве го Исуса, нивниот вистински Цар, Царот Јудејски, кој виси на крстот како обичен злосторник.

„Со поставувањето на овој натпис над Исусовата глава управувала една сила повисока од Пилата или од Евреите. Според Божјето провидение, тој требало да ги разбуди луѓето да размислуваат и да го истражуваат Светото писмо“ (Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 745 ориг.).

**Прочитајте го текстот Јован 19,25-27. Која трогателна сцена во врска со Исусовата мајка се одиграла во подножјето на крстот?**

---

---

Меѓу оние кои стоеле во подножјето на крстот тој ден биле Јован, љубениот ученик, заедно со Марија, Исусовата мајка, и други. Многу години пред тоа, кога Јосиф и Марија го донеле Исуса во храмот на посветување, Симон го предвидел токму тоа искуство (споредете со: Лука 2,34.35). Сега, во моментот на својата смрт, Исус ѝ се обраќа на мајка си со зборовите: „Жено! Ете ти син!“, а на Јован му вели: „Ете ти мајка!“ (Јован 19,26.27)

**Прочитајте го текстот Јован 19,28-30. Какво е значењето на зборовите „Се сврши“ што ги изговорил Исус пред да умре?**

---

---

Грчкиот глагол teleō (завршува, потполнува, извршува) во 28. стих („дека сѐ е свршено“) е истиот глагол како оној што се употребува во стихот 30 („се сврши“). И уште повеќе, сродниот збор teleioō (завршува, усовршува) исто така се јавува во 28. стих, во смисла на исполнување на Светото писмо („за да се исполни Писмото“). Колку и да била ужасна таа сцена, таму сѐ се исполнувало, остварувало, довршувало.

Кога Исус вели: „Се сврши!“, Тој го завршува, го исполнува делото што Отецот Му го дал да го изврши.

**Кога Исус рекол „Се сврши!“, што значело тоа за секој од нас? Што било довршено тогаш и како тоа се однесува на нашиот живот?**

## ПРАЗЕН ГРОБ

**Прочитајте го текстот Јован 20,1-7. Од каква важност е за нас она што е опишано во тие стихови?**

___

___

Исус умрел доцна во петок попладне и воскреснал рано во недела наутро. Бидејќи се приближувала сабота во времето кога требало да биде погребан (Јован 19,42), тој процес бил изведен набрзина и не бил довршен. Колку и да го сакале Исуса, Неговите следбеници ја празнувале саботата и не отишле на гробот тој ден (споредете со: Марко 16,1; Лука 23,56). По саботата, неколку жени купиле балсами за да ги однесат на гробот во недела наутро. Но, на нивно запрепастување, каменот бил тргнат, а гробот бил празен.

Марија Магдалена била една од оние кои дошле на гробот рано наутро. Тогаш побрзала да им каже на Петар и Јован што видела. Тие двајца отрчале таму. Јован бил побрз од Петар и стигнал прв. Наведнувајќи се, погледнал внатре и ги видел завоите во кои бил завиткан Исус. Но не влегол внатре.

Меѓутоа, Петар влегол во гробницата и ги видел повоите како лежат таму. Го видел и платното што го покривало Исусовото лице, но тоа не лежело заедно со повоите. Тоа било свиткано и ставено одделно.

**Прочитајте го текстот Јован 20,8-10. Кое било значењето на тоа што платното, што го покривало Исусовото лице, било пресвиткано?**

___

___

Откако влегол Петар, во гробницата влегол и Јован. Во стихот Јован 20,8 се вели дека тој влегол, видел и поверувал. Зошто гледањето на Неговиот погребен повој и платно како лежат одвоено, уредно здиплени, го навеле Јован да поверува дека Исус воскреснал од мртвите?

За да одговориме на тоа прашање, потребно е прво да размислиме зошто гробот бил празен. Најочигледниот одговор би укажувал на ограбувачи на гробови. Меѓутоа, тоа објаснување не може да се одржи од три причини. Прво, Матеј ни кажува дека гробот бил чуван (Матеј 27,62-66), што го прави грабежот малку веројатен. Второ, ограбувачите на гробови краделе скапоцености, а не тела во распаѓање. И трето, ограбувачите на гробовите би брзале, и не би го здиплиле посмртното платно. Затоа, не е ни чудо што Јован, гледајќи го здипленото платно, поверувал дека Исус воскреснал од мртвите.

## ИСУС И МАРИЈА

**Прочитајте го текстот Јован 20,11-13. Што се случило овде што покажува зошто Марија Магдалена сѐ уште не го разбрала значењето на празниот гроб?**

________________________________________________

________________________________________________

Марија за последен пат се спомнува во текстот тогаш кога им јавила на Петар и Јован дека гробот е празен (Јован 20,2). Тие отрчале до гробот, а таа се вратила таму малку подоцна. Откако го прегледале гробот, Петар и Јован заминале. Но Марија се вратила и останала тука некое време, плачејќи. Несомнено е дека претходните неколку дена таа многу плачела. А сега, згора на сѐ, и ова!? Наведнувајќи се, погледнала внатре.

На нејзино изненадување, двајца ангели во бела облека се наоѓале во гробот, седејќи на местото каде што било положено Исусовото тело. Тие ја прашале: „Жено! Зошто плачеш?“ (Јован 20,13) Нејзиниот одговор, со болка во гласот, бил дека го зеле нејзиниот Господ и дека таа не знае каде го ставиле.

**Прочитајте го текстот Јован 20,14-18. Што е тоа што за Марија направило сѐ да се промени?**

________________________________________________

________________________________________________

Со очи заматени од солзи, Марија се врти и гледа како некој стои покрај неа. Со зборови слични на оние што ги изговориле ангелите, Непознатиот ја прашува: „Жено, зошто плачеш? Кого го бараш?“ (Јован 20,15) Мислејќи дека разговара со градинарот, таа бара помош да се пронајде Исусовото тело.

Непознатиот потоа изговара еден збор: „Марија“. Тоа било откровение во еден збор што го променило светот. Одеднаш, изненадената Марија сфаќа дека ѝ се обраќа воскреснатиот Исус, и Го препознава. Исус инсистира на тоа да не Го задржува, бидејќи мора да оди кај својот Отец. А нејзината задача била да им јави на учениците дека Тој оди „кај Својот Отец и вашиот Отец, кај Својот Бог и кај вашиот Бог“ (Јован 20,17). Марија ја исполнила својата мисија. Таа им рекла на учениците дека го видела Господа и им ги прераскажала сите други подробности што Тој ги споделил со неа (Јован 20,18).

**Прочитајте го текстот 1. Коринќаните 15,12-20. Според Павле, од каква полза би била нашата христијанска вера ако Христос не станал од мртвите?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Копнежот на вековите* од Елена Г. Вајт, прочитајте ги поглавјата со наслов: „Се сврши“, стр. 758-764 оригинал; „Господ воскресна“, стр. 779-787 оригинал и „Зошто плачеш?“, стр. 788-794 оригинал. Ако сте во можност, видете и Clifford Goldstein, *Risen: Finding Hope in the Empty Tomb* (Nampa, ID: Pacific Press, 2020).

„Пилат копнеел да го ослободи Исуса. Меѓутоа, увидел дека тоа не може да го стори и да ја сочува својата положба и чест. Побргу избрал да жртвува еден невин живот отколку да ја загуби својата световна моќ. Колку многу има такви кои, за да ја избегнат штетата или страдањата, на сличен начин го жртвуваат начелото. Совеста и должноста укажуваат на еден пат, а личната корист на друг. Струјата силно се движи во погрешен правец, и оној што склучува спогодби со злото, бидува однесен во густата темнина на кривицата“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 738 оригинал).

„Христос не го предал својот живот додека не го завршил делото што дошол да го изврши и додека со здивот што го напуштал не извикнал: ‘Се сврши’ (Јован 19,30). Битката е извојувана. Неговата десница и света рака му донела победа. Како победник, Тој го поставил своето знаме на вечните висини. Зар меѓу ангелите немало радост? Цело небо ја прославувало победата на Спасителот. Сатаната бил победен и знаел дека неговото царство пропаднало.

За ангелите и за безгрешните светови извикот ‘Се сврши’ имал длабоко значење. И за нив и за нас е извршено тоа големо дело на откупување. Тие со нас ги делат плодовите на Христовата победа“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 758 оригинал).

**ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР**

1. **Кој процес на донесување одлуки може да ви помогне да избегнете да ја направите грешката што ја направил Пилат?**
2. **Зошто Исус морал да умре наместо нас? Зошто Тој морал да биде наша замена? Зошто Неговата смрт била неопходна за ние да бидеме спасени? Кои библиски стихови го поткрепуваат вашиот одговор?**
3. **Каков однос постои меѓу библиските и историските докази во прилог на верувањето во Исусовото воскресение? Односно, кои историски докази силно го потврдуваат Исусовото воскресение?**
4. **Размислувајте за текстот 1. Коринќаните 15,12-20. Каква смисла би имала изјавата дека, без Христовото воскресение, „оние, кои умреле во Христа, загинале“ (1. Коринќаните 15,18), ако оние што „умреле во Христа“ веднаш отишле на небото? Како зборовите на Павле ја потврдуваат вистината дека мртвите спијат сѐ до воскресението при Христовото враќање?**

Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица

**Лекција 13**
**21 до 27 декември**

# ЕПИЛОГ: ДА СЕ ПОЗНАВА ИСУС И НЕГОВОТО СЛОВО



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Јован 21; Јован 11,9.10; Јован 8,42-44; Јован 4,46-54; 2. Тимотеј 3,16; Јован 15,1-11.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Вие ги проучувате Писмата, зашто мислите дека имате вечен живот во нив; и тие сведочат за Мене“ (Јован 5,39).**

Евангелието според Јован, како и Марковото, завршува со средба во Галилеја. Оваа последна лекција од Евангелието според Јован се занимава со таа средба, но ја поврзува со темата за тоа како го запознаваме Исуса и Божјото Слово – концепт што се провлекува низ целото четврто Евангелие.

Иако поминале повеќе од три години со Него, учениците сè уште биле во голема мера неподготвени за распнувањето и воскресението, и покрај тоа што Исус постојано им кажувал дека тоа ќе се случи.

За жал, тие не се држеле за Неговиот збор.

И ние денес сме во опасност да го направиме истото – да го слушаме, па дури и да го читаме Божјото Слово, но навистина да не го слушаме, да не живееме во него и да не го послушаме. Односно, да не го прифаќаме како светлина што треба да ги насочува нашите мисли и постапки. За жал, ова е положба во која, можеби и несвесно, се наоѓаат премногу христијани.

Во оваа последна седмица во која заедно се занимаваме со Евангелието според Јован, ќе разгледаме некои од клучните мисли на оваа книга, кои ќе ни помогнат да го надминеме само интелектуалното знаење за Исуса и, наместо тоа, подобро да Го запознаеме Него, да престојуваме во Него и во Неговата Реч.

# СРЕДБАТА ВО ГАЛИЛЕЈА

**Прочитајте Јован 21,1-19. Кои клучни вистини се откриени тука, особено во врска со Божјата благодат – и човечката понизност?**

---

Текстот Јован 20 завршува со целта поради која е напишана таа книга, што би била нејзин логичен заклучок, но има уште една глава. Дваесет и првата глава започнува со враќањето на некои ученици во Галилеја и предлогот на Петар да ја поминат ноќта кај езерото. Тоа изгледа како старите времиња да се вратиле, а учениците се враќаат на стариот занает, риболовот. Но цела ноќ ништо не успеваат да уловат.

Тоа утро, таинствен странец на брегот им кажува да ги фрлат мрежите од десната страна на чамецот. Потоа ловат толку многу риби што не можат да ги извлечат мрежите. Тоа потсетува на почетокот на нивната служба со Исуса (видете: Лука 5,1-11). Јован во истиот миг го препознава Исуса и му го кажува тоа на Петар, кој веднаш скока во водата и плива кон брегот.

Потоа Исус му поставува на Петар три прашања и сите се однесуваат на љубовта спрема Учителот. Пред распнувањето, Петар решително тврдел дека би го положил својот живот за Исуса (Јован 13,37). Тогаш Исус го прорекол неговото трикратно откажување (Јован 13,38). На овој состанок во Галилеја, Петар не се зема себеси како „референтна точка“, туку таа улога му ја препушта на Исуса: „Господи, Ти знаеш сѐ, Ти знаеш дека те сакам“ (Јован 21,17).

Некои забележуваат дека Исус го користи глаголот agapaō, што значи да се љуби, кога го испрашува Петар (освен последниот пат), а Петар секој пат одговара со phileō, што значи да се љуби, но само во пријателска смисла. Ова би значело дека Петар сѐ уште не го достигнал повозвишениот вид на љубов.

Всушност, во суштината на одговорот на Петар е понизноста. Имајќи го постојано пред очи својот неодамнешен пад, Петар веројатно бил повеќе склон понизно да употреби „помалку силен израз“, не осмелувајќи се да изнесува никакви крупни тврдења за самиот себе. Тоа е понизноста што ја одобрува Исус и која е од пресудна важност за враќањето на Петар во служба. Без сомнение, понизноста е една од највисоките квалификации за служба, бидејќи во фокусот го става Исуса Христа, а не сопственото „јас“.

Враќањето на Петар и неговата улога како водач во раната црква се еден од најсилните докази во прилог на тоа дека Исус станал од мртвите. Бидејќи би било тешко да се објасни таа истакната улога на Петар, ако Исус, во присуство на другите ученици, не го вратил во служба.

**Зошто понизноста има толку клучна важност за секој што тежнее да го запознае Господа? Во светлината на крстот, со што може кој било од нас да се гордее?**

# ДА ГО ДРЖИМЕ ПОГЛЕДОТ ВПЕРЕН ВО ИСУСА

**Прочитајте го текстот Јован 21,20-22. Кое прашање го одвело Петар на погрешен пат? Како Исус го вратил на вистинскиот пат?**

---

Исус штотуку го вратил Петар во служба и му рекол: „Следи ме“ (Јован 21,19). Ова веројатно се однесувало на буквалното одење по Исуса долж брегот. Тоа го гледаме врз основа на тоа што Петар погледнува назад и гледа дека и Јован го следи Исуса, па поставува прашање во врска со него: „Господи, а овој што?“ (Јован 21,21)

Кога го вратил на службата, Исус исто така го прорекол и начинот на неговата смрт (Јован 21,18). Изгледа дека Петар бил љубопитен и во врска со смртта на Јован. Меѓутоа, Исус го пренасочил неговото внимание на прашањето да Го следи, велејќи му да не се грижи што ќе се случи со другиот ученик.

**Прочитајте го текстот Јован 21,23-25. Во која смисла оваа Исусова изјава е погрешно сфатена? Како апостол Јован го исправил тоа недоразбирање?**

---

Луѓето погрешно разбрале што сакал Исус да каже кога рекол: „Ако сакам тој да остане додека не дојдам, што ти е тебе? Ти следи Ме!“ (Јован 21,22) Тие помислиле дека тоа значи дека Исус ќе се врати пред да умре Јован. Како што минувало времето, и Јован старееl, можело да дојде до криза ако тој умре (што, се разбира, на крајот тоа и се случило), а Исус не се врати пред тоа. Затоа Јован го исправа тоа погрешно сфаќање, посочувајќи дека тоа било прашање на Исусовата волја, а не пророштво за тоа што ќе се случи.

Идејата да се сосредоточиме на Исуса наместо на другите луѓе, претставува моќен вовед во остатокот од лекцијата оваа седмица. Исус и само Исус е нашиот Спасител. Луѓето неизбежно ќе ве разочараат, а можеби и ќе ве повредат.

Вистините со кои се занимаваме во делот од поуката од вторник до четврток се надоврзуваат на темата за разбирање на Божјата реч, со цел да го запознаеме и да го следиме Исуса, кој треба да биде наш единствен Учител и Водич – без оглед на помошта, советите и водството што другите би можеле да ни ги дадат.

**Колку често сте биле разочарани од луѓето на кои можеби и сте се угледале? Кои поуки, колку и да биле тешки, ги научивте од тоа искуство?**

## СВЕТЛИНА И ТЕМНИНА

**Прочитајте ги следните текстови: Јован 1,4-10; Јован 3,19-21; Јован 5,35; Јован 8,12; Јован 9,5; Јован 11,9.10 и Јован 12,35. Кој голем контраст е прикажан овде, и зошто овој контраст е од толку темелна важност за разбирањето на вистината?**

________________________________________________________

________________________________________________________

Светот е во темнина. Тој ја избегнува светлината и не може сам од себе да го најде патот до вистинскиот Бог, Бог кој е личност – Бог на создавањето, откровението и откупувањето.

„Човечкиот род сам од себе никогаш не може да го досегне познавањето на божественото. 'Повисоко е од небото: што уште да сториш? Подлабоко е од гробот: што уште да мудруваш?' (За Јов 11,8). Единствено духот на посинувањето може да ни ги открие длабоките Божји дела – 'она што окото не видело, што увото не чуло, на што човечкото срце не помислило'. 'А нам тоа ни го открил Бог преку Духот'" (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 412 оригинал).

Само Исус Христос го „објавил" Отецот (Јован 1,18). Грчкиот глагол што се користи тука е egzēgeomai, што значи „протолкува", „објаснува", „изложува". Јован го претставува Исуса како небесен гласник, како Оној кој објаснува што значи да се познава Бог. Само преку Исуса можеме вистински да го запознаеме Бога.

**Прочитајте го текстот Јован 8,42-44. Како Исус го опишува лажниот темел на кој верските водачи во Израел ја засновале својата вера?**

________________________________________________________

________________________________________________________

Оние кои не стојат во вистината зборуваат врз основа на сопствени извори на знаења. Смислата на текстот ја „гледаат" само од човечка перспектива. Спротивно на тоа, ние мора да го прифатиме фактот дека Христос е светлината на светот и да го следиме во нашето толкување на Неговата Реч. За разлика од тоа, ѓаволот го кажува „она што му е својствено" (Јован 8,44). Ако не бидеме внимателни и не се предадеме со вера и послушност на Бога, ни се заканува опасноста да го направиме истото – да го читаме текстот во согласност со нашите сопствени желби, стремежи и сфаќања, што може да се случи полесно отколку што мислиме.

**Како реагирате на вистините кои не ви се пријатни, а како, всушност, би требало да реагирате на нив?**

# ТЕОЛОГИЈАТА „ОДОЗГОРА“ И „ОДОЗДОЛА“

**Прочитајте го текстот Јован 4,46-54. Кој проблем го довел овој царев службеник кај Исуса, а кој вистински проблем се криел зад тоа?**

___

___

Тој човек дошол кај Исуса, Светлината на светот, но одлучил да верува само ако Тој му го исцели детето. Би можеле да кажеме дека теологијата на човекот била „теологија одоздола“. Таквата теологија поставува правила и критериуми за Бога и Неговата Реч. Човечките идеи, полни со недостатоци, ограничени и субјективни, а такви и се, стануваат краен авторитет за толкување на Божјата реч. Колку е опасно да се падне во таа стапица!

Теологијата „одозгора“, наспроти тоа, одговара со вера, ставајќи ги Бога и Неговата Реч на прво место (Јован 4,48; Јован 6,14.15; 2. Тимотеј 3,16). Кога Библијата се прифаќа со вера, таа станува сопствен толкувач. Погледот на светот од гледна точка на Светото писмо, наместо од модерната филозофија, претставува водич за разбирање и толкување на Библијата. Човечките сфаќања мора да бидат подредени на Божјото Слово, а не обратно.

Мора да веруваме во зборовите на Светото писмо ако сакаме да веруваме во Исусовите зборови (Јован 5,46.47). „Ако пребивате во Моето слово, навистина сте Мои ученици“ (Јован 8,31). Ако се сомневаме во Божјото слово, Неговото Слово не може да живее во нас (Јован 5,38). „Кој Ме отфрла Мене и не ги прима Моите зборови, има свој судија: Словото – што го изговорив – тоа ќе му суди во последниот ден. Зашто Јас не зборував Сам од Себе, туку Мојот Татко, Кој Ме прати, Тој Ми даде заповед што да речам и што да зборувам“ (Јован 12,48.49).

Слушањето на Божјата реч подразбира нешто повеќе од пасивно примање информации. Тоа подразбира и извршување на Божјата волја. Тоа е активен одговор на слушањето на Словото. „Ако некој сака да ја исполнува Неговата волја, ќе знае дали е наукава од Бога, или зборувам Сам од Себе“ (Јован 7,17).

А тоа слушање и спроведување на Божјата реч е израз на љубов кон Него. „Ако некој Ме љуби, ќе го држи Моето Слово, и Мојот Татко ќе го љуби: при него ќе дојдеме и при него ќе се настаниме“ (Јован 14,23).

**Каков однос постои меѓу нашата љубов спрема Исуса и послушноста? Зошто секој вид „послушност“ што не се заснова на љубовта нѐ доведува во опасност од легализам?**

## ПРЕСТОЈУВАЊЕ ВО ИСУСА

**Прочитајте го текстот Јован 12,32. Како оваа впечатлива вистина го опишува авторитетот на Исуса Христа?**

________________________________________________________

________________________________________________________

Како што видовме во нашите лекции во текот на целото ова тримесечје, Евангелието според Јован нѐ привлекува кон Исуса, но само ако сме желни да го запознаеме Бога и да ја извршуваме Неговата волја. Во сето ова Евангелие, луѓето кои се сретнуваат со Исуса или ја прифаќаат светлината и растат, или ја отфрлаат светлината и стануваат слепи. Никодим, жената кај бунарот, царевиот службеник, човекот во бањата Витезда, 5.000 луѓе нахранети со леб и риба, Исусовите браќа, верските водачи, човекот слеп од раѓање, Марија и Марта, Пилат – сите тие се сретнале со Исуса и направиле избор во врска со вистината и светлината што Тој ја донел.

Теологијата одоздола започнува со човечка аргументација за да се утврди и испита Божјото постоење и Неговата природа. На човечката перспектива, недостаточна, падната, полна со предрасуди, ѝ се дава предност пред Божественото, светото, совршеното, сезнајното. Теологијата одоздола гарантирано ги води луѓето на погрешен пат, како што правела во минатото, и како што ќе прави во иднина (видете Откровение 14,1-12), кога човечката мудрост, која сака да го замени божественото, ќе се обиде да му наметне лажно богослужение на светот.

**Прочитајте Јован 15,1-11. Која е тајната на духовниот раст и здравје?**

________________________________________________________

________________________________________________________

Тајната е да во одржувањето врска со Исуса. Тој е Словото Божјо, Лебот на животот, Светлината на светот, Врата на овците, добриот Пастир, Воскресението и Животот, Патот, Вистината и Животот и вистинскиот Чокот.

Личностите на Божеството и нивното Слово се како магнети. Ако не им се спротивставиме, тие ќе нѐ привлечат кон нив. „Божјиот глас ни говори преку Неговата реч, но има многу гласови што ќе ги слушнеме. А Христос рекол дека треба да се чуваме од оние кои ќе говорат: Христос е овде или Христос е онде. Според тоа, како ќе знаеме дека тие ја немаат вистината, освен ако сите работи не ги споредуваме со Светото писмо?“ (Ellen G. White, The Advent Review and Sabbath Herald, April 3, 1888). А потоа мора да ги подредиме нашите сфаќања на оние кои се изложени во Божјата реч.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Божјиот агол на посматрање во голема мера се разликува од човечкиот. Бог го споделува тој свој агол на посматрање со нас преку неговата Реч, Библијата, под силата на Светиот Дух. Наш избор е дали сакаме да одиме во темнина или да ја прифатиме светлината што доаѓа од Исуса Христа, а која е откриена во Неговата Реч.

Тој избор подразбира наша лична преданост на Исуса Христа, Синот Божји и Искупителот на човештвото. Преку силата на Светиот Дух, Бог Отецот ни ја открил – преку Исусовиот живот, смрт и воскресение – длабочината на неговата љубов. А за Исуса знаеме затоа што извештаите за Неговиот живот, смрт и воскресение се запишани во Божјата реч.

„Божјите ангели постојано се во движење меѓу Земјата и небото и небото и Земјата. Христовите чуда за ујадените и измачените биле сторени со Божја сила преку службата на ангелите. Секој благослов од Бога ни доаѓа преку Христа со службата на неговите небесни весници. Земајќи на себе човечка природа, нашиот Спасител своите интереси ги соединил со интересите на паднатите Адамови синови и ќерки, додека со својата божествена природа се држел за Божјиот престол. На тој начин Христос е посредник во врската на луѓето со Бога и на Бога со луѓето“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 143 оригинал).

**ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР**

1. **Од сите стории во Евангелието според Јован, која ви зборува најгласно вам лично за Божјата љубов и Неговиот карактер? Споделете со членовите на вашата класа зошто ја сметате таа сторија толку убедлива.**
2. **Како, во практична смисла, би требало да се трага по вистината?**
3. **Зошто е толку тешко да се тргне на страна сопственото „јас“ како најмеродавно нешто за сфаќање на вистината? Можеме ли некогаш целосно да го направиме тоа, или нашата човечка природа, до одредена мера, сепак ќе влијае на тоа како гледаме на Светото писмо? Зошто мораме да го признаеме овој факт, и како понизноста ни помага нашите предрасуди да ги потчиниме на Божјата реч?**
4. **Историјата на западното христијанство е полна со ужасни примери за тоа што се случува кога Божјата реч е подредена на политиката и на човечките предрасуди. Кои се некои од тие примери и кои поуки можеме да извлечеме од нив денес, кога станува збор за тоа колку е опасно човечкиот агол на гледање да стане доминантен филтер за „толкување“ на Библијата?**
5. **Сумирајте ја со свои зборови поширокста слика што ни ја дава Евангелието според Јован. Која е неговата централна порака за нас денес?**

# УТРИНСКИ СТИХОВИ – ОКТОМВРИ
# **ИСУС – НАШ ПРОСВЕШТЕНИК**

## ПОНИЖУВАЊЕ НА ЦАРОТ

### ВО СВЕТИЊАТА НАД СВЕТИЊИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| *1. Вторник* | **Даниел 8,13.** | *Централниот столб на адвентизмот* |
| *2. Среда* | **Евреите 9,11.** | *Правилно разбирање на небесното Светилиште* |
| *3. Четврток* | **Евреите 10,12.** | *Во Светињата над светињите* |
| *4. Петок* | **Евреите 9,1.** | *Слика на небесното Ѕветилиште* |
| *5. Сабота* | **Евреите 10,23.** | *Светилиштето и судот мора јасно да се разберат* |

### ВИСТИНСКИ ПОСРЕДНИК

| | | |
|---|---|---|
| *6. Недела* | **Евреите 8,1,2.** | *Христовото посредување е важно* |
| *7. Понеделник* | **Евреите 8,5.** | *Две Светилишта* |
| *8. Вторник* | **Евреите 8,3.** | *Значењето на службата во Светилиштето* |
| *9. Среда* | **Евреите 9,24.** | *Пристап до Бога* |
| *10. Четврток* | **Евреите 4,16.** | *Вистински посредник* |
| *11. Петок* | **Евреите 9,6.** | *Делото во првото одделение* |
| *12. Сабота* | **Евреите 9,7.** | *Делото во второто одделение* |

### ГЛЕДАЈТЕ, МЛАДОЖЕНЕЦОТ ДОАЃА

| | | |
|---|---|---|
| *13. Недела* | **Евреите 9,3.4.** | *Единство на правдата и милоста* |
| *14. Понеделник* | **Матеј 25,13**. | *Гледајте, Младоженецот доаѓа* |
| *15. Вторник* | **Откровение 10,10.** | *Доба на криза* |
| *16. Среда* | **Даниел 7,13.** | *Пред Старецот* |
| *17. Четврток* | **Јаков 2,12.** | *Мерило на судот* |
| *18. Петок* | **Даниел 7,10.** | *Книгите на небесните извештаи* |
| *19. Сабота* | **Еремија 33,8.** | *Помилуван* |

### ИСУС ЈА ЗАВРШИЛ СВОЈАТА СЛУЖБА

| | | |
|---|---|---|
| *20. Недела* | **Матеј 16,27.** | *Делење на наградата* |
| *21. Понеделник* | **Евреите 11,6.** | *Крајот на Исусовото дело како свештеник и посредник* |
| *22. Вторник* | **Матеј 25,23.** | *Зборови на одобрување* |
| *23. Среда* | **Лука 14,23.** | *Спасете ги душите пред Исус да ја заврши својата служба* |
| *24. Четврток* | **Откровение 10,7.** | *Крај на времето на милоста* |
| *25. Петок* | **Лука 10,18.** | *Сатаната падна како молња* |
| *26. Сабота* | **Мудри изреки 11,20.** | *Исусовиот мил народ* |

### ИСУС, ПРАВЕДЕН СУДИЈА

| | | |
|---|---|---|
| *27. Недела* | **Матеј 27,51.** | *Од земниот до небесниот Храм* |
| *28. Понеделник* | **Евреите 4,14.** | *Работејќи со нашиот Првосвештеник* |
| *29. Вторник* | **Евреите 3,1.** | *Исус не ја заборава својата Црква* |
| *30. Среда* | **Евреите 2,17.** | *Исус, праведен судија* |
| *31. Четврток* | **1. Јованово 2,1.** | *Совршено помирување* |

# УТРИНСКИ СТИХОВИ – НОЕМВРИ

## ГОЛЕМАТА БОРБА

### ПОТЕКЛОТО НА ГРЕВОТ НЕ МОЖЕ ДА СЕ ОБЈАСНИ

| | | |
|---|---|---|
| *1. Петок* | **Откровение 12,7.** | *Потеклото на гревот не може да се објасни* |
| *2. Сабота* | **Исаија 14,14.** | *Себичноста, коренот на гревот* |

### ПОСТОЈАНА ЗАШТИТА

| | | |
|---|---|---|
| *3. Недела* | **Откровение 12,9.** | *Луцифер е соборен* |
| *4. Понеделник* | **Откровение 12,11.** | *Непријателство* |
| *5. Вторник* | **Јаков 4,7.** | *Всадена благодат* |
| *6. Среда* | **1. Јованово 3,6.** | *Ниту едно грешно дело не е можно без согласност* |
| *7. Четврток* | **Јован 17,1.** | *Оправдување на Божјиот карактер* |
| *8. Петок* | **Лука 4,6.** | *Тврдењето на сатаната* |
| *9. Сабота* | **Наум 1,9.** | *Постојана заштита* |

### ЗАВРШНОТО ДЕЛО НА ИЗМАМА

| | | |
|---|---|---|
| *10. Недела* | **Откровение 12,17.** | *Сатанскиот план за напад* |
| *11. Понеделник* | **Откровение 12,12.** | *Сатаната е уништувач* |
| *12. Вторник* | **Откровение 13,16.** | *Наметнување на неделниот закон* |
| *13. Среда* | **Матеј 24,24.** | *Завршното дело на измама* |
| *14. Четврток* | **Матеј 24,26.** | *Божјиот народ нема да биде измамен* |
| *15. Петок* | **1. Царевите 18,17.** | *Тие што му носат несреќа на народот* |
| *16. Сабота* | **Матеј 28,19.** | *Евангелскиот налог* |

### ПОМОШТА НА СВЕТИОТ ДУХ

| | | |
|---|---|---|
| *17. Недела* | **Јован 17,21.** | *Вистината ќе го освои светот* |
| *18. Понеделник* | **Дела 1,5.** | *Помошта на Светиот Дух* |
| *19. Вторник* | **Осија 6,3.** | *Силата на позниот дожд* |
| *20. Среда* | **Откровение 18,4.** | *Излезете од Вавилон* |
| *21. Четврток* | **Откровение 14,9.10.** | *Божјиот одговор на обвиненијата на сатаната* |
| *22. Петок* | **Еремија 51,47.** | *Откриени гревовите на Вавилон* |
| *23. Сабота* | **Матеј 10,18.** | *Државниците придобиени за вистината* |

### БОГ Е НАШАТА ОДБРАНА

| | | |
|---|---|---|
| *24. Недела* | **Откровение 16,13.14.** | *Мора да знаете зошто верувате во она во што верувате* |
| *25. Понеделник* | **Евреите 12,28.** | *Крај на времето на милоста* |
| *26. Вторник* | **1. Мојсеева 32,24.** | *Времето на Јакововите маки* |
| *27. Среда* | **Даниел 12,1.** | *Бог е нашата одбрана* |
| *28. Четврток* | **Откровение 6,10.** | *Молитвите ќе бидат услишени* |
| *29. Петок* | **Откровение 22,17.** | *Под Господовото знаме* |
| *30. Сабота* | **Откровение 22,4.** | *Победа во големата борба* |

## УТРИНСКИ СТИХОВИ – ДЕКЕМВРИ

# ПОЧЕТОК НА ВЕЧНОСТА

### КОНЕЧНО СИГУРНИ

| | | |
|---|---|---|
| *1. Недела* | ***Дела 1,6.*** | *Христос можел да дојде* |
| *2. Понеделник* | ***Малахија 3,17.*** | *Божјото богатство* |
| *3. Вторник* | ***Исаија 25,9.*** | *Возвик на победа* |
| *4. Среда* | ***Откровение 14,13.*** | *Две воскресенија* |
| *5. Четврток* | ***Откровение 11,18.*** | *Конечно сигурни* |
| *6. Петок* | ***Јаков 4,6.*** | *Божјата благодат е доволна* |
| *7. Сабота* | ***Матеј 26,64.*** | *Воскресение на изгубените* |

### ВОСКРЕСЕНИЕ НА ПРАВЕДНИЦИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| *8. Недела* | ***Еремија 25,34.*** | *Судбината на лажните пастири* |
| *9. Понеделник* | ***1. Солуњаните 4,16.*** | *Воскресение на праведните* |
| *10. Вторник* | ***1. Солуњаните 4,17.*** | *Живите праведници земени на Небо* |
| *11. Среда* | ***1. Мојсеева 5,5.*** | *Адам се враќа во првобитната положба* |
| *12. Четврток* | ***Откровение 14,1.*** | *Сто четириесет и четири илјади* |
| *13. Петок* | ***Откровение 15,3.*** | *Радоста на Божјите наследници* |
| *14. Сабота* | ***Јован 17,3.*** | *Проучувањето ќе трае цела вечност* |

### ОБНОВЕНИОТ ЕДЕМ

| | | |
|---|---|---|
| *15. Недела* | ***Евреите 1,14.*** | *Дејствувањето на ангелите откриено* |
| *16. Понеделник* | ***Откровение 20,2.*** | *Затворање на сатаната* |
| *17. Вторник* | ***Откровение 20,4.*** | *Работата на откупените во текот на милениумот* |
| *18. Среда* | ***Откровение 20,11.*** | *Редовите на откупените* |
| *19. Четврток* | ***Откровение 20,10.*** | *Чистење на Земјата* |
| *20. Петок* | ***Откровение 21,1.*** | *Обновениот Едем* |
| *21. Сабота* | ***Јован 14,2.*** | *Станови за откупените* |

### ВЕНЕЦ НА ЖИВОТОТ

| | | |
|---|---|---|
| *22. Недела* | ***Амос 5,8.*** | *Поглед на другите светови* |
| *23. Понеделник* | ***Исаија 26,2.*** | *Можности дадени од небото* |
| *24. Вторник* | ***1. Коринќаните 2,9.*** | *Ниту една заостаната трага од зло* |
| *25. Среда* | ***Откровение 2,10.*** | *Венец на животот* |
| *26. Четврток* | ***Откровение 2,11.*** | *Црвен раб* |
| *27. Петок* | ***Јован 17,24.*** | *Учесници во Исусовата слава* |
| *28. Сабота* | ***Откровение 14,3.*** | *Песни кои треба да се пеат* |

### НЕБОТО ПОЧНУВА ВО ДУШАТА

| | | |
|---|---|---|
| *29. Недела* | ***Откровение 3,11.*** | *Гледање на славата* |
| *30. Понеделник* | ***Матеј 22,37.*** | *Небото почнува во душата* |
| *31. Вторник* | ***Откровение 22,21.*** | *Крај на борбата* |

# ДОПИСНА БИБЛИСКА ШКОЛА НА ИНТЕРНЕТ

























Дописната библиска школа – „Библијата зборува“ е достапна и на интернет; извонредна можност многу луѓе да се запознаат со Библијата и нејзините вистини. Најновата веб-страница нуди осум нови дописни школи: Славните вистини на Библијата, Верувањата на раните христијани. Археологијата – ископување на минатото, Тајните на пророштвата, Сторијата за апостол Павле, Потрага и Здравјето на дофат. Проучувајте онлајн и споделувајте ја Радосната вест!

**ПОРАЧКИ:**

- кај вашиот повереник за литература,
- на поштенски фах 215, 1000 Скопје
- или на тел. 02 / 20 30 777

# СЕКОЈДНЕВНО ЧИТАЊЕ НА БИБЛИЈАТА

## ***Октомври***

| | |
|---|---|
| 1. | Амос 1-3 |
| 2. | 4-6 |
| 3. | 7-9 |
| 4. | Авдија и Јона 1-4 |
| **5.** | Михеј 1-4 |
| | |
| 6. | 5-7 |
| 7. | Наум 1-3 |
| 8. | Авакум 1-3 |
| 9. | Софонија 1-3 |
| 10. | Агеј 1-2 |
| 11. | Захарија 1-3 |
| **12.** | 4-6 |
| | |
| 13. | 7-10 |
| 14. | 11-14 |
| 15. | Малахија 1-4 |
| 16. | Матеј 1-5 |
| 17. | 6-8 |
| 18. | 9-11 |
| **19.** | 12-13 |
| | |
| 20. | 14-15 |
| 21. | 16-17 |
| 22. | 18-20 |
| 23. | 21-25 |
| 24. | 26-28 |
| 25. | Марко 1-3 |
| **26.** | 4-6 |
| | |
| 27. | 7-9 |
| 28. | 10-13 |
| 29. | 14-16 |
| 30. | Лука 1-3 |
| 31. | 4-6 |

## ***Ноември***

| | |
|---|---|
| 1. | Лука 7-8 |
| **2.** | 9-11 |
| | |
| 3. | 12-14 |
| 4. | 15-17 |
| 5. | 18-20 |
| 6. | 21-22 |
| 7. | 23-24 |
| 8. | Јован 1-3 |
| **9.** | 4-6 |
| | |
| 10. | 7-9 |
| 11. | 10-12 |
| 12. | 13-15 |
| 13. | 16-18 |
| 14. | 19-21 |
| 15. | Дела 1-3 |
| **16.** | 4-6 |
| | |
| 17. | 7-9 |
| 18. | 10-12 |
| 19. | 13-15 |
| 20. | 16-18 |
| 21. | 29-23 |
| 22. | 24-26 |
| **23.** | 27-28 |
| | |
| 24. | Римјаните 1-3 |
| 25. | 4-6 |
| 26. | 7-9 |
| 27. | 10-12 |
| 28. | 13-16 |
| 29. | 1. Кор. 1-5 |
| **30.** | 6-9 |

## ***Декември***

| | |
|---|---|
| 1. | 1. Кор. 10-12 |
| 2. | 13-16 |
| 3. | 2. Кор. 1-5 |
| 4. | 6-9 |
| 5. | 10-13 |
| 6. | Галатјаните 1-3 |
| **7.** | 4-6 |
| | |
| 8. | Ефешаните 1-6 |
| 9. | Филипјаните1-4 |
| 10. | Колошаните 1-4 |
| 11. | 1. Солуњаните 2-5 |
| 12. | 2. Солуњаните 1-3 |
| 13. | 1. Тимотеј 1-6 |
| **14.** | 2. Тимотеј 1-4 |
| | |
| 15. | Тит и Филимон |
| 16. | Евреите 1-5 |
| 17. | 6-9 |
| 18. | 10-13 |
| 19. | Јаков 1-5 |
| 20. | 1. Петрово 1-3 |
| **21.** | 2. Петрово 1-3 |
| | |
| 22. | 1. Јованово 1-3 |
| 23. | 4-5 |
| 24. | 2. и 3. Јованово |
| 25. | Judино послание |
| 26. | Откровение |
| 27. | 5-9 |
| **28.** | 10-13 |
| | |
| 29. | 14-16 |
| 30. | 17-19 |
| 31. | 20-22 |

# ВЕЧЕРНО БОГОСЛУЖЕНИЕ ВО СЕМЕЈСТВОТО

## *Октомври*

1. Псалм 79.
2. Псалм 80.
3. Псалм 81.
4. Псалм 82.
**5.** Псалм 83.
6. Псалм 84.
7. Псалм 85.
8. Псалм 86.
9. Псалм 87.
10. Псалм 88
11. Псалм 89,1-13.
**12.** Псалм 89,14-26.
13. Псалм 89,27-39.
14. Псалм 89,40-52.
15. Псалм 90.
16. Псалм 91.
17. Псалм 92.
18. Псалм 93.
**19.** Псалм 94.
20. Псалм 95.
21. Псалм 96.
22. Псалм 97.
23. Псалм 98.
24. Псалм 99.
25. Псалм 100.
**26.** Псалм 101.
27. Псалм 102,1-14.
28. Псалм 102,15-28.
29. Псалм 103.
30. Псалм 104,1-18.
31. Псалм 104,19-35.

## *Ноември*

1. Псалм 105,1-15.
**2.** Псалм 105,16-31.
3. Псалм 105,32-45.
4. Псалм 106,1-16.
5. Псалм 106,17-32.
6. Псалм 106,33-48.
7. Псалм 107,1-21,
8. Псалм 107,22-43.
**9.** Псалм 108.
10. Псалм 109,1-16.
11. Псалм 109,17-31.
12. Псалм 110.
13. Псалм 111.
14. Псалм 112.
15. Псалм 113.
**16.** Псалм 114.
17. Псалм 115.
18. Псалм 116.
19. Псалм 117.
20. Псалм 118,1-14.
21. Псалм 118,15-29.
22. Псалм 119,1-14.
**23.** Псалм 119,15-29
24. Псалм 119,30-43
25. Псалм 119,44-56.
26. Псалм 119,57-90.
27. Псалм 119,91-117.
28. Псалм 119,118-143.
29. Псалм 119,144-176.
**30.** Псалм 120.

## *Декември*

1. Псалм 121.
2. Псалм 122.
3. Псалм 123.
4. Псалм 124.
5. Псалм 125.
6. Псалм 126.
**7.** Псалм 127.
8. Псалм 128.
9. Псалм 129.
10. Псалм 130.
11. Псалм 131.
12. Псалм 132.
13. Псалм 133.
**14.** Псалм 134.
15. Псалм 135.
16. Псалм 136,1-14.
17. Псалм 136,15-26.
18. Псалм 137.
19. Псалм 138.
20. Псалм 139.
**21.** Псалм 140.
22. Псалм 141.
23. Псалм 142.
24. Псалм 143.
25. Псалм 144.
26. Псалм 145.
27. Псалм 146.
**28.** Псалм 147.
29. Псалм 148.
30. Псалм 149.
31. Псалм 150.

*Им предлагаме на верниците овие текстови да ги читаат во текот на вечерното богослужение во своето семејство.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| ОКТОМВРИ 2024 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
| | *4.* | *11.* | *18.* | *25.* |
| **Виница** | **18:07** | **17:56** | **17:45** | **17:34** |
| **Колешино** | **18:06** | **17:55** | **17:44** | **17:34** |
| **Стар Дојран** | **18:07** | **17:55** | **17:45** | **17:35** |
| **Куманово** | **18:10** | **17:59** | **17:48** | **17:37** |
| **Неготино** | **18:09** | **17:58** | **17:47** | **17:37** |
| **Струмица** | **18:07** | **17:56** | **17:45** | **17:35** |
| **Кочани** | **18:08** | **17:56** | **17:45** | **17:35** |
| **Велес** | **18:10** | **17:59** | **17:48** | **17:38** |
| **Кавадарци** | **18:10** | **17:58** | **17:47** | **17:37** |
| **Дебар** | **18:15** | **18:04** | **17:53** | **17:43** |
| **Скопје** | **18:12** | **18:00** | **17:49** | **17:39** |
| **Битола** | **18:12** | **18:01** | **17:50** | **17:40** |
| **Кичево** | **18:14** | **18:02** | **17:51** | **17:41** |
| **Лаки** | **18:07** | **17:55** | **17:44** | **17:34** |
| **Чифлик** | **18:09** | **17:57** | **17:46** | **17:36** |
| **Штип** | **18:09** | **17:57** | **17:46** | **17:36** |
| **Тетово** | **18:13** | **18:02** | **17:51** | **17:40** |
| **Јегуновце** | **18:13** | **18:01** | **17:50** | **17:40** |
| **Росоман** | **18:10** | **17:58** | **17:47** | **17:37** |
| **Гевгелија** | **18:08** | **17:56** | **17:46** | **17:36** |
| **Свети Николе** | **18:10** | **17:58** | **17:47** | **17:37** |
| **Делчево** | **18:06** | **17:55** | **17:44** | **17:33** |
| **Валандово** | **18:07** | **17:56** | **17:45** | **17:35** |
| **Охрид** | **18:15** | **18:03** | **17:52** | **17:42** |
| **Радовиш** | **18:08** | **17:56** | **17:45** | **17:35** |
| **Прилеп** | **18:11** | **18:00** | **17:49** | **17:39** |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

### НОЕМВРИ 2024

| МЕСТО | ДАТУМ | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1. | 8. | 15. | 22. | 29. |
| Виница | 16:25 | 16:17 | 16:10 | 16:05 | 16:02 |
| Колешино | 16:25 | 16:17 | 16:10 | 16:05 | 16:02 |
| Стар Дојран | 16:25 | 16:18 | 16:11 | 16:06 | 16:03 |
| Куманово | 16:28 | 16:20 | 16:13 | 16:07 | 16:04 |
| Неготино | 16:27 | 16:19 | 16:13 | 16:08 | 16:04 |
| Струмица | 16:25 | 16:17 | 16:11 | 16:06 | 16:02 |
| Кочани | 16:25 | 16:17 | 16:10 | 16:05 | 16:02 |
| Велес | 16:28 | 16:20 | 16:13 | 16:08 | 16:05 |
| Кавадарци | 16:28 | 16:20 | 16:13 | 16:08 | 16:05 |
| Дебар | 16:34 | 16:26 | 16:19 | 16:14 | 16:11 |
| Скопје | 16:29 | 16:21 | 16:14 | 16:09 | 16:06 |
| Битола | 16:31 | 16:23 | 16:17 | 16:12 | 16:09 |
| Кичево | 16:32 | 16:24 | 16:17 | 16:12 | 16:09 |
| Лаки | 16:25 | 16:16 | 16:10 | 16:05 | 16:01 |
| Чифлик | 16:27 | 16:19 | 16:12 | 16:07 | 16:04 |
| Штип | 16:27 | 16:18 | 16:12 | 16:07 | 16:03 |
| Тетово | 16:31 | 16:23 | 16:16 | 16:11 | 16:07 |
| Јегуновце | 16:30 | 16:22 | 16:15 | 16:10 | 16:07 |
| Росоман | 16:28 | 16:20 | 16:13 | 16:08 | 16:05 |
| Гевгелија | 16:26 | 16:19 | 16:12 | 16:07 | 16:04 |
| Свети Николе | 16:27 | 16:19 | 16:12 | 16:07 | 16:04 |
| Делчево | 16:24 | 16:16 | 16:09 | 16:04 | 16:00 |
| Валандово | 16:26 | 16:18 | 16:11 | 16:06 | 16:03 |
| Охрид | 16:33 | 16:25 | 16:19 | 16:14 | 16:11 |
| Радовиш | 16:26 | 16:18 | 16:11 | 16:06 | 16:02 |
| Прилеп | 16:30 | 16:22 | 16:15 | 16:10 | 16:07 |

**Податоците во табелата изведени се според зимското сметање на времето.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ДЕКЕМВРИ 2024 | | | |
| | 6. | 13. | 20. | 27. |
| Виница | 16:00 | 16:00 | 16:03 | 16:07 |
| Колешино | 16:00 | 16:01 | 16:03 | 16:07 |
| Стар Дојран | 16:01 | 16:02 | 16:04 | 16:08 |
| Куманово | 16:02 | 16:03 | 16:05 | 16:09 |
| Неготино | 16:03 | 16:03 | 16:06 | 16:10 |
| Струмица | 16:01 | 16:01 | 16:04 | 16:08 |
| Кочани | 16:00 | 16:01 | 16:03 | 16:07 |
| Велес | 16:03 | 16:04 | 16:06 | 16:10 |
| Кавадарци | 16:03 | 16:04 | 16:06 | 16:10 |
| Дебар | 16:09 | 16:09 | 16:12 | 16:16 |
| Скопје | 16:04 | 16:04 | 16:07 | 16:11 |
| Битола | 16:07 | 16:08 | 16:10 | 16:14 |
| Кичево | 16:07 | 16:08 | 16:10 | 16:14 |
| Лаки | 16:00 | 16:00 | 16:02 | 16:06 |
| Чифлик | 16:03 | 16:03 | 16:05 | 16:10 |
| Штип | 16:02 | 16:02 | 16:04 | 16:09 |
| Тетово | 16:06 | 16:06 | 16:08 | 16:13 |
| Јегуновце | 16:05 | 16:05 | 16:08 | 16:12 |
| Росоман | 16:03 | 16:04 | 16:06 | 16:10 |
| Гевгелија | 16:02 | 16:03 | 16:05 | 16:09 |
| Свети Николе | 16:02 | 16:03 | 16:05 | 16:09 |
| Делчево | 15:59 | 15:59 | 16:01 | 16:06 |
| Валандово | 16:02 | 16:02 | 16:04 | 16:08 |
| Охрид | 16:09 | 16:10 | 16:12 | 16:16 |
| Радовиш | 16:01 | 16:01 | 16:04 | 16:08 |
| Прилеп | 16:05 | 16:06 | 16:08 | 16:12 |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

# Цркви, групи и поединци на Христијанската адвентистичка црква во Република Македонија



# МОЈ ДНЕВНИК НА ПОСРЕДНИЧКА МОЛИТВА

„Според Божјиот план, како одговор на нашата молитва со вера, Бог ќе ни го даде она што не би ни го дал кога за тоа не би го молеле“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 442). „Развивајте ја навиката да разговарате со Спасителот. ... Вашето срце секогаш нека се издигнува во тивка молитва за помош, за светлина, за сила, за мудрост. Секој ваш здив нека биде молитва“ (Елена Вајт, *Пат во подобар живот,* стр. 328).